НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

број 35

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD

Издавач:
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Главен и одговорен уредник:
нотар **Виолета Ангеловска**

Редакциски одбор (по азбучен ред):
нотар **Агрон Арслани,**
д-р **Арсен Јаневски,** професор во пензија
нотар **Оливера Пешиќ,**
нотар **Лидија Рибарева,**
нотар **Лидија Смиљаноска,**
**Зулфиќар Сејфулаи,** нотар во пензија

Адреса:
НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ
бул. „8 Септември" бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816; 02 3214 448
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
ЈАСМИНА МИЛЕНКОВИЌ

Графички дизајн и техничко уредување:
СТУДИО КРУГ Скопје

Печати: МАРИНГ Скопје

Тираж: 350 примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD

НОТАРИУС број 35

# СОДРЖИНА

ГЛАВА I
АКТУЕЛНИ ТЕМИ ........ 5

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЕЃУ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ФЕДЕРАЛНАТА ГЕРМАНСКА НОТАРСКА КОМОРА ........ 7

ГЛАВА II
ДРУГИ АКТИВНОСТИ ........ 11

СРЕДБА НА ДЕЛЕГАЦИЈА НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РСМ СО ФРАНЦУСКИОТ АМБАСАДОР Г-ДИН КРИСТИАН ТИМОНИЕ ........ 13

НАСТАП НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Г-ДИН ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ НА 46-ТА СЕДНИЦА НА ЈАВНА РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАНА НА 07 НОЕМВРИ 2018 ГОДИНА ........ 15

ГЛАВА III
СТРУЧНИ ТЕМИ ........ 21

ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ И ДОСТАВА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ (СЛ. ВЕСНИК НА РМ БР. 233/18) – ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА, ПРОБЛЕМИ И ДИЛЕМИ,
Судија Наталија Донева, Заменик претседател на Основен граѓански суд Скопје ........ 23

РЕШЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ И ПРИГОВОР ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО СО КОЕ Е ИЗДДЕН НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ
д-р Арсен Јаневски - редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје во пензија ........ 44

НОТАРСКИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ СПОРЕД ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ
Теофил Томановиќ судија во пензија ........ 67

ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕТО НА ТЕРОРИЗАМ ВО НОТАРСКИОТ СЕКТОР
материјал од меѓународната унија на латински нотаријати ........ 82

ГЛАВА IV
ИНФОРМАЦИИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ НОТАРИЈАТ
**Извештаи од службени патувања во странство** ........ 107

СОДРЖИНА

ИЗВЕШТАЈ ОД ТРЕТТА ПЛЕНАРНА СЕСИЈА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА (КАЕ) ПРИ УИНЛ – ЛЕГИСЛАТИВА 2017-2019 одржана во Мадрид, Шпанија од 21 – 23 јуни 2018 год. . . . 109

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК НА ТЕМА „ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ И ЈАВНИТЕ РЕГИСТРИ" одржан во Сараево, Федерација Босна и Херцеговина на 3 и 4 јули 2018 год. . . . 127

ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАЛЕН РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК НА ТЕМА „ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ И ЈАВНИТЕ РЕГИСТРИ" одржан во Будва, Р. Црна Гора НА 9 и 10 октомври 2018 год. . . . 133

ИЗВЕШТАЈ ОД 25-ГОДИНИ CNUE/ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА CNUE одржано во Брисел, Р. Белгија на 5 и 6 декември 2018 год. . . . 140

ИЗВЕШТАЈ ОД ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА НОТАРИЈАТИТЕ ЧЛЕНКИ НА УИНЛ одржано во Мадрид, Шпанија на 15 и 16 јуни 2019 год. . . . 146

ГЛАВА V
ОДЛУКИ ОД СОБРАНИЕ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ . . . 155

ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ КОНКУРС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА НОТАРИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА . . . 157

ГЛАВА VI
ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ВО 2019 ГОДИНА . . . 159

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ВО 2019 ГОДИНА ОД СТРАНА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НКРМ . . . 161

СПИСОК НА НОТАРИ НАД ЧИЕ РАБОТЕЊЕ ЌЕ СЕ ВРШИ НАДЗОР ОД СТРАНА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НКРМ . . . 162

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ВО 2019 ГОДИНА ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ НА НКРМ . . . 164

СПИСОК НА НОТАРИ НАД ЧИЕ РАБОТЕЊЕ ЌЕ СЕ ВРШИ НАДЗОР ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА НА НКРМ . . . 168

ГЛАВА VII
ЈАВНИ ОПОМЕНИ . . . 171

ГЛАВА VIII
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ . . . 183

ИМЕНИК НА НОТАРИ . . . 185

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ . . . 207

# Глава I

# АКТУЕЛНИ ТЕМИ

# ПОТПИШАН ДОГОВОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЕЃУ ФЕДЕРАЛНАТА КОМОРА НА НОТАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА И НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

23 август 2019 година во Берлин

На иницијатива на Федералната комора на нотарите на Република Германија, на ден 23 август 2019 година во Берлин, Германија, е склучен и свечено е потпишан Договор за меѓународна соработка меѓу Федералната комора на нотарите на Република Германија, претставувана од правниот советник г. Ричард Бок, главен претставник на Федералната германска нотарска комора за меѓународни прашања и Нотарската комора на Република Северна Македонија, претставувана од претседателот, г. Васил Кузманоски.

Станува збор за прв ваков договор од меѓународен карактер, кој Нотарската комора на Република Северна Македонија во досегашното 20-годишно постоење го потпиша со држава, земја-членка на Европската унија.



Договорот е потпишан во просториите на Федералната комора на нотарите на Република Германија, а на чинот на потпишувањето, покрај делегацијата од Нотарската комора на Република Северна Македонија, составена од претседателот, г. Васил Кузманоски и членот на Управниот одбор, г-ѓа Анита Адамческа, присуствуваше и претстав-

ник од Министерството за правда на Република Северна Македонија, државниот советник г-ѓа Љубица Карамaнди Попчевски, амбасадорот на Република Северна Македонија во Берлин, г. Рамадан Назифи и г. Драган Петковски – министер-советник во Амбасадата на Република Северна Македонија во Берлин, како и г. Ловро Томашиќ, претставник за меѓународни односи на Федералната комора на нотарите на Република Германија и г-ѓа Надја Данингер – кандидат за нотар во Германија.



Нотарската комора на Република Северна Македонија и Федералната комора на нотарите на Република Германија веќе со години соработуваат за унапредување на квалитетот во полето на превентивната правда во Република Северна Македонија и во целиот регион преку одржување и присуство на настани и состаноци, со посебен фокус на правните случувања, професионалните тренинзи, половата еднаквост и на предизвиците на дигитализацијата во нотаријатот, организирани преку проектите од страна на Германскиот отворен фонд за Југоисточна Европа (ГИЗ) и преку Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ).

Токму оваа соработка беше поттик и цел за склучување на Договорот, со кој се покажува дека германскиот и македонскиот нотаријат имаат заеднички интерес, односно поставување основа за идна размена меѓу двете институции, со обврска за споделување информации и организирање заеднички проекти, особено оние коишто се однесуваат на професионалниот тренинг, правните случувања и на дигитализацијата. Македонскиот нотаријат, кој е широко отворен за соработка во секое поле, особено кога станува збор за германскиот нотаријат, кој изминативе години активно се залагаше за постигнување исти цели - во смисла на обезбедување на правната заштита, ќе ги вложи сите ресурси и можности за остварување на овие интереси.



Овој чин е јасна поддршка на Федералната комора на нотарите на Република Германија, не само за нотаријатот, туку и за целокупниот правен систем во Република Северна Македонија. Со тоа Германија сака да ја покаже својата поддршка на Република Северна Македонија на патот кон евроатлантските интеграции. Потпишувањето на овој договор е уште една потврда за напорите на германската комора во насока на зајакнување на улогата и на капацитетот на македонскиот нотаријат, унапредување на владеењето на правото и приближување до стандардите за работа и до резултатите на земјите-членки на Европската унија.



Најсилна потврда дека успешната соработка меѓу Република Германија и Република Северна Македонија (претставени преку сопстве-

ните нотаријати) продолжува и во следниот период е токму овој настан, кој заслужува особено внимание и почит.

Овој настан се искористи и за размена на информации и искуства меѓу двата нотаријата, со посебен акцент на дигитализацијата на нотарското работење.

**Term of the Agreement**

This Agreement will come into effect upon the two parties signing it.

The Agreement is being concluded for a period of three years. It can be extended by a joint decision of both parties to the Agreement.

The Agreement is drawn up in two original copies.

Berlin, 23.08.2019

______________________________

for the Federal Chamber of German Civil Law Notaries:
Judicial Counsel Richard Bock,

Berlin, 23.08.2019

______________________________

for the Chamber of Notaries of the Republic of North Macedonia:
Vasil Kuzmanoski, President

# Глава II

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ

# СРЕДБА НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА НОТАРСКАТА КОМОРА СО ФРАНЦУСКИОТ АМБАСАДОР, Г. КРИСТИАН ТИМОНИЕ

На 17 јуни 2019 година во француската амбасада во Скопје, претседателот на Нотарската комора, г. Васил Кузманоски и членот на Управниот одбор на Нотарската комора, г. Сашо Ѓурчиноски, остварија средба со францускиот амбасадор, г. Кристиан Тимоние.



Делегацијата на Нотарската комора го информираше францускиот амбасадор за одржувањето на 115. конгрес на нотарите во Франција, кој се одржа во Брисел, Белгија, во периодот од 2 до 5 јуни 2019 година, на кој на покана на претседателот на Нотарската комора на Франција, г.- Marc CAGNIART присуствуваше делегација на Нотарската комора

на Република Северна Македонија, составена од претседателот на Комората, г. Васил Кузманоски и од членот на Управниот одбор, г-ѓа Анита Адамческа. Исто така, од страна на претседателот на Нотарската комора, Васил Кузманоски, е дадена информација дека во периодот од 20 до 21 јуни 2019 година во Св. Мало, Франција, тој ќе присуствува на Генералното собрание на Советот на нотаријати во Европска унија (CNUE) каде Нотарската комора на Република Северна Македонија е и официјално членка-набљудувач. Советот на нотаријати во Европската унија (CNUE) е официјално тело кое ја претставува нотарската професија во односите со европските институции и ги изразува заедничките одлуки на своите членови во институциите на Европската унија.

На крајот од средбата беше разговарано за придонесот на нотаријатот во зајакнувањето на правната сигурност и на вкупниот општестевен и економски развој на државата и на македонското законодавство, како и за огромниот придонес за подобрување на билатералните односи со нотаријатите на земјите-членки на Европската унија, за доближување и прилагодување кон европските правила и прописи, како и давање иницијативи за подобрување и моделирање во областа на правдата, слободата и безбедноста на граѓаните и правото на Европската унија.

# НАСТАП НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Г. ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ НА 46. СЕДНИЦА НА ЈАВНА РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,

# ОДРЖАНА НА 7 НОЕМВРИ 2018 ГОДИНА.

Почитуван претседателе на Комисијата, почитувана министерке, почитувани нотари, адвокати, почитувани претставници на невладини организации и на бизнис- заедницата,

Најпрвин, дозволете ми во име на Комората да се заблагодарам за организирањето на денешната јавна расправа за предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот од 2016 година и за упатената покана за учество на Нотарската комора која, во конкретниов случај, реално е и најзасегната страна бидејќи станува збор за предлог-измени кои, позитивно или негативно, ќе се одразат на функционирањето на нотаријатот, а со тоа непосредно и на правниот живот и промет во државата.

Воведувањето на нотаријатот во правниот систем на една држава е дел од една стратешка реформа на правосудниот систем за растоварување на правосудството, чија примарна цел е изградба на еден функционален и ефикасен правосуден систем, заснован на европскиот правен стандард. Овој правен стандард го прифати и Република Македонија и, следејќи ја традицијата на граѓанското право и на големото мнозинство од земјите-членки на Европската унија, во 1996 година, при концепирањето на системот на нотаријатот, се определи за таканаречен латински тип нотаријат и го воведе како институција која обезбедува правна сигурност и стабилност во онаа област каде што тоа е најпотребно, а особено во прометот и располагањето со недвижностите. Овој тип нотаријат доминира во 87 земји во светот на 5 континенти, од кои 22 се од 28 земји-членки на Европската унија, а 15 се од 19 земји, членки на групацијата Г-20.

Концептот на нотаријатот што постои во нашата држава (ЛАТИНСКИОТ ТИП) подразбира одвоеност и самостојност на работите кои-

што ги врши нотарот од работите што ги врши адвокатот, **а составувањето нотарски акти за правни работи е примарна, а воедно и најзначајна функција којашто ја вршат нотарите.**

Но, овој концепт се наруши со донесувањето на актуелниот Закон за нотаријатот и за релативно кратко време по неговата примена, одредени законски решенија кои не ги познава ниеден правен систем во светот предизвикаа негативен ефект кој, пак, и директно се одразува не само на граѓаните и на правните субјекти, туку и на целокупниот правен промет и живот во државата. Овој закон содржи одредби кои длабоко навлегуваат во суштината на функционирањето на нотаријатот како јавна служба, а кои, како такви, не постојат во ниедна земја која го прифатила латинскиот тип нотаријат, а тоа се: одредбите за задолжително присуство на адвокат и задолжителна употреба на адвокатски печат во сите постапки пред нотар. Од сите закони што ги имаме во областа на правосудниот систем, овој закон е единствен што предвидува вакви новини, што досега, за нас, како правна држава, не беа познати. Основните негативни ефекти кои се одразуваат во досегашната примена сакам ние како Комора да ги кажеме. Тоа се следниве:

**1. Повредено е со Уставот загарантираното право на слободна диспозиција на граѓаните.**

**2. Постапките пред нотар се значително отежнати и временски обременети.**

**3. Зголемени и непотребни финансиски апликации на товар на граѓаните и на правните субјекти.**

**4. Доведена е во прашање правната сигурност, како еден од темелите за владеење на правото.**

**5. Разнишана е довербата и егзистенцијата на јавна служба која дејствува во име и за сметка на државата.**

По донесувањето на овој закон, веќе двајца нотари, еден во Куманово и еден во Делчево, прекинаа со својата работа така што можеме да заклучиме дека нотарската служба не е толку привлечна каква што беше порано. Недостатоците од нефункционалноста и нерационалноста на посочените законски решенија и нивното штетно влијание врз граѓаните и врз правниот промет, беа констатирани од страна на Министерство за правда, како предлагач за донесувањето на овој закон и од Владата на Република Македонија, за што Нотарската комора изразува посебна благодарност. Тие ги воочија овие слаби страни и овие проблеми коишто ги имаат граѓаните и правните субјекти, а воедно и согласно забелешките и препораките на Европската комисија

од Брисел во Извештајот за 2016 година и во утврдената Стратегија за реформи во правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година презедоа активности, и кон крајот на 2017 година започна еден процес на многу итно изменување и дополнување. По тој повод беше формирана работна група за изготвување предлог-текст на Законот, во која рамноправно учествуваа претставници на Министерството за правда, судии, нотари, адвокати, извршители, стопанските комори и еминентни професори. Оваа работна група одржа повеќе состаноци, чиј производ беше предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, кој беше објавен на веб-страницата на ЕНЕР заради запознавање на пошироката јавност и можност за јавна расправа преку давање коментари, а коментарите беа, во суштина такви, што граѓаните застанаа зад нотаријатот. Веднаш потоа, на отворена седница на Владата на Република Македонија, во присуство на повеќе заинтересирани страни во процесот и на повеќе министри, беше сумирана целокупната јавна расправа во предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот, при што Министерството за правда утврди конечен предлог-текст за измена и дополнувања и го достави до Владата и истиот требаше да се стави како точка на дневен ред во парламентот. Затоа, ние го поздравуваме овој процес што сега го презеде Министерството за правда иако тогаш сегашниот министер не беше министер за правда и што презема чекори за измени на овој предлог-закон. Јас само сакам да напоменам дека во овој предлог-закон беа изменети сите законски решенија кои наметнуваа задолжително учество на адвокат, без притоа да се почитува волјата на граѓаните.

По разгледувањето на целиот текст на предлог-законот, што е предмет на денешната расправа, Нотарската комора на Република Македонија се согласува со преземениот чекор од Министерството и од Владата, и смета дека во најголемиот дел од направените измени на важечките законски одредби, во суштина, се врши едно номотехничко усогласување и прецизирање одредби кои се покажаа како нејасни и неприменливи, а за кое Нотарската комора укажуваше уште на почетокот, пред да се донесе Законот. Исто така, ние ги поздравивме и мерките што се презедоа за намалување на трошоците за социјално загрозената категорија и Нотарската комора секогаш ги поддржувала тие мерки на власта. Но, колку што можеме да забележиме, во овој предлог-закон не се опфатени измените на оние законски решенија за кои, всушност, беше инициран и започнат процесот на измена на Законот и кои го променија концептот на вршењето на нотарската служба, спротивно на принципите на латинскиот нотаријат. Главно, тоа се решенијата кое пропишуваат задолжителност од ангажирање адвокат во

постапките пред нотар и задолжителност од адвокатски печат.

Исто така, иако во продолжението на предлог-законот се вели дека со промената на член 52 став 1 со кој се прецизираат само три случаи на задолжителност на нотарскиот акт, практично, нотарскиот акт се враќа во правниот промет, сепак, тоа не значи реално враќање на нотарскиот акт во полн капацитет кога тоа ќе го побараат граѓаните. Нотарскиот акт ќе се врати во правниот промет доколку се предвиди законска одредба дека нотарот ќе состави нотарски акт секогаш кога тоа ќе го побараат граѓаните, кое како решение беше предложено и прифатено во предлог-законот кој беше предмет на јавна расправа. Но, во сегашниот предлог тоа не е случај, што значи дека ситуациите на составување нотарски акт се речиси безначајни, иако тој како форма со највисоко правно дејство постоеше 18 години во нашиот правен промет и се изготвуваше за секо правно дело секогаш кога граѓаните ќе се одлучеа за него. Доколку се имаат предвид искуствата како од домашното, така и од спогодбеното право од најголемиот број земји, секој обид за укинување или за намалување на важноста на нотарскиот акт како една од формите на јавни исправи во Република Македонија кој постеше изминативе 18 години, ќе биде спротивно на Уставот и на европскиот стандард, како и на директивите на ЕУ.

Од образложените причини, како Комора сметаме дека проблемите кои постојат во досегашното работење нема да се решат и ќе продолжат и во иднина доколку се застане само на оние главно номотехнички измени, бидејќи граѓаните повторно ќе бидат оптоварени со зголемени трошоци и со отежнато остварување на нивните права преку задолжително учество на адвокатите во постапките кои што се водат пред нотарите, а се од сферата на граѓанското право и се не спорни.

Нашата држава исполни услов и го воведе едношалтерскиот систем кој има за цел ефикасно, експедитивно, едноставно и евтино завршување на постапките пред државните органи, па и пред нотарите. Но, со Законот за нотаријатот се скрати правото на слободен избор на граѓанинот - дали правната работа ќе ја заврши директно кај нотар или за тоа ќе ангажира адвокат и, место во еден чекор, ние се вративме неколку чекори наназад. Ова значи дека граѓанинот место со едно доаѓање пред нотар да ја заврши својата правна работа, сега е принуден тоа да го прави во повеќе од три до четири чекори, со претходно и задолжително ангажирање адвокат, што предизвикува ангажирање дополнителни ресурси (време, парични средства, трпение и правна сигурност).

Во секој правен систем каде што постои нотаријат, нотарскиот акт се смета за највисока форма во хиерархијата на правната сигурност на

граѓаните. Како и во сите европски држави така и во нашата, граѓаните треба да ја имаат можноста да договорат и да побараат формата на нивниот договор да биде во форма на нотарски акт, кој е главно обележје на секој нотаријат. Она за што Нотарската комора на Република Македонија се залага и го бара е: **почитување на слободната диспозиција на волјата на граѓаните, дали ќе ангажираат адвокат или ќе се застапуваат сами во сите постапки пред нотар, што сметаме дека е едно фер решение за сите засегнати страни во овој процес и враќање на нотарскиот акт како основна форма на нотарска исправа и обележје на нотарската дејност, која ќе се составува секогаш кога тоа ќе го побараат граѓаните**, а кое, впрочем, е констатирано во забелешките и во препораките од Европската комисија од Брисел во Извештајот за 2016 година, а воедно и во утврдената Стратегија за реформа во правосудниот сектор за период од 2017 до 2022 година.

Бидејќи Република Македонија активно се залага за исполнување на условите за влез во Европската унија апелираме при ова, и при секоја идна измена на Законот за нотаријатот, да се имаат предвид искуствата и законските решенија на сите земји во светот коишто го имаат прифатено латинскиот нотаријат, како и констатираните забелешки од страна на Европската комисија во Извештајот за 2016 година; ставот на латинскиот нотаријат за состојбата на нотаријатот во Република Македонија, како и експертското мислење од Федералната германска нотарска комора доставено до Министерството за правда и до Владата на Република Македонија, во кои се укажува на потребата за задолжителни измени и за враќање на нотаријатот согласно принципите коишто ги познава континенталниот тип нотаријат, прифатен и во нашиот правен систем. Посебно треба да се имаат предвид анализите и споредбите на разликите во цените за промет на недвижности и разликите во бројот на спорови во земји со англосаксонски и во земји со континентален тип нотаријат, а посебно што земјите со латински тип нотаријат се за околу 4 до 5 пати поевтини од оној систем што се нуди во англосаксонското право.

Исто така, од аспект на уставноста, законодавецот треба да ја има предвид одлуката на Уставниот суд на Република Македонија од 2003 година, со која се укинаа членовите од Законот за адвокатура, со кој адвокатурата беше прогласена за единствена и исклучително надлежна за давање правна помош и фактот дека идентични одредби за задолжителност од адвокат содржеше и Законот за извршување од 2016 година, а кои, пак, се укинаа со одлука на Уставниот суд на Република Македонија од 24. 1. 2018 година бидејќи не се во согласност со Уставот и не наоѓаат уставна оправданост од аспект на принципот на еднак-

вост на граѓаните пред Уставот и пред законите.

На крајот, не треба да се заборави дека современиот правен систем, како најпогодна институција за вршење определени видови јавни овластувања гледа во нотаријатот, во кој се вршат нотарските работи. Имајќи предвид дека Република Македонија согласно Уставот е конституирана како суверена, самостојна, граѓанска и демократска држава чијашто појдовна основа и цел се да се воспостави и да се изгради владеење на правото, како темелен систем на власта што ќе ги гарантира човековите права и граѓанските слободи, досега, во речиси 20-годишното постоење на нотаријатот, е оценето дека остварувањето на правниот промет во оваа област преку вршење јавни овластувања од страна на самостојна и независна јавна служба во лицето на нотаријатот кое е строго контролирана од Министерството за правда и од државата и вршењето на нотарските работи, преставува значајна гаранција за правата на граѓаните. Нашата држава која цели и се залага да стане член на Европската унија, која отвори скрининг-процес, мора да се подготвува на начин што законодавството и правниот систем ќе бидат усогласени со европскиот критериум, чиешто исполнување е еден од гарантите за влегување во европското семејство.

Ви благодарам на вниманието..

# Глава III

# СТРУЧНИ ТЕМИ

# ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ И ЗА ДОСТАВА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

(Сл. весник на РМ бр. 233/18)
практична примена, проблеми и дилеми

Судија Наталија Донева

Од 2011 година нотарите постапуваа по платни налози во согласност со Законот за извршување, донесуваа решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа - УПДР, потоа во согласност со Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр.72/16) нотарите донесуваа решение за издавање нотарски платен налог - НПН со форма на штембил, со Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр.233/18) повторно нотарите донесуваат решенија за издавање нотарски платен налог, но сега со целосна содржина затоа што со измените и со дополнувањата на Законот е напуштена формата штембил на решението.

Голем број прашања од аспект на постапувањето на нотарите се веќе разјаснети, но, сепак, сѐ уште се провлекуваат пропусти и се јавуваат дилеми и невоедначено постапување на нотарите. Со последните измени на Законот се воведени новини со цел да се отстранат забележаните слабости, но, од друга страна, пак, се отворија нови дилеми, кои ќе се разрешуваат тековно и на кои одговор ќе даде судската практика.

Предмет на ова излагање е постапувањето на нотарот по прием на предлогот и дејствата што треба да се преземат, што треба да се направи и на кој начин постапува нотарот, што е предмет на негова оцена до издавање на решението затоа што, откако ќе се издаде решението, потоа не можат да се отстранат одредени пропусти, а тие, пак, создаваат проблем во судската постапка подоцна кога судот донесува одлука по приговор на должникот. Работата на нотарот и на судот е поврзана и претставува една целина, која треба да заврши со донесување правосилна одлука – решение за издавање нотарски платен налог или правосилна судска одлука (доколку е поднесен приговор), како изврш-

на исправа што е основа за поведување постапка за извршување и за наплата на побарувањето на доверителот.

Целта е да се обезбеди воедначено постапување на нотарите, да се елиминира можноста за грешки или барем да се сведе на минимум и со тоа да се зголеми довербата во работата и во постапувањето на нотарите и, секако, да се поедностави судската постапка и судските одлуки да не се обременуваат со дополнителни образложенија по приговори од формален карактер, кои се однесуваат на работата на нотарот, а кои, во одредени случаи, може да доведат до одговорност на нотарот, до укинување на судските одлуки и до зголемување на трошоците што паѓаат на товар на граѓаните и на правните лица со што се предизвикува незадоволство од нашата работа и од правосудниот систем во целина.

Според постојното законско решение, останува неизменет чл. 68, ст. 1 од ЗН -предлогот се поднесува до нотарот на чиешто подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот - физичко лице, односно седиштето на должникот - правно лице. Ова е исклучителна надлежност и нотарот не се занимава со прашањето дали странките имаат договорена надлежност. Не е изменет ниту чл. 68, ст. 2 од ЗН, според кој предлогот и приговорите и жалбата против решението на судот задолжително ги составува адвокат и содржат адвокатски потпис и печат, освен доколку доверител е Република Македонија. Изменет е ст. 3 во кој се предвидени исклучоците од чл. 68, ст. 2 од ЗН и тоа:

- зголемен е вредносниот лимит за побарувања од комунални услуги (вода, смет и одржување заеднички простории, кој беше определен до 2.000,00 денари, сега со најновите измени овој лимит е до 6.000,00 денари, додека за електрична и за топлинска енергија лимитот што изнесуваше до 2.000,00 денари, сега е зголемен на износ до 15.000,00 денари, а за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори лимитот, кој беше до 2.000,00 денари, сега е определен до 6.000,00 денари), во овие случаи предлогот се поднесува непосредно до нотарот;

– за овие предлози не важи правилото дека треба да се задолжително составени од адвокат и да содржат адвокатски печат и потпис;

- отстранета е дилемата дали побарувањето треба да е од една или од повеќе веродостојни исправи затоа што со ЗИД на ЗН е јасно пропишано дека станува збор за „побарување од веродостојни исправи во вкупен износ“ што значи од повеќе веродостојни исправи;

- новина е дека предлозите за овие побарувања, кои произлегуваат од комунални услуги, со определен вредносен лимит, се поднесуваат без плаќање на обврската за судска такса.

За нотарот да оцени дали станува збор за побарување што влегува во кругот на исклучоците потребно е да го оцени побарувањето од веродостојната исправа: дали станува збор за комунална услуга (вода, смет, одржување заеднички простории, електрична и топлинска енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори). За оваа оцена ирелевантна е дејноста на доверителот, која како приоритетна дејност - главна приходна шифра, е регистрирана во трговскиот регистар.

Чл. 68, ст. 4 од ЗН не е изменет затоа што останува исклучокот дека предлогот од страна на доверител - банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг, осигурително друштво, не мора да биде составен од адвокат и да содржи адвокатски потпис и печат доколку вредноста на побарувањето од веродостојната исправа е помало од 10.000 евра.

*

Во чл. 69 од основниот текст на ЗН е пропишано што треба да содржи предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, а со ЗИД на ЗН е дополнето дека предлогот треба да содржи и попис на трошоците, кои доверителот бара да му бидат надоместени од должникот. Меѓу другото е наведено дека предлогот треба да содржи податоци за доверителот и за должникот. Со оглед на супсидијарната примена на ЗПП – чл. 81 од ЗН, тоа се податоците пропишани со чл. 98, ст. 3, 4 и 5 од ЗПП. Тоа значи, за физички лица: име и презиме поткрепено со доказ за лична идентификација - лична карта и ЕМБГ, а за правни лица целосен назив според податоците од трговскиот регистар со тековна состојба и за доверителот и за должникот, за двајцата ЕМБС, податоци за нивните законски застапници, полномошници, предмет, вредност на побарувањето, потпис, е-адреса и телефон за контакт, а предлозите од државен орган, орган на државната управа, единици на локалната самоуправа, правни лица и лица што вршат јавни овластувања треба да содржат и податоци за електронското сандаче за достава на решенијата за НПН регистрирано во согласност со закон. Ова се податоците што треба да бидат содржани во воведниот дел на предлогот. Меѓутоа, се забележува дека доверителите и нивните ополномоштени адвокати не постапуваат во согласност со законската одредба и не ги наведуваат сите потребни податоци и не ги доставуваат потребните исправи, а нотарите не ги користат законските овластувања што им стојат на располагање во таквите случаи и, и покрај тоа, донесуваат решение за издавање нотарски платен налог.

***1.*** Називите на доверителот и на должникот не се наведуваат целосно според тековната состојба. Има најразлични кратенки и додатоци, кои предлогот го прават нејасен и не се знае кој е доверител или долж-

ник, а во одредени случаи не е јасно ниту дали должникот е правно или физичко лице.

Доколку доверител е странско правно лице неговиот назив треба да биде напишан во оригинал и со превод според тоа како е преведен во доказот што е приложен за упис во трговскиот регистар во земјата од која потекнува.

***2.*** Често воопшто нема ЕМБС за правните лица, а се јавуваат должници со многу сличен назив и дури во судската постапка се утврдува дека должникот не е должник, за што се води судска постапка и се создаваат трошоци.

***3.*** Се случува да не се доставени тековни состојби, најчесто за доверителите што вршат комунални услуги. Тие во ЗПП не се привилегирани и задолжително е и тие да достават тековна состојба. Недоставување тековна состојба за должниците што се правни лица и ненаведување ЕМБС за овие должници најчесто предизвикува ситуација во судската постапка да се утврди дека должникот не е должник.

***4.*** Кога доверител или должник е државен орган, орган на државна управа, министерство, агенција и сл., односно сите странки што ги застапува Државното правобранителство, пред нивниот назив задолжително треба да стои Република Македонија – Република Северна Македонија. Точно е дека тоа го нема во тековната состојба, но станува збор за постулациона способност и тоа значи дека тој доверител или должник нема самостоен правен субјективитет и е застапуван од Државното правобранителство.

***5.*** Пописот на трошоци е составен дел на предлогот и тоа значи дека за состав на трошковник не следува награда за адвокатот, туку нотарот ќе пресмета само награда за составување на предлогот. За предлозите со вредност повисока од 10.001,00 денари следува 70 проценти од наградата пропишана со чл. 8, т. 2 од Тарифата за награда и за надомест на трошоците за работата на адвокатите. Само за предлозите со вредност до 10.000,00 денари наградата за составување предлог според Тарифата изнесува 1.300,00 денари со 18 проценти ДДВ, 234,00 денари, или вкупно 1.534,00 денари, а за сите други наградата е намалена. Доколку адвокатот за составување на предлогот бара и плаќање ДДВ, задолжително треба да приложи решение дека е регистриран како ДДВ обврзник во согласност со дел V, т. 5 од Тарифата затоа што статусот на ДДВ обврзник адвокатот го докажува со соодветен документ издаден од надлежен орган.

Иако чл. 69, ст. 2 од ЗН не е изменет и според него ако од веродостојната исправа не се гледа кога достасува побарувањето, доверителот

треба заедно со предлогот да приложи и писмена изјава дека достасало побарувањето и да го означи денот на достасување на побарувањето, често недостига ваква изјава. Должниците приговараат на оваа околност дека нема изјава за достасаност и судот се соочува со приговор од формален карактер на кој мора да одговори. Законодавецот не случајно ја предвидел оваа одредба. Прво затоа што предлог може да се поднесе само за достасано побарување, а потоа затоа што моментот на достасување е од значење за почетниот датум од кој тече каматата. Во нотарското решение нотарот ќе определи камата од датумот што доверителот го навел во предлогот. Во судската постапка се утврдува и достасаноста. Многу често судот утврдува друг датум на достасаност. Поради тоа дел од решението на нотарот останува на сила, дел се укинува и тоа е едно обемно изрекување на судската одлука што предизвикува и дополнително образложение и обременување на судската одлука. Од овие причини, нотарот не треба само да внимава на висината на главниот долг, туку треба правилно и соодветно да ја определи и достасаноста на побарувањето, како датум од кој тече каматата, затоа што и тоа е парично побарување што се наплатува од должникот. Несомнено е дека должникот треба да плати камата за задоцнетото плаќање, но не треба да му плати камата на доверителот што не му следува.

Во случај кога предмет на побарување е долг од пресметана камата во капитализиран износ, која доверителот ја побарува како главен долг по каматна листа како веродостојна исправа, во тој случај камата тече од денот на поднесување на предлогот кај нотарот и тоа, ако е непосредно доставен кај нотарот, од денот на прием, а ако е предлогот испратен по пошта препорачано, од денот на прием во поштата. Ова е во согласност со чл. 268, ст. 2 од ЗОО, според кој на износот на неисплатената камата може да се бара затезна камата само од денот кога до судот е поднесено барање за нејзина исплата.

Во случаите кога банката доверител побарува плаќање долг по извршен пресек на побарувањето, така што е определена висината на главниот долг-главнината од кредитот што не е платен до денот на пресек и е пресметана каматата до денот на пресек, на главнината тече каматата од денот на пресек до исплатата, а на пресметаната камата не тече камата и таа се досудува без камата. Ова е во согласност со чл. 268, ст. 1 од ЗОО, на стасаната, а неисплатена договорна или затезна камата, како и на други стасани повремени парични давања не тече затезна камата, освен кога е тоа определено со закон. Имено, банката на главнината пресметала камата од стасаноста до пресекот во определен износ, па на главнината може да бара камата од пресек до исплата.

*Според начелен став на седницата на највисоките судови во СФРЈ од 4 и 5 ноември 1987 година: не може да се бара процесна камата на неисплатена стасана затезна камата сè додека не престане главното парично барање од кое произлегува, па и кога е пресметана и тужена во апсолутен износ со главното барање.*

Во првиот случај процесна камата се досудува на долг од пресметана камата затоа што побарувањето од кое произлегува е платено, а во вториот случај кај банката побарувањето - главнината не е платено.

Значи должникот што го платил долгот по фактури, но со задоцнување, должи камата за задоцнетото плаќање од денот на достасаноста на секоја од фактурите до денот на извршеното плаќање. Со каматна листа ќе се пресмета тој износ по секоја фактура и во вкупен износ, кој ќе претставува главен долг од пресметана камата во капитализиран апсолутен износ на кој следува камата од денот на поднесување на предлогот кај нотарот.

Ако главнината не е платена, како што е случајот со банката, таа има право да пресмета камата од достасаноста на кредитот до пресек, но нема право да бара камата на тој износ. Камата тече на главнината од денот на пресек. Во спротивно, доколку на вака пресметаната камата се досуди камата, тоа е пресметка на камата на камата – анатоцизам, што е забрането.

*Во одлука на ВРСМ Рев бр. 836/94 од 13 септември 1994 година е изразен став дека при одлучувањето во врска со пресметувањето затезна камата, судот е должен по службена должност да внимава дали се правилно применети одредбите од ЗОО со кои е пропишано дека не може да се пресметува камата на камата.*

*

Со ЗИД на ЗН е изменет чл. 70, ст. 1. Предлогот се поднесува во доволен број примероци и прилози. Тоа значи дека ако има еден доверител и еден должник треба да има по еден примерок за секоја од странките и еден за списите на предметот. Новина е дека веродостојната исправа се доставува кон предлогот во оригинал или во препис заверен кај нотар само за примерокот на нотарот. Значи само во списите на нотарот, кои по приговор се доставуваат во судот, треба да има оригинален или нотарски заверен препис од веродостојната исправа.

Тука е битно да се укаже дека примерокот од предлогот и оригиналната или нотарски заверена веродостојна исправа како иницијален акт со кој почнува постапката пред нотар треба да биде уредно споена во списите и списите да се хронолошки наредени во обвивката така што почнуваат со предлогот, тековните состојби, па веродостојната испра-

ва, други докази, изјавата за достасаност ако ја има, полномоштво од адвокатот, решение за ДДВ на адвокатот. На приемниот печат, кој нотарот е должен целосно да го пополни, со сите податоци, задолжително треба да се напише датумот на прием, начинот на прием: непосредно или препорачано по пошта, при што треба да се наведе и датумот на предавање во пошта, што е од исклучително значење при оцена на евентуален приговор за застареност, како и бројот на примените предлози и прилози. Доколку предлогот е поднесен по пошта препорачано, во списите задолжително треба да е содржан и пликот на кој има потврда за пратка испратена по пошта препорачано, што е значајно за оцена на приговор за застареност.

ЗИД на ЗН во чл. 70, ст. 2 прецизно наведува што се смета за веродостојна исправа во смисла на законот:

Фактурата како веродостојна исправа и нејзината содржина не создава дилеми.

Со оглед на формулацијата дека веродостојна исправа се „меница и чек со протест“ укажува дека меницата треба да е протестирана. Доколку станува збор за меница „без протест“, очигледно е дека законот не ја предвидел како веродостојна исправа како основа за издавање решение за нотарски платен налог.

Јавна исправа според чл. 215, ст. 1 од ЗПП е исправа што во пропишана форма ја издал државен орган или орган на државната управа во границите на својата надлежност, како и исправа што во таква форма ја издала организација или друга институција при вршење јавно овластување што ѝ е доверено со закон или со одлука на општината заснована врз закон (јавна исправа), која ја докажува вистинитоста на тоа што се потврдува или определува во неа.

Според чл. 55, ст. 5 од Законот за нотаријатот, приватната исправа, која е потврдена (солемнизирана) во согласност со овој закон, има својство на јавна исправа.

Извод од заверена деловна книга нема законска дефиниција, но за да биде веродостојна исправа треба да содржи податоци за доверителот, должникот, видот и обемот на побарувањето и за неговата достасаност.

Приватна исправа на која потписот од должникот го заверил нотар. Тоа е договор што не е солемнизиран, туку е заверен само потписот на должникот.

Исправа, која, според посебни прописи, има значење на јавна исправа: Одговорот ќе треба да се бара во посебните закони, во зависност од тоа од каде потекнува и на што се однесува исправата.

Градежна ситуација: привремена, завршна, конечна. Најчесто тука

нема достасаност и потребно е да има изјава за достасаност од чл. 69, ст. 2 од ЗН.

Пресметка на камата. Не е нужно да е од банка. Има компании што имаат систем за пресметка на камата, тоа може да се прифати.

Веродостојна исправа не е:

- изјава за компензација
- договор за гаранција на кој потписот на должникот – гарант / платец не е заверен на нотар
- договор за цесија
- полиса и зелен картон
- градежен дневник и градежна книга

Спротивно е на законот овие исправи да се прифатат како веродостојни исправи како основа за издавање нотарски платен налог. Нотарите особено треба да внимаваат дали побарувањето потекнува од веродостојна исправа затоа што нотарите се надлежни да донесат решение само за побарувања од веродостојна исправа и немаат законско овластување да издаваат решенија за издавање нотарски платен налог од исправи што не се веродостојни исправи.

*

Целосно е изменет и чл. 71 со кој е детално уредено постапувањето на нотарот.

***1.*** Ако не е платена судска такса за предлогот во рок од осум дена од поднесувањето, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот за издавање нотарски платен налог ќе го смета за повлечен поради неплатена судска такса. Тоа не се однесува на исклучоците од чл. 68, ст. 3 од ЗИД на ЗН. Ако не се платени нотарската награда и трошоците, тоа не е основа предлогот да се смета за повлечен, ниту да се отфрли како неуреден. Доверителот само нема право да бара постапување од нотарот сè додека не ги плати нотарската награда и трошоците. Според чл. 26 од Нотарската тарифа (Сл. весник на РМ 226/16), во постапката за издавање решение за нотарски платен налог, доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог сè додека не ги намири нотарската награда и трошоците. Со измените на Нотарската тарифа од 8 февруари 2019 година (Сл. весник на РМ бр.33/2019), точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а предлогот се смета за неуреден“. Уредноста на поднесокот, вклучително и на предлогот, првенствено е предвидена и пропишана со ЗПП како lex generalis, кој има супсидијарна примена. Тоа е чл. 98 од ЗПП. Во ЗПП се предвидени и последиците од неуредност и постапувањето

на нотарот во таков случај, а одредби за тоа содржи и чл. 21, ст. 3 и 4 од ЗИД на ЗН со кој е изменет чл. 71 од ЗН. Прво, неплатената нотарска награда и трошоците не се предвидени со закон како услов за уредноста. Второ, нема рок во кој доверителот треба да ги плати нотарската награда и трошоците, како што има рок за плаќање на судската такса за предлог - осум дена од денот на поднесување на предлогот според чл. 71, ст. 1 од ЗН. Тоа значи дека доверителот е должен да ги плати нотарската награда и трошоците при поднесувањето на предлогот и да приложи доказ дека се платени. Недозволено е со подзаконски акт, како што е Нотарската тарифа, да се пропишуваат последици што не се предвидени со закон. Нотарска тарифа во чл. 26 според актуелниот текст пропишува: „Во постапката за издавање решение за нотарски платен налог доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог сè додека не ги намири нотарската награда и трошоците, а предлогот се смета за неуреден". Оваа одредба треба да се сфати и да се толкува дека доверителот не може да бара постапување од нотарот, не може да бара нотарот да издаде решение, да го достави до должникот итн. Тоа значи дека не тече рокот од три дена во кој нотарот е должен да донесе решение и нема да има одговорност за тоа. Според чл. 71, ст. 6 од ЗН, овој рок тече откако нотарот ќе оцени дека е месно надлежен, предлогот е уреден, допуштен и основан.

***2.*** Ако нотарот оцени дека не е месно надлежен. Значи, веднаш по прием на предлогот, ако нотарот од податоците во предлогот утврди дека не е месно надлежен „ќе го повика доверителот или неговиот полномошник во рок од осум дена од приемот на известувањето да определи месно надлежен нотар, кому ќе му се достават списите на предметот". Овој повик е во форма на известување - писмо. Ако доверителот постапи и определи месно надлежен нотар, ненадлежниот нотар ќе ги достави списите, заедно со известувањето до доверителот и поднесокот со изјаснување на доверителот, до определениот месно надлежен нотар. Во овој случај, нотарот не донесува решение со кое се огласува за ненадлежен. Доверителот определил месно надлежен нотар, па нема потреба да се изработува решение со право на приговор и да се создаваат трошоци за изработување на решението и за негово доставување до доверителот. Очигледно, тоа ќе бидат ситуации кога доверителот по грешка доставил предлог до нотар што не е надлежен за постапување и за издавање решение и нема потреба од трошоци за доставување и за изработување решение и да се чека истекување на рок за приговор за ова решение.

Доколку доверителот е пасивен и не достави известување во рокот од осум дена и не определи месно надлежен нотар за да му се достават

списите, во тој случај нотарот со решение ќе се огласи за месно ненадлежен и по свој избор ќе определи на кој месно надлежен нотар ќе му ги достави списите по правосилноста на решението со кое се огласил за месно ненадлежен. Значи, нотарот мора да обезбеди прво уредно доставување на известувањето до доверителот дека нотарот до кој е поднесен предлогот не е надлежен. Да измине рок од осум дена. Препорака е да се почека уште два-три дена за да не пристигне известување по пошта и ако нема произнесување тогаш нотарот донесува решение со кое се огласува за месно ненадлежен да постапува и да издава решение за нотарски платен налог и по свој избор определува месно надлежен нотар. Ова решение нотарот ќе го достави само до доверителот со поука за право на приговор во рок од осум дена. По правосилноста (ако нема приговор или по донесена одлука на судот по приговорот), на ова решение нотарот ќе стави потврда на правосилност и ќе ги достави списите до надлежниот нотар што го определил во решението и тој нотар како месно надлежен ќе донесе решение за издавање нотарски платен налог.

Друга е ситуацијата ако нотарот по донесување решение за издавање нотарски платен налог утврди дека е месно ненадлежен. Во тој случај, кој не е регулиран со ЗН, се применува чл. 426, ст. 2 од ЗПП, со кој е предвидено дека нотарот нема да го укине платниот налог, туку по правосилноста на решението со кое се огласил како ненадлежен ќе му го отстапи предметот на надлежниот нотар. Според чл. 20, ст. 2 од ЗПП, судот на кој му е отстапен предметот како надлежен ќе ја продолжи постапката како да била поведена кај него, а во согласност со ст. 4, дејствата што ги спровел, како и одлуките што ги донел ненадлежен суд, не се без важност само поради тоа што ги презел ненадлежен суд. Значи, надлежниот нотар на кој му е отстапен предметот (најчесто тоа е во фаза на доставување до должникот), ќе го достави решението што е веќе донесено од ненадлежниот нотар до должникот. Ако должникот поднесе приговор, надлежниот нотар ќе го достави до неговиот надлежен основен суд. Ако не е поднесен приговор, надлежниот нотар ќе стави потврди на правосилност и на извршност на решението за издавање нотарски платен налог донесено од ненадлежниот нотар.

***3.*** Во случај на неуредност на предлогот постапувањето е целосно според ЗПП. Значи станува збор за предлог поднесен непосредно од доверителот – кој нема полномошник. Нотарот е должен во известувањето со кое го враќа предлогот да означи точно во што се состои неуредноста и точно да наведе што бара од доверителот да уреди. Не е доволно само да наведе дека го враќа поради тоа што смета дека предлогот не е уреден. Ако доверителот постапи во определениот рок и го уреди предлогот според насоките на нотарот, нотарот продолжува и

донесува решение. Меѓутоа, во списите треба да е содржан неуредниот предлог, писмото - известувањето од нотарот и поднесокот со кој доверителот го уредил предлогот, односно уредениот предлог и од списите јасно да се гледа хронологијата на постапувањето. Се случува во списите да го нема првичниот предлог, го нема ниту известувањето на нотарот за неуредност, туку, ако ги погледнете списите, предметот е како редовен предмет по кој немало уредување. Меѓутоа, приемниот печат на уредениот - нов предлог е подоцна, а побарувањето или дел од него во тоа меѓувреме застарело. Затоа е неопходно од списите јасно да се гледа целата хронологија. Од овие причини законодавецот пропишал дека ако предлогот биде уреден и предаден на нотарот во определениот рок, ќе се смета дека е поднесен тој ден кога првпат бил поднесен до нотарот. Значи застареноста се прекинала на денот на поднесување на неуредниот предлог, кој подоцна бил уреден.

Доколу предлогот не му биде вратен на нотарот во определениот рок – нотарот донесува решение со кое се смета дека предлогот е повлечен или ако биде вратен без уредување, со решение ќе се отфрли. Двете решенија се доставуваат до доверителот со право на приговор. Тука треба да се внимава какво решение ќе се донесе: се смета за повлечен или се отфрла. Последиците се различни. Предлогот што се смета за повлечен се смета како да не е ниту поднесен и доверителот може повторно да поднесе нов предлог, но застареноста не е прекината со поднесување на првиот предлог. Ако предлогот е отфрлен, а доверителот поднесе предлог во рок од три месеци од денот на правосилноста на решението со кое предлогот е отфрлен, во согласност со чл. 379, ст. 1 од ЗОО, се смета дека застарувањето е прекинато со првиот предлог.

***4.*** Има разлика во постапувањето доколку предлогот е поднесен од полномошникот. Доколку е неразбирлив или не ги содржи податоците од чл. 98, ст. 3, 4 и 5 од ЗПП или не е поднесен во доволен број примероци заедно со прилозите и со веродостојната исправа во оригинал или заверен препис за примерокот на нотарот кога тие се поднесени во писмена форма, нотарот ќе го отфрли со решение. Последицата е иста како и за поднесена тужба во суд. Тука се гледа и значењето на уредноста на предлогот и оцената на неговата уредност затоа што е пропишана последица. Во практика не сме сретнале ваков случај, нотарот да отфрли предлог по оваа законска одредба.

***5.*** Против сите решенија на нотарот е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапува по предлогот. Против решението на судот е дозволена жалба

во рок од осум дена од приемот на решението до надлежниот Апелационен суд.

***6.*** Ако е надлежен, а предлогот е уреден, допуштен и основан, нотарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот, ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог. Рокот од три дена, објективно, е доволен за да се донесе решението затоа што станува збор за едноставна одлука. Должината на рокот е земена во корелација со рокот за изработување судска одлука, кој е осум дена или 15 дена за сложен предмет. Потребата од пропишување рок се должи на околноста што се забележи енормно долго непостапување на нотарите во случаите на поднесен уреден предлог, со платена такса, нотарска награда и трошоци, а нема издадено решение, на штета на должникот, кој за целиот тој период треба да плати камата. Впрочем, надлежноста за платните налози од судот е пренесена, односно доделена на нотарите токму за да се надмине ваквата состојба, со оглед на тоа што судот немаше капацитет да постапува по платните налози и не треба да се дозволи повторно да се случи истата работа.

***7.*** Решението веднаш се доставува до доверителот или до неговиот полномошник и до должникот. Значи се експедира и се испраќа веднаш. Нотарот нема причина да го чува издаденото решение и треба да го достави веднаш.

Законот пропишал во кои случаи решението се доставува до Државниот правобранител и строго пропишал дека со решението до должникот се доставува и примерок од предлогот, заедно со прилозите. Меѓутоа, и покрај конкретната законска одредба, која е преземена од ЗПП, многу често се случува до должникот да биде доставено само решението, а должникот приговара дека не го примил предлогот со прилози, па дури откако предметот ќе дојде во судот, судот му ги доставува предлогот и прилозите. Исто така, нотарите во голем број неуредно ја пополнуваат и доставницата до должникот. Во графата што се доставува се наведува само бројот на НПН на предметот и ништо повеќе. Во доставницата треба јасно да стои дека се доставени решение, предлог и прилози, само тоа е уредна доставница. Кога должникот приговара дека примил само решение без прилози и не знае за што се однесува барањето за плаќање, па судот му врши достава, тоа ја одолжува судската постапка и укажува на неуредно и неажурно постапување на нотарот.

***8.*** Нема промени во постапувањето на нотарот ако оцени дека предлогот не е допуштен или не е основан. Во согласност со чл. 71, ст. 8 од ЗН, во тој случај ќе го препрати предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба.

*

Со чл. 72, ст. 1 од ЗИД на ЗИ приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, како и против одлуката за трошоците можат да изјават доверителот и должникот. Ова право сега е предвидено и за доверителот. Навидум изгледа дека доверителот речиси никогаш нема да го користи ова право, освен за трошоците. Сепак, се случува, најверојатно поради пропуст, во решението на нотарот да нема задолжение за плаќање на износот од 3.000,00 денари според чл. 8 од Законот за финансиска дисциплина, кој доверителот го побарал со предлогот. Треба да се внимава и во тој дел да не се прават вакви пропусти. Доколку се случи ваков пропуст, може да се санира со дополнително решение, но само под условите од чл. 328, ст. 1 од ЗПП: доколку странката - доверителот го побара тоа во рок од 15 дена од приемот на нотарското решение. Ненавремениот предлог за донесување нотарот дополнително ќе го отфрли во согласност со чл. 328, ст. 2 од ЗПП. Ваквиот пропуст, односно доколку нотарот пропуштил да одлучи за сите барања за кои мора да одлучи или доколку пропуштил да одлучи за дел од барањето, не може да се надмине со донесување решение за поправање. Причина за тоа е што со решението за поправање, во согласност со чл. 331 од ЗПП, се поправаат грешките во имињата и во броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и во сметањето. Поправањето се врши со посебно решение, кое се внесува на крајот од оригиналот, а до странките се доставува препис од решението. Поправањето се врши само на тоа што е погрешено од страна на нотарот. Не се поправаат грешките на странките. Во решението за поправање не се внесува целата содржина на текстот во кој е содржана грешката. Со оглед на тоа што за поправање се донесува посебно решение со право на жалба, соодветно на ова решение се ставаат и потврди на правосилност и за извршност со датуми кога решението за поправање станало правосилно и извршно по истек на законските рокови. Овие потврди се ставаат независно од потврдите ставени на основното решение. Имајќи предвид дека поправање може да се изврши во секое време, па дури и по правосилноста на решението за издавање нотарски платен налог, сосема е можно, односно редовно се случува основното решение да има потврди за правосилност и за извршност со еден датум, а решението за поправање да има потврди со друг датум.

Чл. 72, ст. 2 од ЗН е јасен каде се поднесува приговорот и ст. 3 во кој суд нотарот ќе ги достави списите. Нотарот секогаш и без исклучок по приговор ги доставува списите до надлежниот основен суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Нотарот не го засега приговорот за месна ненадлежност истакнат од долж-

никот во приговорот и дали постоела или не договорена надлежност. За тоа ќе одлучи судот. Нотарот комуницира само со судот за чиешто подрачје е именуван и нема исклучок од тоа правило.

*

Чл. 73, ст. 1 од ЗН е коригиран. Нотарот не донесува решение по приговорот и не може да го отфрли приговорот како ненавремен или недозволен. Тоа е надлежност на судот, во согласност со чл. 428 - а од ЗПП. Потврда на правосилност и на извршност става нотарот по службена должност. Нема повеќе писмено барање од доверителот или адвокатот за ставање потврда за правосилност и за извршност и за трошоци за составување на ова барање со цел намалување на сите трошоци, кои можеа да се намалат и избегнат. Нотарите не ја користат можноста за ставање делумна правосилност и извршност. Имено, иако солидарноста на страна на должникот е по исклучок и поретки се таквите случаи, сепак ја има. Ако еден од должниците го примил решението и не изјавил приговор, исполнети се условите кон тој должник да се стави потврда за делумна правосилност и извршност. Во практика ни се појавуваат случаи кога има два солидарни должника нотарот да ја изврши доставата само до еден должник, тој да изјави приговор и списите се доставуваат во судот без воопшто да биде извршена уредна достава со вториот должник. Судот ќе одлучува само по приговорот на должникот што изјавил приговор и ќе донесе пресуда. Во случаите кога има солидарни должници не треба веднаш по првиот приговор нотарот да ги достави списите до суд. Нотарот е должен уредно да го достави решението, предлогот и прилозите до сите солидарни должници, па за тие што не изјавиле приговор да стави потврда за делумна правосилност и извршност, а во судот да ги достави списите само по изјавените приговори.

*

Чл. 74 од ЗН го регулира укинувањето на потврдите на правосилност и на извршност. Од практика се случува во судот нотарот да достави предмет по навремен приговор, а на решението веќе ставил потврди за правосилност и за извршност. Тоа се случаите кога приговорот доцнел со поштата и нотарот го примил по истек на рокот за приговор иако во пошта препорачано бил примен навремено. Во чл. 105, ст. 2 од ЗПП е предвидено: ако поднесокот е упатен по пошта со препорачана пратка, денот на предавањето во поштата да се смета како ден на предавање на судот до кој е упатен. Во согласност со чл. 12, ст. 3 од ЗИ, неоснованата потврда за извршноста со решение ќе ја укине истиот суд, односно орган што ја ставил по предлог или по службена должност. Во таква ситуација нотарот по службена должност ќе ги укине потврди-

те за правосилност и за извршност. Меѓутоа, нотарот пропушта да го стори тоа, па во судот доставува правосилно и извршно решение, судот да одлучи по приговорот. Овие предмети судот административно ги враќа до нотарот. Се предизвикува дополнително постапување на судот и на нотарот и беспотребно администрирање.

На ова место мора да се спомене дека потврдите на правосилност и на извршност се укинуваат со решение со право на приговор. Не е дозволено во случај на неосновано - избрзано ставени потврди, кога судот ќе ги врати списите, нотарот над потврдите да стави печат „поништено“ и да ги врати списите во судот за да одлучува по приговорот.

Исто така, должниците често место предлог за укинување на потврдите на правосилност и на извршност поднесуваат предлог за повторување на постапката со забелешка дека не го примиле решението. Во тој случај нотарот ќе го смета предлогот за повторување на постапката за предлог за укинување на потврдите на правосилност и на извршност и ќе донесе одлука. Нема потреба нотарот да ги достави списите во судот за судот да одлучи за повторување на постапката пред нотарот. Во судот се формира предмет, се распределува и судот административно го враќа и повторно се предизвикува непотребно администрирање.

**Трошоци вв со предлог за укинување на потврдите за правосилност и за извршност.** Ако должникот успее и потврдите се укинат, значи по правосилност на решението со кое потврдите се укинати, предлогот, решението и прилозите се доставуваат до должникот за да поднесе приговор. Со тоа решение не се завршува постапката, туку ќе продолжи по приговор. Според чл. 158, ст. 4 од ЗПП, за барањето за надомест на трошоците судот ќе одлучи во пресудата или решението со кое се завршува постапката пред тој суд. Од овие причини, со решението со кое се укинуваат потврдите за правосилност и за извршност нотарот не одлучува и за трошоците на должникот затоа што постапката не се завршува со тоа решение.

*

Во чл. 75 од ЗН додаден е нов ст. 2, кој е, всушност, истиот од чл. 68, ст. 3 од ЗИД на ЗН дека нотарот не наплаќа судска такса за издавање нотарски платен налог за услуги што произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, но додадено е и наводнување и одводнување на земјоделско земјиште.

Иако не е наведено дека ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5, а не е наведено ниту дека се бришат, најверојатно е техничка грешка и овие ставови остануваат.

*

Во чл. 76 од ЗН, поедноставено е постапувањето при повлекување на предлогот кога доверителот не бара формално решение. Значи ако е повлечен предлогот пред да биде поднесен приговор, а доверителот не бара формално решение, нотарот ќе постапи на наведениот начин и ќе ги архивира списите. Ако е поднесен приговор, за повлекувањето на предлогот е потребна согласност на должникот.

*

Според чл. 77 од ЗИД на ЗН произлегува дека за сите случаи се плаќа такса за предлог, решение и за приговор, намалена според Законот за нотаријат, освен за исклучоците од чл. 68, ст. 3 од ЗН, кога не се плаќа такса за приговор, но во ова одредба не се внесени услугите што произлегуваат од наводнување и од одводнување на земјоделско земјиште. Според чл. 75, ст.2 од ЗИД на ЗН нотарот не наплаќа судска такса за издавање нотарски платен налог за услуги што произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории... **и наводнување и одводнување земјоделско земјиште**, а тие не се содржани во чл. 77, што значи должниците за побарување од наводнување и од одводнување земјоделско земјиште ќе плаќаат такса за приговор.

*

Во согласност со правното мислење на одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија од 23 февруари.2015 година, таксата за приговор ја наплатува нотарот. Нотарот е должен совесно да ја исполни оваа обврска и да преземе дејства за присилна наплата на таксата за приговор, доколку не е платена со приговорот, а потоа да ги достави списите до судот. Не е спорно дека законот пропишува рок од три дена за достава на приговорот до судот, но, исто така, не треба да се занемари и обврската за наплата на судската такса за приговор, која, според наведеното правно мислење, е обврска на нотарот.

Износот од по 3.000,00 денари по фактура што го побаруваат доверителите по чл. 8 од Законот за финансиска дисциплина не треба да биде пресметан во вредноста на предметот на спорот како основица за плаќање на судската такса затоа што, во согласност со чл. 28, ст. 1 од ЗПП, кога за утврдување на составот на судот, правото на изјавување ревизија и во други случаи предвидени со овој закон е меродавна вредноста на предметот на спорот, како вредност на предметот на спорот се зема предвид само вредноста на главното барање. Според чл. 28, ст. 2 од ЗПП, каматите, парничните трошоци, договорената казна и дру-

гите споредни барања не се земаат предвид ако не го сочинуваат главното барање. Надоместот за доцнење во исполнувањето на паричната обврска претставува еднократен паричен надомест, кој должникот го плаќа на доверителот во случај кога паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со Законот за финансиска дисциплина и има третман на споредно барање. Според чл. 23, ст. 2 од Нотарската тарифа, при определувањето на вредноста на побарувањето во предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, трошоците на постапката и споредните побарувања се земаат предвид само ако се предмет на главното побарување наведено во барањето.

## ДОСТАВА НА ПИСМЕНА

Доставата на решенијата за издавање нотарски платен налог по стапување на сила на ЗИД на ЗН се врши според правилата за достава уредени со ЗПП. Не постојат посебни – специјални одредби за достава на решенијата за НПН, кои беа пропишани до стапување на сила на измените, а тоа, пак, ја отвори дилемата кои одредби ќе се применуваат за достава на решенијата за НПН што се донесени пред измените, а сè уште не се уредно доставени, по стапување на сила на ЗИД на ЗН.

Во чл. 79 од ЗН (Сл. весник на РМ бр.72/16) беше пропишан начинот на достава, а во чл. 80 доставата со јавна објава.

Со ЗИД на ЗН (Сл. весник на РМ бр.233/18) чл. 79 и 80 се менуваат.

Во согласност со чл. 54 од ЗИД на ЗН, овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија. Објавен е во Сл. весник бр. 233 од 20 декември 2018 година и влезе во сила на 28 декември 2018 година.

Според чл. 81 од ЗН, во постапката за издавање нотарски платен налог, во недостиг од одредби од овој закон и за изземање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Во согласност со чл. 50, ст. 1 од ЗИД на ЗПП (Сл. весник на РМ бр.124/2015 од 23 јули 2015 година), постапките пред судовите за кои **тужбата е поднесена пред денот на почнување на примената** на овој закон, **ќе се спроведат според прописите што важеле пред денот на почнување на примената** на овој закон. Според ст. 2, постапките пред првостепените судови за кои **тужбата е поднесена по денот на почнување на примената на овој закон, ќе се водат според одредбите од овој закон.**

Според временското важење на одредбите на ЗПП, кои имаат супсидијарна примена, доведени во корелација со изменетите правила за

достава во Законот за нотаријатот, јасно произлегува дека по предлозите што се поднесени пред 28 декември 2019 година нотарите треба да постапуваат во согласност со Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16 и 142/16) и доставата да ја вршат според правилата за достава пропишани со законот, кои важеле пред денот на стапување на сила на ЗИД на ЗН (Сл. весник на РМ бр. 233/2018).

Дополнителен аргумент е околноста дека чл. 79 и 80 се менуваат, што укажува дека се менува начинот на достава на кој се доставувале писмената што произлегуваат од работата на нотарот, кои биле во примена до влегувањето во сила на ЗИД на ЗН.

Значи, како што се менува формата и содржината на решението за НПН, се менува и начинот на нивна достава.

Во согласност со чл. 52 од Уставот на РМ:

Законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“ најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето.

Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Според Уставот, законите не можат да имаат ретроактивно дејство и тоа е правилото, исклучокот е предвиден за случаите кога тоа е поповолно за граѓаните.

Доставата на решенијата за издавање НПН според ЗИД на ЗН се врши во целост во согласност со глава 10 од ЗПП од чл. 125-143 од ЗПП.

**Достава до физички лица:**

Во согласност со чл. 137, ст. 1 од ЗПП, платен налог се доставува лично до странката што е физичко лице, односно до нејзиниот законски застапник, односно полномошник така што му се предава непосредно на лицето на кое му е испратено.

Првата достава на должникот се врши на адресата наведена во предлогот.

Ако првата достава не е уредна, писменото ќе му се испрати на должникот препорачано по пошта. Ако не биде подигнато во рок од осум дена од денот на известувањето дека треба да се подигне, ќе се смета дека доставата е уредно извршена.

Меѓутоа, во согласност со чл. 128, ст. 4 од ЗПП, доставата на физичко лице се врши на адресата наведена во тужбата. Ако доставата на таа адреса не успее, тогаш доставата се врши на адресата запишана во личната карта.

Тоа значи дека ако првата достава на адресата наведена во предлогот не успее или е неуредна, пред да се пристапи кон втора достава и да се биде сигурен дека доставата се врши на адресата на должникот што е запишана во неговата лична карта, потребно е нотарот да обезбеди податок од МВР за адресата на должникот запишана во лична карта и ако добие податок дека е тоа истата адреса наведена во предлогот, втората достава ја врши препорачано по пошта. Ако должникот во рок од осум дена не ја подигне пратката се смета дека доставата е уредно извршена.

Доколку од МВР се добие податок дека во лична карта должникот има запишано друга адреса, различна од таа што е наведена во предлогот на која била вршена првата достава, тогаш нотарот врши достава на таа адреса и тоа е прва достава, а ако не е успешна, врши втора достава препорачано по пошта и ако должникот во рок од осум дена не ја подигне пратката се смета дека доставата е извршена уредно.

Доколку нотарот добие известување од МВР дека со исто име и презиме има повеќе лица, во тој случај нотарот треба да се обрати до доверителот и од него да бара податоци за идентификација на должникот (татково име, место на раѓање, датум на раѓање, број на лична карта). Нотарот не може да бара од доверителот матичен број, кој е личен податок.

Во случај доколку нотарот добие од МВР податок дека должникот нема живеалиште во РМ, дека е во странство и нема запишана адреса на живеалиште и престојувалиште во РМ, во тој случај нема законска пречка нотарот од страна на Центарот за социјална работа да побара да му назначи привремен застапник на должникот во согласност со чл. 76 од ЗПП. Во ваквата состојба постојат законски услови на должникот да му се постави привремен застапник и нотарот треба да го извести доверителот затоа што трошоците за привремениот застапник паѓаат на товар на доверителот, кој ќе треба да му ги надомести на привремениот застапник, па доколку станува збор за помал долг, доверителот да има можност да процени дали има интерес да ја продолжи постапката. Откако нотарот ќе добие решение од Центарот за социјална работа, предлогот, прилозите и решението ги доставува до назначениот привремен застапник на должникот, кому му го доставува и решението од Центарот во случај, евентуално, да не го примил од Центарот.

Со чл. 128, ст. 4 од ЗПП е пропишано дека ако доставата на физичко лице не успее на адресата наведена во тужбата, тогаш се врши на адресата запишана во личната карта, а според ст. 5, ако доставата со препорачана пратка на адресата запишана во личната карта не успее, се врши со објава на писменото на огласната табла во судот и на веб-страницата на судот. Се смета дека доставата е извршена по истекот на осум дена од денот на објавувањето на писменото на огласната табла на судот или на веб-страницата на судот. Меѓутоа ЗПП за достава на платен налог во чл. 137 предвидел специјална одредба според која се врши лична достава до должникот што е физичко лице. Судската практика има неподелен став за ова прашање дека платен налог на должник што е физичко лице не може да му се достави со објава на огласната табла во судот.

**Достава до правни лица:**

Доставата се врши на адресата наведена во предлогот. По правило, тоа е адресата наведена во тековната состојба на должникот, која доверителот е должен да ја поднесе уште со поднесување на предлогот. Поради ова, во согласност со чл. 128, ст. 1 од ЗПП, доставата на правно лице што е запишано во трговскиот или друг регистар се врши на адреса запишана во трговскиот или друг регистар. Според ст. 2, доколку доставата не успее на таа адреса, се врши со објава на писменото на огласна табла на судот и на веб-страницата на судот. Се смета дека доставата е извршена уредно по истекот на осум дена од денот на објавувањето на писменото на огласната табла во судот или на веб-страницата на судот. Во согласност со ст. 3, овие одредби се применуваат и на физичките лица што вршат определена дејност запишана во трговскиот или друг регистар, кога на тие лица им се врши достава во врска со дејноста што ја вршат.

Иако од законската формулација од чл. 128, ст. 1 и 2 од ЗПП, произлегува дека ако првата достава не успее на адресата запишана во тековна состојба, доставата веднаш се врши со објавување на огласна табла, судската практика не го прифаќа ваквото постапување повикувајќи се на примена на чл. 125, ст. 2 од ЗПП, според кој судот е должен во периодот од 15 дена, сметано од денот кога ќе се утврди потребата од доставување, да направи два обида едноподруго да се изврши уредно доставување. Доколку доставата не успее, тогаш писменото се објавува на огласната табла на судот и со истекот на осум дена од денот на неговото објавување се смета дека доставата е извршена.

Објавата на огласната табла во судот ја врши нотарот. Тоа значи дека нотарот не ги доставува писмената до судот со барање судот да

ги објави на огласната табла и да го извести нотарот за денот на објавата затоа што судот не врши сервисни услуги на нотарот. Со објавата на огласната табла, покрај решението за издавање нотарски платен налог се објавува и предлогот со прилози и тоа треба јасно да е содржано во објавата.

**Судија Наталија Донева**,

Заменик-претседател на
Основен граѓански суд Скопје

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ И ПРИГОВОР ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО СО КОЕ Е ИЗДАДЕН НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

д-р Арсен Јаневски,
редовен професор на Правен Факултет „Јустинијан Први“
Скопје, во пензија

## ВОВЕД.

Одредбите за трансферот на судската надлежност во доменот на постапката за издавање платен налог беа уредени во Законот за изменување и за дополнување на Законот за извршување од 2009 година (ЗИД на ЗИ)[1], со кој нотарите во Република Македонија добија нова изворна надлежност да донесуваат решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Решението на нотарот со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа беше извршна исправа. Со Законот за нотаријатот (ЗН)[2], со денот на почнување на неговата примена, (во согласност со членот 177 од ЗН) престанаа да важат одредбите (од членот 16 - а до 16 - ж) од ЗИД на ЗИ и за првпат се воведува терминот нотарски платен налог и е уредена постапката за издавање нотарски платен налог. Предмет на излагањата во овој труд се одредбите од ЗН и одредбите од Законот за изменување и за дополнување на Законот за нотаријатот (ЗИД на ЗН)[3], кои се однесуваат на решението за издавање нотарски платен налог и на приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог.

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Решението за издавање нотарски платен налог по својата суштина е мериторна одлука со која нотарот го усвојува барањето на доверителот. Решението го издава нотарот. На донесувањето на решението со кое но-

[1] Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2009, во натамошниот текст ќе биде употребуван скратено ЗИД на ЗИ.

[2] Законот за нотаријатот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16, во натамошниот текст ќе биде употребуван скратено ЗН.

[3] Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 233/18, во натамошниот текст ќе биде употребуван скратено ЗИД на ЗН.

тарот го издава предложениот нотарски платен налог не му претходи усна расправа за претпоставките за негово издавање или за неговата основаност. Дали се исполнети претпоставките за издавање на предложениот нотарски платен налог и за неговата основаност, нотарот утврдува од предлогот за издавање решение за нотарски платен налог поднесен од доверителот и од прилозите приложени кон предлогот.

Предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа задолжително го составува адвокат и содржи адвокатски печат и потпис, освен ако доверител е Република Македонија (членот 68 став 2 од ЗН).[4] Предлогот за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа треба да содржи: 1) барање за издавање платен налог со кој се задолжува должникот, под страв на присилно извршување, да го плати паричното побарување што произлегува од исправата во одреден рок; 2) податоци за нотарот што треба да постапува по предлогот; 3) податоци за доверителот и за должникот, за физички лица нивните имиња и презимиња со нивните адреси (за доверителот и ЕМБГ), а за правните лица, фирма, адреса, ЕМБС, нивната сметка во банка, како и сето тоа што е потребно за идентификација и за пронаоѓање на странката (податоци што треба да ги содржи секој поднесок); 4) видот и обемот на побарувањето; 5) времето на исполнување на обврската и нејзината достасаност; 6) писмена изјава од доверителот дека побарувањето достасало и да го означи денот на достасаноста на побарувањето, ако од веродостојната исправа не се гледа кога достасува побарувањето; 7) доказ дека е платена судската такса (ако не е во прашање побарување што е предвидено во членот 18 и во членот 25 од измените на ЗИД на ЗН, за кои не се плаќа судска такса); 8) попис на трошоците што ги бара доверителот да му бидат надоместени од должникот (ова е дополнување на членот 69 став 1 од ЗН предвидено во членот 19 од ЗИД на ЗН) и 9) други наводи, кои би биле значајни за да може нотарот да постапува по предлогот и потпис на подносителот на предлогот.[5]

Ако нотарот оцени дека е месно надлежен, а предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е уреден, допуштен и основан, нотарот веднаш, а најдоцна во рок од

[4] По исклучок од ставот 2 од член 68 од ЗН, предлогот за издавање решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување што произлегува од комунални услуги и тоа: - за вода, смет и за одржување заеднички простории за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари, - за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 15.000,00 денари, - за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари, се поднесува непосредно до нотарот, без плаќање на обврската за судска такса (членот 18 од ЗИД на ЗН).

[5] Некои од наведените податоци што треба да ги содржи предлогот за издавање решение за нотарски платен налог се конкретно наведени во членот 69 од ЗН, а некои се наведени врз основа на членот 81 од ЗН, кој не е изменет со ЗИД на ЗН, а кој предвидува во постапката за издавање нотарски платен налог во недостиг на одредби во ЗН и за изземање, соодветно да се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

три дена од приемот на предлогот, ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог (членот 21 став 6 од ЗИД на ЗН)[6]. Се поставува прашањето што ако нотарот не го донесе решението за издавање нотарски платен налог во рокот од три дена. Рокот од три дена не е преклузивен. Иако рокот не е преклузивен, повреда има, но таа е релативна суштествена повреда.[7]

Во постапката пред нотар за издавање решение за нотарски платен налог, со исклучок на случаите предвидени со членот 68 став 3, а во врска со членот 75 став 2 од ЗИД на ЗН, за предлог, решение и за приговор се плаќа судска такса во согласност со Законот за судските такси, намалена според Законот за нотаријатот (член 77 од ЗН и член 27 од ЗИД на ЗН).

Ако нотарот оцени дека предлогот за издавање решение за нотарски платен налог не е допуштен или не е основан, ќе го препрати предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба (член 21 став 8 од ЗИД на ЗН).

## СОДРЖИНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

До донесувањето на ЗИД на ЗН, решението со кое нотарот го издаваше нотарскиот платен налог имаше форма на штембил со точно определена содржина според ЗН (членот 78 од ЗН). Со ЗИД на ЗН со членот 28 е изменет членот 78 од ЗН. Со членот 28 од ЗИД на ЗН се укинати одредбите за штембилот. Според членот 28 од ЗИД на ЗН нотарот го издава платниот налог со решение.

Решението со кое нотарот издава нотарски платен налог ја има следнава содржина:

**- податоци за нотарот што го издава платниот налог,**

**- назначување дека е решение со кое се издава нотарски платен налог,**

**- назначување дека се усвојува предложениот нотарски платен налог и се задолжува должникот да му го плати на доверителот пристигнатото парично побарување според веродостојната исправа, видот и обемот на побарувањето, како и трошоците на постапката, во рок од осум дена од приемот на решението,**

[6] Со членот 21 од ЗИД на ЗН се менува членот 71 од ЗН.

[7] Непочитувањето на рокот за издавање решение за нотарски платен налог, ако нема оправдани причини за тоа, може да биде причина за поведување дисциплинска постапка против нотарот. Во согласност со членот 138 став 1, алинеја 8 од ЗН, непочитувањето на рокот може да се третира како повреда со која се одложува или несовесно се исполнува обврска определена со законот, подзаконските акти и актите на Комората, за што може да се изрече дисциплинска мерка писмена опомена или парична казна од 500 евра во денарска противвредност според член 138 од ЗН и членот 42 од ЗИД на ЗН.

**- правна поука за правото на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог и**

**- датум на донесување на решението, потпис и печат на нотарот.**

Наведената содржина на решението е задолжителна. Бидејќи со решението со кое е издаден нотарскиот платен налог се усвојува барањето за паричното побарување на доверителот наведено во предлогот за донесување решение за издавање нотарски платен налог, кое произлегува од приложената веродостојна исправа кон предлогот, износот на паричното побарување наведен во предлогот треба да биде еднаков со износот што е усвоен во решението со кое е издаден нотарскиот платен налог.

Од наведеното јасно и недвосмислено произлегува дека првиот услов за да може нотарот да издаде решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е да постои парично побарување. Паричното побарување да е достасано. Ако од веродостојната исправа не се гледа кога достасува побарувањето, нотарот ќе издаде решение за нотарски платен налог ако доверителот поднесе писмена изјава дека достасало побарувањето и ако го означи денот на достасаноста на побарувањето. Писмената изјава за достасаност на побарувањето се приложува заедно со предлогот за издавање решение за нотарски платен налог.

Платниот налог може да се издаде само за целиот износ на паричното побарување, а не и за еден негов дел. Кога е истакнато барање за камата по повисока стапка од пропишаната, нотарот ќе издаде решение за платен налог за камата според пропишаната стапка. Во поглед на надоместот на трошоците настанати по повод поднесување на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог (трошоците на постапката), нотарот ќе одлучи само ако доверителот во предлогот за издавање решение за нотарски платен налог бара трошоци, но нотарот може да одлучи да не му ги признае во целост.

Вториот услов за издавање решение за нотарски платен налог е доверителот да приложи веродостојна исправа со која се докажува достасаното парично побарување. Веродостојната исправа треба да биде приложена во оригинал или во препис заверен кај нотар само за примерокот на нотарот. Во поглед на веродостојната исправа што се доставува кон предлогот, ЗН и ЗИД на ЗН се децидни и нема можност за поинакво толкување. Таа мора да биде доставена во оригинал или во препис заверен од нотар.[8]

[8] Имајќи ја предвид одредбата од членот 20 од ЗИД на ЗН, според која веродостојната исправа со која се докажува паричното побарување треба да биде приложена во оригинал или во препис заверен од нотар, не би можело врз основа на членот 81 од ЗН, кој дава можност за супсидијарна примена на ЗПП, да се примени одредбата од членот 472 став 2 од ЗПП во која е наведено: „Исправата врз основа на која се издава платниот налог според членот 418 од ЗПП не мора да биде приложена во оригинал или во заверен препис. Доволно е ако преписот на таквата исправа го заверил овластен орган на правното лице“.

Од одредбите содржани во членот 28 од ЗИД на ЗН, со кои е уредена содржината на решението со кое се издава нотарскиот платен налог, според алинеја 3, во решението треба задолжително да биде наведена веродостојната исправа врз основа на која се усвојува предложениот нотарски платен налог и се задолжува должникот да му го плати на доверителот пристигнатото парично побарување по вид и обем како што е наведено во предлогот, како и трошоците на постапката, во рок од осум дена од приемот на решението.

Во членот 20 став 2 од ЗИД на ЗН таксативно се наброени исправите што се сметаат за веродостојни според овој закон. За разлика од одредбата од член 70 став 2 од ЗН, која со член 20 од ЗИД на ЗН е изменета во целост, листата на веродостојни исправи, според членот 20 став 2 од ЗИД на ЗН е проширена, но и набројувањето во оваа листа е таксативно. Ни ЗН, ни ЗИД на ЗН не го дефинираат поимот веродостојна исправа. Би требало поимот веродостојна исправа за потребите на ЗН да се прифати само како ознака за одредени исправи врз основа на кои нотарот може да издаде решение за нотарски платен налог.[9]

Според членот 20 став 2 од ЗИД на ЗН веродостојни исправи се: 1) фактура; 2) меница и чек со протест и со повратна сметка, кога е тоа потребно за засновање побарување; 3) јавна исправа; 4) извод од заверена деловна книга; 5) приватна исправа на која потписот од должникот го заверил нотар; 6) исправа, која, според посебни прописи, има значење на јавна исправа; 7) градежна ситуација и 8) пресметка на камата.

Во поглед на тоа што се смета за веродостојна исправа ЗН ја следи новелата на ЗПП од 2015 година, во која бројот на наведените веродостојни исправи е редуциран и лимитиран. ЗИД на ЗН ја прошири листата на веродостојни исправи, но и тој го прифати таксативното набројување.

За веродостојната исправа да биде подобна за нотарот да издаде решение за нотарски платен налог, треба во неа да се наведени доверителот, должникот, видот и обемот на побарувањето и времето на исполнување на обврската.

Решението со кое се издава нотарски платен налог треба да содржи поука за правото на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог. Должникот или доверителот можат да дадат приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог, како и за одлуката за трошоците, (член 72 став 1 од ЗН и член 22 став 1 од ЗИД на ЗН).

Решението за издавање нотарски платен налог веднаш се доставува до доверителот, а ако доверителот има полномошник, до него и до

[9] Така и А. Јаневски, Т. Зороска - Камиловска, Измените во Законот за парничната постапка и во Законот за извршување и нивното влијание на работата на нотарите, Нотариус, бр.19/2011, стр. 42-43.

должникот[10]. За должникот што е државен орган основан со закон решението за издавање нотарски платен налог се доставува до Државниот правобранител на Република Македонија. Бидејќи решението за издавање нотарски платен налог не е посебно образложено, должникот мора да биде запознаен со основата на барањето што е наведена во предлогот на доверителот и затоа мора, покрај предлогот, да му бидат доставени и сите прилози (член 21 став 7 од ЗИД на ЗН). Во спротивно, доставувањето на решението ќе се смета дека не е уредно. Новина во ЗИД на ЗН во однос на ЗН е тоа што веродостојната исправа врз основа на која се издава решението за нотарски платен налог е во оригинал или препис заверен кај нотар само за примерокот на нотарот. На должникот му се доставува решението за усвоениот платен налог, заедно со предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, со сите прилози што му ги доставил доверителот на нотарот.

Доставувањето писмена кои што произлегуваат од работата на нотарот во постапката за нотарски платен налог се врши според одредбите од Законот за парничната постапка (член 29 од ЗИД на ЗН)[11]. Одредбите за судски доставувачи соодветно се применуваат за овластени лица за достава, вработени во нотарската канцеларија (член 30 од ЗИД на ЗН).[12]

Решението треба да содржи датум кога го донел нотаротот, негов потпис и печат.

Решението со кое се издава нотарски платен налог е од кондемнаторна природа. Рокот за исполнување на паричната обврска се совпаѓа со рокот за давање приговор. Рокот почнува да тече од доставувањето на решението на должникот.

## ДРУГИ РЕШЕНИЈА ШТО МОЖЕ ДА ГИ ДОНЕСЕ НОТАРОТ ПО ПОВОД ИЗДАВАЊЕТО РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ И ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Нотарот во постапката за издавање решение за нотарски платен налог постапувајќи по предлогот на доверителот, покрај решението за издавање нотарски платен налог со кое го усвојува предложениот

[10] Првата реченица од ставот 7 од членот 21 од ЗИД на ЗН со кој е изменет членот 71 од ЗН, не е добро формулирана и може да предизвика забуна при нејзината примена. Имено: „Решението за издавање нотарски платен налог веднаш се доставува до доверителот или до неговиот полномошник и до должникот". Се добива впечаток дека е оставено на нотарот да избере кому ќе му го достави решението, дали на доверителот или на неговиот полномошник. Ако се имаат предвид одредбите за супсидијарна примена на ЗПП, станува јасно дека кога странката има полномошник, доставата се врши на него. Нејаснотијата ја прави сврзникот „или". Затоа би било добро при идни измени во законот сврзникот „или" да се замени со зборовите: „а ако доверителот има полномошникдо него".

[11] Со членот 29 од ЗИД на ЗН е изменет членот 79 од ЗН.

[12] Со членот 30 од ЗИД на ЗН е изменет членот 80 од ЗН.

нотарски платен налог на доверителот (со кое мериторно одлучува), може да донесе и други решенија, кои во најголем број се од процесно-правна природа.

***1.* Решение на нотарот со кое предлогот за издавање нотарски платен налог се смета за повлечен поради неплатена судска такса.** Во постапката пред нотар за издавање решение за нотарски платен налог, со исклучок на случаите предвидени со членот 68 став 3, а во врска со членот 75 став 2 од ЗИД на ЗН, за предлог, решение и за приговор се плаќа судска такса во согласност со Законот за судските такси, намалена според Законот за нотаријатот (членот 77 од ЗН и членот 27 од ЗИД на ЗН). Ако доверителот, освен во ситуација на поднесен предлог за издавање решение за нотарски платен налог од членот 18 од ЗИД на ЗН, со кој е изменет членот 68 став 3 од ЗН[13], не ја плати судската такса во рок од осум дена од денот на поднесување на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот за издавање нотарски платен налог ќе се смета за повлечен поради неплатена судска такса (член 21 став 1 од ЗИД на ЗН). Со решението нотарот ќе го задолжи доверителот да му плати материјални трошоци и нотарска награда. Решението на нотарот со кое предлогот за издавање решение за нотарски платен налог на доверителот, поради неплатена судска такса, се смета за повлечен е процесно решение. Ова решение има вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Против решението на судот е дозволена жалба во рок од осум дена од приемот на решението до надлежниот Апелационен суд (член 21 став 5 од ЗИД на ЗН). Ако доверителот во предвидениот рок не даде приговор, решението станува правосилно и постапката е завршена.

***2.*** Решение на нотарот со кое се огласува дека не е месно надлежен. Ако нотарот оцени дека не е месно надлежен за постапување и за издавање решение за нотарски платен налог, нотарот може да ги донесе следниве решенија: 1) Решение со кое нотарот се огласува за месно ненадлежен и списите на предметот му ги доставува на месно надлежен нотар по избор на доверителот и 2) Решение со кое нотарот се огласу-

[13] Со членот 18 од ЗИД на ЗН е изменет членот 68 став 3 од ЗН. Според членот 18 од ЗИД на ЗН, кога предлогот на доверителот за издавање решение за нотарски платен налог за побарување од комунални услуги се однесува за вода, смет и за одржување заеднички простории за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 денари, за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 15.000,00 денари, за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,00 днари, се поднесува непосредно до нотарот, без плаќање на обврската за судска такса.

ва за месно ненадлежен и по свој избор определува на кој месно надлежен нотар ќе му ги достави списите по правосилноста на решението со кое се огласил за месно ненадлежен.

Решение со кое нотарот се огласува за месно ненадлежен и списите на предметот му ги доставува на месно надлежен нотар по избор на доверителот или по избор на нотарот. Кога нотарот ќе оцени дека не е месно надлежен за постапување и за издавање решение за нотарски платен налог пред да донесе решение за издавање нотарски платен налог, затоа што адресата на должникот што е физичко лице, односно седиштето на правното лице не се наоѓа на службеното подрачје на нотарот, тогаш нотарот ќе го повика доверителот или неговиот полномошник во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето за да определи месно надлежен нотар за да му се достават списите на предметот.

Ако во определениот рок доверителот или неговиот полномошник достави известување со кое определува месно надлежен нотар, нотарот донесува решение со кое се огласува за месно ненадлежен и списите на предметот му ги доставува на месно надлежниот нотар што го определил доверителот, односно неговиот полномошник .

Ако во определениот рок нотарот не добие известување на кој месно надлежен нотар да му ги достави списите на предметот, нотарот со решение ќе се огласи за месно ненадлежен и ќе определи по свој избор на кој месно надлежен нотар ќе му ги достави списите по правосилноста на решението со кое се огласил за месно ненадлежен. Ваквото постапување на нотарот е уредено во членот 21 став 2 од ЗИД на ЗН.

Ако нотарот по донесувањето на решението за нотарски платен налог утврди дека е месно ненадлежен, нема да го укине издаденото решение за нотарски платен налог, туку по правосилноста на решението со кое се огласил за месно ненадлежен ќе му го отстапи предметот на надлежниот нотар (член 426 став 2 од ЗПП). И во овој случај нотарот ќе побара од доверителот или од неговиот полномошник да определи на кој месно надлежен нотар да  му го достави предметот.

Ако во определениот рок од осум дена доверителот или неговиот полномошник го извести нотарот на кој месно надлежен нотар да му го достави предметот, нотарот правосилното решение со кое се огласил за месно ненадлежен со предметот ќе му го достави на месно надлежниот нотар што го определил доверителот, односно неговиот полномошник.

Ако во определениот рок од осум дена доверителот или неговиот полномошник не го известат нотарот на кој месно надлежен нотар да

му биде доставен предметот, нотарот ќе определи по свој избор на кој месно надлежен нотар ќе му ги достави списите по правосилноста на решението со кое се огласил за месно ненадлежен.

Нотарот на кој му е отстапен предметот, по добивањето на предметот со сите списи го заведува предметот во негов уписник со забелешка дека му е отстапен од месно ненадлежен нотар по донесено правосилно решение за прогласување на месно ненадлежен, а потоа ја продолжува постапката така што на странките (должникот и доверителот) ќе им го достави решението за издадениот нотарски платен налог, без оглед што тоа решение го донел месно ненадлежен нотар со забелешка дека доколку дадат приговор, приговорот треба да го дадат преку нотарот што им го доставил решението за нотарски платен налог до основниот суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што им го доставил нотарскиот платен налог. Исто така, нотарот на кој му е отстапен предметот ќе ги преземе и сите други натамошни дејства, ставање потврда за правосилност и за извршност, нивно укинување, архивирање на предметот и сл.

Решението со кое нотарот се огласил за месно ненадлежен содржи вовед, изрека и образложение. Против ова решение е дозволен приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Против решението на судот е дозволена жалба во рок од осум дена од приемот на решението до надлежниот Апелационен суд (член 21 став 5 од ЗИД на ЗН).

***3.* Решение на нотарот со кое предлогот на доверителот за издавање нотарски платен налог се смета за повлечен затоа што не е уреден.** Предлогот на доверителот за издавање решение за платен налог врз основа на веродостојна исправа треба да биде уреден. Ако нотарот оцени дека предлогот за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа не е уреден, ќе му го врати на доверителот, кој нема полномошник, да го уреди според дадените насоки во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето. Ако предлогот биде уреден и предаден на нотарот во определениот рок, ќе се смета дека е поднесен тој ден кога бил првпат поднесен до нотарот. Ако предлогот не му биде вратен на нотарот во определениот рок, нотарот ќе донесе решение со кое ќе се смета дека предлогот е повлечен (член 21 став 3 од ЗИД на ЗН). Решението содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Против решението на судот е дозволе-

на жалба во рок од осум дена од приемот на решението до надлежниот Апелационен суд (член 21 став 5 од ЗИД на ЗН).

***4.* Решение на нотарот со кое предлогот на доверителот се отфрла како неуреден.** Ако нотарот оцени дека предлогот за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа не е уреден, ќе го врати на доверителот, кој нема полномошник, за да го уреди според дадените насоки во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето. Ако предлогот му биде вратен на нотарот без да биде уреден, нотарот ќе донесе решение со кое ќе го отфрли предлогот (член 21 став 3 од ЗИД на ЗН). Решението содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Против решението на судот е дозволена жалба во рок од осум дена од приемот на решението до надлежниот Апелационен суд (член 21 став 5 од ЗИД на ЗН).

***5.* Решение со кое се отфрла предлогот на доверителот за издавање нотарски платен налог поднесен од полномошник.** Предлогот поднесен од полномошник, кој е неразбирлив или не ги содржи податоците од членот 98 ставови 3, 4 и 5 од ЗПП[14] или не е поднесен во доволен број примероци заедно со прилозите и со веродостојната исправа во оригинал или заверен препис за примерокот на нотарот, кога тие се поднесени во писмена форма, нотарот ќе го отфрли (член 21 став 4 од ЗИД на ЗН). Решението со кое се отфрла предлогот содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Против решението на судот е дозволена жалба во рок од осум дена од приемот на решението до надлежниот Апелационен суд (членот 21, став 5 од ЗИД на ЗН).

***6.* Решение со кое се прекинува постапката по предлогот за издавање нотарски платен налог на доверителот.** Ако нотарот во текот на постапката за издавање нотарски платен налог е известен дека

[14] Членот 98 ставови 3, 4 и 5 од ЗПП гласат: (3) Поднесоците мораат да бидат разбирливи и мораат да го содржат сето тоа што е потребно за да може да се постапи по нив. Тие треба да содржат: означување на судот, име и презиме поткрепено со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар, поткрепени со доказ од соодветниот регистар, нивните законски застапници иполномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, вредноста на спорот, содржината на изјавата и потпис на подносителот, односно електронски потпис, е-адреса и телефон за контакт. (4) Поднесоците поднесени од адвокати, државен орган, односно орган на државна управа, единици на локалната самоуправа, правни лица и лица што вршат јавни овластувања, покрај податоците од ставот (3) на овој член, треба да содржат и податоци за електронско сандаче за достава на писмената регистрирано во согласност со закон. (5) Странката во поднесокот е должна да го наведе својот единствен матичен број на граѓанинот, односно единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) за правните лица.

физичко лице доверител или должник починало, за што му е доставен извод од матичната книга на умрените (член 200 став 1, точка 1 од ЗПП); или кога е известен дека странката што е правно лице престанала да постои, односно кога надлежниот орган правосилно ќе одлучи за забрана на работата (член 200 став 1, точка 4 од ЗПП); или кога ќе настапат правните последици од отварање стечајна постапка (член 200 став 1, точка 5 од ЗПП), нотарот донесува решение со кое ја прекинува постапката (во согласност со членот 81 од ЗН, одредба што упатува на супсидијарна примена на ЗПП). Решението со кое се прекинува постапката содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот (член 81 од ЗН в. в. со членот 204 од ЗПП). Постапката ќе продолжи кога наследникот или старателот на оставината, новиот законски застапник, стечајниот управник или правните следбеници на правното лице ќе ја преземат постапката или кога нотарот, по предлог од противничката странка, ќе ги повика да го направат тоа (член 203 став 1 од ЗПП).

***7.* Решение со кое се укинува решението за издавање нотарски платен налог и се отфрла предлогот на доверителот.** Ако по донесување на решението за нотарски платен налог, во текот на доставата на решението нотарот дознае (биде известен врз основа на соодветен доказ) дека должникот што е физичко лице починал пред поднесување на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, односно должникот што е правно лице е избришан од Централниот регистар (поради ликвидација или стечај), нотарот ќе донесе решение со кое го укинува издаденото решение за нотарски платен налог и ќе го отфрли предлогот на доверителот за издавање решение за нотарски платен налог. Решението содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот.

**8. Решение со кое се укинува решението за издавање нотарски платен налог кон еден од должниците и предлогот на доверителот кон тој должник се отфрла како недозволен.** Ако по донесување на решението за нотарски платен налог, во текот на доставувањето на решението, кога со решението се опфатени повеќе должници, нотарот дознае (биде известен врз основа на соодветен доказ) дека некој од тие должници - физичко лице, починал пред поднесување на предлогот за

издавање решение за нотарски платен налог, нотарот ќе донесе решение со кое го укинува издаденото решение за нотарски платен налог за тоа лице и ќе го отфрли предлогот на доверителот за издавање решение за нотарски платен налог за тоа лице како недозволен. Решението содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот.

***9.* Решение со кое нотарот го одбива како неоснован предлогот на должникот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност.** Нотарот по службена должност ќе стави потврда за правосилност на решението со кое е издаден нотарски платен налог, ако во рокот од осум дена, сметано од денот на приемот на решението, од должникот или од доверителот не прими приговор, односно доколку со правосилно решение на судот приговорот е отфрлен како ненавремен, нецелосен или недозволен (член 73 став 1 од ЗН и член 23 став 1 од ЗИД на ЗН). Нотарот ќе стави потврда за извршност на решението со кое е издаден нотарски платен налог доколку истекол рокот за доброволно исполнување на обврската определен со решението (член 73 став 2 од ЗН). Ако нотарот постапувајќи по службена должност ставил потврда за правосилност и за извршност на решението со кое е издаден нотарски платен налог (затоа што не добил приговор, а истекол и рокот за доброволно исполнување на обврската) постапувајќи по предлогот на должникот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност ќе донесе решение со кое го одбива предлогот на должникот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност. Решението содржи вовед, изрека и образложение. Решението содржи и правна поука дека е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот на решението преку нотарот до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот (член 74 став 3 од ЗН). Нотарот го доставува приговорот заедно со сите списи до надлежниот суд во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот (член 24 став 2 од ЗИД на ЗН).

***10.* Решение со кое нотарот ја укинува потврдата за правосилност и за извршност.** По писмен предлог на странката или по службена должност нотарот со решение ќе ја укине потврдата за правосилност и за извршност откако ќе утврди дека потврдите се неосновано ставени и тоа во рок од осум дена по приемот на писмениот предлог на странката или откако, по службена должност, констатирал дека потврдите се неосновано ставени. Против решението со кое нотарот одлучувал за укинување на потврдата за правосилност и за извршност

дозволен е приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението, преку нотарот, до основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што одлучувал по предлогот. Нотарот го доставува приговорот заедно со сите списи до надлежниот суд во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот (член 24 став 2 од ЗИД на ЗН).

***11.* Решение на нотарот за отфрлање на предлогот на должникот за укинување на потврдата за извршност.** Постапувајќи по повторно поднесен предлог на должникот за укинување на потврдата за извршност, ако нотарот утврди дека веќе еднаш предлогот на должникот бил одбиен како неоснован, а и приговорот на должникот поднесен на решението на нотарот со кое предлогот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност бил одбиен од основниот суд како неоснован, а решението на нотарот било потврдено, нотарот ќе донесе решение со кое се отфрла предлогот на должникот за укинување на потврдата за извршност. Нотарот ќе постапи вака затоа што станува збор за пресудена работа. Решението има вовед, изрека и образложение. Против решението на нотарот донесено по предлогот на должникот за укинување на потврдата за извршност, може да се поднесе приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку нотарот до основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што одлучувал по предлогот. Нотарот го доставува приговорот заедно со сите списи до надлежниот суд во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот (член 24 став 2 од ЗИД на ЗН).

***12.* Решение за повлекување на предлогот за издавање нотарски платен налог.** Доверителот или адвокатот како полномошник на доверителот може да побара повлекување на предлогот за издавање нотарски платен налог без согласност на должникот само до поднесување на приговорот. Ако предлогот за издавање платен налог биде повлечен, нотарот со решение ќе констатира повлекување на предлогот и ќе го укине донесеното решение. Ако доверителот или адвокатот како полномошник на доверителот не бара изработување формално решение, нотарот ќе ги архивира списите на предметот (член 76 од ЗН и член 26 од ЗИД на ЗН). Ако доверителот бара изработување формално решение, тоа решение има вовед, изрека и образложение.

***13.* Решение за поправање на решението за издавање нотарски платен налог.** Грешките во имињата и во броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и во сметањето, ќе ги поправи нотарот во секое време. Поправањето се врши со посебно решение што се внесува на крајот на оригиналот, а до странките се доставува препис на решението. Рокот за изјавување правен лек – приговор во поглед на поправениот дел на решението тече од денот на доставувањето на по-

правениот препис на решението (член 81 од ЗН в. в. со членовите 331 и 336 од ЗПП). Против решението на нотарот за поправање на решението за издавање нотарски платен налог е дозволен приговор во рок од осум дена од приемот, преку нотарот, до основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што го донел решението.

## ПРИГОВОР ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Решението со кое е издаден нотарски платен налог може да се побива со приговор. Приговор може да се даде и против одлуката за трошоците (член 72 став 1 од ЗН и член 22 став 1 од ЗИД на ЗН)[15]. Според член 72 став 1 од ЗН, приговорот против решението за издавање нотарски платен налог можеше да го даде само должникот. Со донесувањето на ЗИД на ЗН приговор против решението за издавање нотарски платен налог може да даде и доверителот (член 22 став 1 од ЗИД на ЗН**).** Приговорот против решението за издавање нотарски платен налог е редовен, деволутивен, суспензивен, неограничен, двостран и преклузивен правен лек.

Според член 68 став 2 од ЗН, кој со ЗИД на ЗН не е изменет, приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог или на одлуката за трошоците, приговорот против решението на нотарот со кое се отфрла предлогот како неуреден, предлогот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност, приговорот против решението на нотарот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност, приговорот против одлуката на нотарот со која се одбива предлогот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност и жалбата против решението на судот, задолжително ги составува адвокат и содржат адвокатски печат и потпис, освен доколку доверител е Република Македонија.**[16]** Наведените приговори не мора да бидат

[15] Во парнична постапка ако судскиот платен налог се побива единствено во поглед на одлуката за трошоците, оваа одлука може да се побива само со жалба против решение (член 422 став 1 од ЗПП).

[16] Задолжително составување поднесоци од адвокат (барање за поведување извршување извршна исправа, чијашто вредност на главното побарување е повисока од 10.000 евра, поднесување приговор и поднесување жалба) во постапката за извршување предидуваше и Законот за извршување од 2016 година (освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице). Види: член 28 став 1; член 86 став 1 и членот 87 став 1 од Законот за извршување од 2016 година. Законот за извршување од 2016 година е објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 72/16 и 142/16, во натамошниот текст ќе биде употребуван скратено ЗИ. Поопширно за ова види: A. Janevski, Zakon o izvršenju iz 2005 godine i novi Zakon o izvršenju Republike Makedonije iz 2016 godine, Zbornik radova sa II Međunarodnog savjetovanja „Aktualnosti građanskog procesnog prava-nacionalna i usporedna pravnoteoriska i praktična dostignuća„ Split, 2016, str.48 i sled. Со Одлука на Уставниот суд У. број **135/2016 од 24 јануари 2018 година, објавена во „**Службен весник на Република Македонија**"** бр. **26/2018 година, на 8.2.2018 година, одредбите за задолжителното составување поднесоци од адвокат во постапката за извршување од Законот за извршување од 2016 година,** содржани во член **28** став 1, член **86** став 1 и член **87** став 1 во делот за задолжителното составување од адвокат**,** се укинати. И покрај ваквото решение на Уставниот суд во поглед на одредбите за задолжителното составување на наведените поднесоци од адвокат во извршувањето, кои беа укинати, Уставниот суд на Република Македонија,

составени од адвокат и да содржат адвокатски печат и потпис доколку вредноста на побарувањето во веродостојната исправа е под 10.000 евра, кога доверител е банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или осигурително друштво (член 68 став 4 од ЗН), како и кога се во прашање комунални услуги предвидени во членот 18 од ЗИД на ЗН (со кој е изменет член 68 став 3 од ЗН).

Со членот 68 став 2 од ЗН не се опфатени сите решенија што ги донесува нотарот во постапката за издавање нотарски платен налог и поднесоците на странките во таа постапка. Така, не е предвидено дека мора адвокат да состави и поднесе приговор од доверителот против решението со кое предлогот за издавање нотарски платен налог се смета за повлечен поради неплатена судска такса (член 21 од ЗИД на ЗН со кој е изменет членот 71 од ЗН), предлог со кој се повлекува приговорот даден против решението за повлекување на издадениот нотарски платен налог (член 76 од ЗН), приговор против решението со кое се бара исправање на решението што го донел нотар во текот на постапката и др.

Приговорот против решението за издаден нотарски платен налог се поднесува против издадено решение, кое сѐ уште не станало правосилно. Навремено поднесениот приговор го одложува настапувањето на правосилноста и на извршноста на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог. Во делот во кој решението за издавање нотарски платен налог не е оспорено со приговор, станува правосилно (член 422 став 2 од ЗПП)[17].

Приговорот се поднесува до надлежниот основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот, преку нотарот што го донел решението со кое е издаден нотарскиот платен налог, во рок од осум дена сметано од денот на приемот на решението (член 72 став 2 од ЗН)[18]. Нотарот кај кој е поднесен приговор против нотарскиот платен налог, односно против решението во делот на трошоците, во рок од три дена од денот на поднесениот приговор ќе ги достави списите до надлежниот основен суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што постапувал по предлогот (член 72 став 3 од ЗН)[19]. Нотарот нема законско овластување да оценува дали приговоне ги укина одредбите за задолжително составување поднесоци за поведување постапка по нотарски платен налог, и давање приговор и жалба во таа постапка, содржани во ЗН. Уставниот суд на Република Македонија со решение у. **број 141/2016 од 5. 7. 2017 година не поведе постапка за оценување на уставноста на член**от **68** ставови **2, 3 и 4 од Законот за нотаријатот** „Службен весник на Република Македонија“ бр. **72/16 и 142/16, а со** решение у. број **134/2016 од 12. 7. 2017 година, ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 68** ставови **2, 3 и 4 од Законот за нотаријатот** „Службен весник на Република Македонија“ бр. **72/16 и 142/16.**

[17] Во постапката за издавање нотарски платен налог, во недостиг на одредби од овој закон (ЗН) и за изземање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка (член 81 од ЗН).

[18] Бидејќи рокот е одреден во денови, треба да се имаат предвид одредбите од ЗПП што се однесуваат на сметање на рокот.

[19] Нотарот кога го доставува предметот со списите до судот што треба да одлучува по приговорот, треба да

рот е даден во рокот, дали е дозволен и дали е целосен. Тоа го оценува судот откако ќе го добие приговорот со списите во предметот. По приговорот на решението за издавање нотарски платен налог надлежниот основен суд одлучува во согласност со одредбите на ЗПП (член 428-а став 1 од ЗИД на ЗПП)[20].

Во поглед на причините поради кои може да се даде приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог во ЗН нема одредба. Приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог може да се даде од истите причини поради кои може да се даде жалба против пресуда - неограниченост на платниот налог.[21] Во ЗН нема одредба дали приговорот треба да биде образложен. Би било добро странката што го дава приговорот да го образложи. Судот не може да го отфрли необразложениот приговор, тој е должен во контрадикторна постапка да ја оцени основаноста на барањето наведено во предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, но судот е овластен да го отфрли приговорот што е даден од лице против кое не е издадено решението за нотарски платен налог.[22]  Иако во ЗН не се наведени причините поради кои странките можат да дадат приговор, причините можат да бидат различни: должникот го намирил побарувањето, побарувањето е застарено, должникот не му должи на доверителот, побарувањето не е достасано, за истото побарување е правосилно пресудено, нотарот што го донел решението со кое е издаден нотарски платен налог не е месно надлежен, станува збор за побарување за кое има услов што не е исполнет и др.[23]

Приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог судот ѝ го доставува на противничката странка за одговор.

Приговорот против решението со кое е издаден нотарскиот платен налог се дава во рок од осум дена по приемот на решението[24]. Рокот од

внимава на стварната надлежност на судот што треба да одлучува по приговорот затоа што од вредноста на паричното побарување зависи дали по приговорот ќе биде надлежен да постапува основен суд или основен суд со проширена надлежност.

[20] Со Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка (ЗИД на ЗПП) објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 124/2015 година, со членот 42 од ЗИД на ЗПП, по членот  428 е додаден нов наслов: „2. Постапка по приговор по нотарски платен налог" и три члена 428-а, 428-б и 428-в.

[21] Така и А. Јаневски, Т. Зороска - Камиловска, Граѓанско-процесно право, книга прва, Парнично право, второ изменето и дополнето издание, Скопје, 2012, стр. 514.

[22] Така: S.Triva, M.Dika, Građansko parnično procesno pravo, VII. Izmijenjeno i dopunjeno iydanje, Narodne novine d.d. Zagreb, str.816.

[23] Така и А. Јаневски, Т. Зороска - Камиловска, Измените во Законот за парничната постапка и во Законот за извршување и нивното влијание на работењето на нотарите, Нотариус, бр. 19/2011, стр. 48; К. Чавдар, К. Чавдар, Закон за извршување со коментари, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар, Академик, 2011, стр. 103.

[24] Рокот од осум дена за приговор против решението за издавање платен налог е предвиден во член 72 став 2 од ЗН и во член 28 став 1, алинеја 4, од ЗИД на ЗН. Членот 28 од ЗИД на ЗН со кој се менува членот 78 од ЗН ја уредува содржината на решението за издавање нотарски платен налог. Во член 28 став 1, алинеја 4 од ЗИД на ЗН конкретно е наведено дека решението со кое нотарот издава нотарски платен налог содржи - правна поука за правото на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението со кое е издаден нотарскиот

осум дена е преклузивен.

Бидејќи на донесувањето на решението со кое нотарот го издава предложениот нотарски платен налог не му претходи усна расправа за претпоставките за негово издавање или за неговата основаност и на должникот не му е дадена можност да се изјасни за предлогот на доверителот, приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог има карактер и на одговор на тужба[25]. Должникот во приговорот треба да наведе дали го побива решението со кое е издаден нотарскиот платен налог во целост или само во одреден дел. Ако во приговорот не е наведено во кој дел се побива платниот налог, се смета дека платниот налог се побива за целиот износ на паричното побарување на кое гласи. Кога платниот налог е оспорен во целост, таквиот приговор се однесува и на висината на каматата. Со приговорот со кој не е оспорен одреден дел од главнината, се смета дека не е оспорена и каматата за тој дел, освен ако конкретно не е оспорена каматата за тој дел од главнината. Должникот е должен во приговорот на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог да ги наведе фактите и доказите во поглед на побиваниот дел од нотарскиот платен налог. Ваква обврска има и доверителот ако тој дал приговор на решението со кое е издаден нотарски платен налог. Само како исклучок странките можат да изнесуваат нови факти и докази во поглед на побиваниот дел на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог и на подготвително рочиште, а ако тоа не е одржано, на првото рочиште за главна расправа, под услов да е веројатно дека без своја вина не биле во можност да ги изнесат во приговорот (член 423 ставови 3 и 4 од ЗПП).

Приговор за месна ненадлежност на нотарот за издавање решение за нотарски платен налог, должникот може да даде најдоцна со поднесување на приговорот до судот.[26]

---

платен налог. Истата одредба ја содржеше и член 78 став 1, алинеја 3 од ЗН. Бидејќи ни ЗН, ни ЗИД на ЗН не предвидуваат друг рок за давање приговор против решението за издавање нотарски платен налог, освен рокот од осум дена, и не прават разлика дали нотарскиот платен налог е издаден врз основа на веродостојна исправа - меница или чек, со нотарски платен налог издаден врз друга веродостојна исправа, како што прави разлика ЗПП кога судскиот платен налог е издаден врз основа на меница и чек и предвидува рок за приговор од три дена од приемот на платниот налог, а за другите судски платни налози издадени врз основа на други веродостојни исправи е предвиден рок за давање приговор од осум дена, ЗН и ЗИД на ЗН предвидуваат единствен рок за приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог од осум дена. На предлог на Стручниот совет, а во согласност со член 28 став 1, алинеја 23 од Статутот на Нотарската комора на Република Македонија, Управниот одбор и Стручниот совет на Нотарската комора на Република Македонија на заедничка седница одржана на 26. 11. 2011 година усвоиле заклучок со кој: „Рокот за приговор на решението е единствен и изнесува осум дена, во сите случаи, без исклучок".

[25] Така i B.Poznić, Komentar zakona o parničnom postupku, Prema tekstu Zakona iz 1976 godine sa docnijim izmenama i dopunama, Službeni glasnik, Beograd, 2009, str.1060; А. Јаневски, Т. Зороска - Камиловска, цит. дело стр. 514.

[26] Во теоријата постои мислење дека приговор за месна ненадлежност може да се даде и со посебен поднесок, но само во рокот пропишан за побивање на платниот налог. Во прилог на ова мислење има и судска одлука (SS, Grs 306/75, Zb.II br.1633). Постои и спротивна одлука според која месната надлежност може да се оспори само со поднесок во кој се изнесуваат приговорите против платниот налог (VS.Srb. Zvg 27/79, Zb.II. br.1632). Види: B. Poznić, cit. Delo, str.1061.

## ПОСТАПКА ПО ПРИГОВОРОТ ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО СО КОЕ Е ИЗДАДЕН НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

По добивањето на приговорот судот го испитува приговорот против решението со кое е издаден нотарскиот платен налог од формален аспект, дали приговорот е навремен, целосен и дозволен. Ненавремените, нецелосните и недозволените приговори ги отфрла судијата поединец, односно претседателот на советот, без одржување рочиште.

Се поставува прашањето како ќе постапи судот откако ќе прими приговор против решение со кое е издаден нотарски платен налог што не е составен од адвокат и нема потпис и печат од адвокат, кој, според член 68 став 2 од ЗН, задолжително треба да биде составен од адвокат? Во ваков случај приговорот не е уреден. Во согласност со ЗПП, судот ќе му укаже на подносителот, кој нема полномошник, дека приговорот мора да биде составен од адвокат и дека мора да има потпис и печат од адвокат, ќе му го врати приговорот и ќе му определи рок за повторно поднесување, кој не може да биде подолг од осум дена. Ако приговорот биде исправен (составен од адвокат и содржи потпис и печат) и предаден во судот во рокот определен за дополнување или исправка, ќе се смета дека му е поднесен на судот тој ден кога првпат бил поднесен. Ќе се смета дека приговорот е повлечен ако не му биде вратен на судот во определениот рок, а ако биде вратен без исправка, односно дополнение, ќе се отфрли (член 101 ставовите 2, 3, 4 и 5 од ЗПП).

Ако приговорот или прилозите не бидат поднесени во доволен број примероци, судот ќе го повика подносителот (странката што нема полномошник адвокат) да ги поднесе во рок од три дена, а во спротивно ќе го отфрли приговорот (член 101 став 6 од ЗПП).

Приговорот што е поднесен од полномошник, а е неуреден, судот ќе го отфрли (член 101 став 1 од ЗПП).

Ако приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог е поднесен во рок - навремено, судијата поединец, односно претседателот на советот ќе оцени дали е потребно да закаже подготвително рочиште или може веднаш да закаже рочиште за главна расправа. Предмет на расправање е законитоста и правилноста на решението со кое е издаден нотарскиот платен налог. Ако должникот во приговорот против решението со кое е издаден нотарскиот платен налог истакнал приговор за месна ненадлежност на нотарот, судот е должен да одлучи за овој приговор. Ако судот утврди дека нотарот што го донел решението со кое е издаден нотарскиот платен налог бил месно ненадлежен, нема да го укине решението со кое е издаден платниот

налог, туку по правосилноста на решението со кое се огласил за ненадлежен ќе му го отстапи предметот на месно надлежниот нотар (член 426 став 2 од ЗПП).

Ако должникот приговорил дека не постоела законска основа нотарот да донесе  решение со кое е издаден нотарски платен налог или дека постоеле пречки за натамошниот тек на постапката, судот прво ќе одлучи за тој приговор. Ако најде дека таквиот приговор е основан, ќе донесе решение со кое ќе го укине решението на нотарот со кое е издаден нотарскиот платен налог и по правосилноста на решението ќе почне расправа за главната работа, кога има место за такво расправа. Ако постојат процесни пречки за натамошна расправа, судот ќе донесе решение со кое ќе го укине решението со кое е издаден нотарскиот платен налог и ќе го отфрли предлогот на доверителот.

Ако судот не го усвои приговорот дека има законски пречки нотарот да донесе решение за издавање нотарски платен налог, ќе премине на расправање за главната работа, а во одлуката за главната работа судот ќе одлучи дали решението со кое е издаден нотарскиот платен налог во целост или делумно останува во сила или се укинува (член 423 став 5 и член 424 став 2 од ЗПП).

Ако во приговорот должникот приговара дека паричното побарување на доверителот не било достасано во време кога нотарот го донел решението со кое го издал нотарскиот платен налог и судот најде дека барањето на доверителот истакнато во предлогот за издавање нотарски платен налог достасало по донесувањето на решението на нотарот со кое е издаден нотарскиот платен налог, но пред заклучувањето на главната расправа, судот со пресуда ќе го укине решението на нотарот со кое е издаден нотарски платен налог и ќе одлучи за барањето на доверителот истакнато во предлогот за донесување решение за издавање нотарски платен налог (член 424 став 3 од ЗПП).

Одлучувањето за основаноста на приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог, всушност, значи одлучување за тоа дали решението за издадениот нотарски платен налог треба да остане во сила или да се укине. Одлучувајќи мериторно за приговорот против решението со кое е издаден нотарскиот платен налог, судот може: 1) да го одбие приговорот на должникот како неоснован и да донесе пресуда со која се утврдува дека барањето на доверителот за издавање решение за нотарски платен налог е основано и решението на нотарот со кое е издаден нотарски платен налог останува во сила; 2) да го уважи приговорот на должникот како основан и да донесе пресуда со која се утврдува дека барањето на доверителот за издавање решение за нотарски платен налог е неосновано и се одбива, а решението на но-

тарот со кое е издаден нотарскиот платен налог се укинува; и 3) делумно да го уважи приговорот на должникот и да донесе пресуда со која се утврдува дека барањето на доверителот за издавање нотарски платен налог е делумно основано, а решението на нотарот со кое е издаден нотарскиот платен налог делумно се укинува, а делумно останува во сила.

Против одлуката на судот е дозволена жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката до надлежниот Апелационен суд (член 72 став 4 од ЗН и член 22 став 2 од ЗИД на ЗН). Се поставува прашањето дали има потреба од оваа одредба во ЗН. Сметаме дека нема потреба и дека ова прашање не може да се уредува со ЗН. Ако се има предвид дека правото на жалба против пресуда и рокот за нејзино давање е уреден со членот 337 од ЗПП и дека ЗПП е донесен со двотретинско мнозинство, станува јасно дека не ќе може да се примени одредбата од член 72 став 4 од ЗН и од член 22 став 2 од ЗИД на ЗН. Против пресудата на судот донесена во постапката по повод приговор против решение со кое е издаден нотарски платен налог странките можат да дадат жалба според правилата на општата парнична постапка.

Во текот на постапката по повод приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог, должникот може да располага со истакнатите приговори. Ако должникот до заклучување на главната расправа се откаже од сите поднесени приговори, решението со кое е издаден нотарскиот платен налог останува во сила (член 428 став 2 од ЗПП)[27].

Постапката по приговор на решението за издавање нотарски платен налог пред првостепениот суд мора да заврши во рок од шест месеци од денот на приемот на предметот во судот. Второстепениот суд е должен да донесе одлука по жалба  поднесена против одлуката на првостепениот суд во рок од 30 дена (член 428-в од ЗИД на ЗПП). Со пропишување рокови во кои треба да заврши првостепената постапка по приговор против решението за издаден нотарски платен налог и второстепената постапка по жалба на решението што го донел првостепениот суд по приговор, законодавецот настојува да обезбеди брзо и ефикасно постапување и завршување на постапката пред судот.

## ПОТВРДА ЗА ПРАВОСИЛНОСТ И ЗА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕТО СО КОЕ Е ИЗДАДЕН НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Нотарот по службена должност ќе стави потврда за правосилност на решението со кое е издаден нотарски платен налог, ако во рокот од осум дена, сметано од денот на приемот на решението, не прими при-

[27] Така и А. Јаневски, Т. Зороска - Камиловска, цит. дело, стр. 515.

говор, односно доколку со правосилно решение на судот приговорот е отфрлен како ненавремен, нецелосен или недозволен. Нотарот ќе стави потврда за извршност на решението со кое е издаден нотарски платен налог доколку истекол рокот за доброволно исполнување на обврската определен со решението. Нотарот ќе стави потврда за правосилност и за извршност на оригиналниот примерок од решението со кое е издаден нотарски платен налог (член 73 од ЗН и член 23 од ЗИД на ЗН)[28]. Според ЗИД на ЗН, нотарот потврдата за правосилност и за извршност ја става без доверителот или неговиот полномошник поднесат писмено барање за тоа. За ставањето потврда за правосилност и за извршност на примерокот на решението со кое е издаден нотарски платен налог, според последните измени на Нотарската тарифа[29], не е предвидена награда за нотарот.

## УКИНУВАЊЕ НА ПОТВРДАТА ЗА ПРАВОСИЛНОСТ И ЗА ИЗВРШНОСТ НА РЕШЕНИЕТО СО КОЕ Е ИЗДАДЕН НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Ако на решението со кое е издаден нотарски платен налог неосновано е ставена потврдата за правосилност и за извршност, нотарот врз основа на член 74 став 1 од ЗН, на писмен предлог на странката или по службена должност, откако ќе утврди дека потврдата е неосновано ставена, во рок од осум дена по приемот на писмениот предлог на странката или откако констатирал самиот, по службена должност, со решение ќе ја укине потврдата за правосилност и за извршност.

Против решението со кое нотарот одлучувал за укинување на потврдата за правосилност и за извршност, дозволен е приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението, преку нотарот до основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што одлучувал по предлогот[30]. Нотарот го доставува приговорот со сите списи до надлежниот суд во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот (член 24 став 1 од ЗИД на ЗН, со кој е изменет ставот 2 од членот 74 од ЗН). Незадоволната странка има право на приговор против решението со кое се одбива предлогот за укинување на потврдата за правосилност и за извршност во рок од осум дена од денот на приемот на

[28] Ставот 3 од членот 73 од ЗН, според кој „По писмено барање на доверителот или адвокатот како полномошник на доверителот, нотарот ќе стави потврда за правосилност и за извршност на неговиот примерок од решението со кое е издаден нотарски платен налог, кое му е доставено" е изменет со член 23 став 2 од ЗИД на ЗН. Ставот 3 од членот 73 од ЗН, во согласност со измената, гласи: „Нотарот ќе стави потврда за правосилност и за извршност на оригиналниот примерок од решението со кое е издаден нотарски платен налог".

[29] Со Нотарската тарифа за изменување на Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија" бр. 33 од 2019 година), со членот 2 со кој ставот 4 од членот 27 се брише, на нотарот не му припаѓа награда за ставање потврда за правосилност и за извршност.

[30] Речиси иста одредба содржи и член 428-б став 1 од ЗИД на ЗПП, но со оглед на тоа дека сега ова прашање е уредено со ЗИД на ЗН, одредбата од членот 428-б е без значење.

решението (член 74 став 3 од ЗН). И за овој приговор одлучува основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што го донел решението. Против наведените решенија на судот дозволена е жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до надлежниот Апелационен суд (член 74 став 5 и член 24 од ЗИД на ЗН).

## НАГРАДА И ТРОШОЦИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

За вршење на работите од постапката за издавање решение за нотарски платен налог, нотарот има право на награда и на надомест на трошоците во согласност со Нотарската тарифа, а адвокатите во согласност со Адвокатската тарифа на Република Македонија. Нотарот не наплаќа судска такса за издавање нотарски платен налог за услуги што произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, наводнување и одводнување земјоделско земјиште. Наградата и надоместот на трошоците што доверителот им ги платил на нотарот и на адвокатот се трошоци на постапката, кои должникот треба да му ги плати на доверителот. Нотарот и адвокатот се должни да му дадат пресметка на доверителот за наплатената награда и трошоци. За нотарските трошоци и за адвокатските трошоци настанати по донесување на нотарскиот платен налог, кои не се опфатени во него, нотарот и адвокатот му издаваат на доверителот пресметковен лист, кој претставува составен дел на нотарскиот платен налог (член 75 од ЗН и член 25 од ЗИД на ЗН). Бидејќи правосилното и извршно решение со кое е издаден нотарски платен налог е извршна исправа врз основа на која може да се спроведе извршување, составен дел на таа извршна исправа е и пресметковниот лист врз основа на кој може да се спроведе извршување.

## СУПСИДИЈАРНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА

Во постапката за издавање нотарски платен налог, во недостиг на одредби во ЗН и за изземање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка (член 81 од ЗН). Ако се има предвид дека постапката по судски платен налог е посебна парнична постапка што е уредена со ЗПП во глава дваесет и осма и ако во таа глава не постојат посебни одредби, се применуваат другите одредби од тој закон, а бидејќи во ЗН не се содржани доволно одредби со кои се уредува постапката за донесување решение за издавање нотарски платен налог, станува сосема јасно дека има потреба од супсидијарна приме-

на на одредбите од ЗПП, а особено што во тој закон со ЗИД на ЗПП од 2015 година, покрај тоа што се редактирани одредби за судскиот платен налог, редактирани се и одредби за постапката по приговор на решението за нотарски платен налог и другите решенија што ги донесува нотарот во текот на постапката за издавање нотарски платен налог и по повод издадениот нотарски платен налог (членовите 428-а,428-б и 428-в од ЗИД на ЗПП).

Во членот 81 од ЗН, покрај тоа што е наведено дека во постапката за издавање нотарски платен налог, во недостиг на одредби во тој Закон, сообразно ќе се применуваат одредбите на ЗПП, посебно е нагласено дека за изземање на нотарот во постапката за издавање нотарски платен налог се применуваат одредбите од ЗПП. Ова е сосема разбирливо затоа што изземањето во ЗПП е во целост уредено и причините за изземање се побројни и построги, во однос на причините од ЗН, со што се отстранува секакво сомневање за можна пристрасност на нотарот во оваа постапка.

# НОТАРСКИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ СПОРЕД ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Теофил Томановиќ, судија во пензија

*(Платен налог – судски и нотарски, претставува одлука со која се уважува барањето на доверителот, кој има стасано парично побарување од должникот што го докажува со веродостојна исправа, при што со платниот налог му се наложува на должникот да ја исполни паричната обврска. Платниот налог се издава пред должникот да се изјасни за тоа дали должи и без одржување расправа и поради тоа, во правната теорија, се дефинира како антиципативен контумационен систем).*

Во Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16 и 142/16, се применува од 1 јануари 2017 год.), со членовите од 68 до 81, за првпат се вградени одредби со кои е уредено прашањето на издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, со тоа што со членот 81 упатува на супсидијарна примена на Законот за парничната постапка, според кој, во недостиг на одредби од овој закон и за изземање, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка. Меѓутоа, Законот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 233/18, влегол во сила на ден 28 декември 2018 година) внесува повеќе изменувања и дополнувања на Законот за нотаријатот, меѓу кои со членовите од 18 до 30 и во делот што се однесува на издавање решение за нотарски платен налог.

Во трудот ќе бидат коментирани дел од новите законски решенија во Законот за нотаријатот, кои, во однос на досегашното законско решение, се однесуваат на издавање решение за нотарски платен налог, како и на дилеми со кои ќе се соочи нотарската практика. Притоа, треба да се има предвид дека со членот 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 124/15, се применува од 1 февруари 2016 година) е изменет постојниот член 418 така што со став (1) е утврдено дека кога тужбеното барање се однесува на побарување во пари, а тоа побарување се докажува со веродостојна исправа приложена кон тужбата во оригинал или во заверен препис и ако обврската треба да се исполни во странство, судот ќе му издаде налог на тужениот да го исполни тужбеното барање (суд-

ски платен налог). На ваков начин е разрешена дилемата во поглед на прашањето на стварната надлежност нотарот да постапува по одреден вид предлози за донесување решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа.

(Во текстот со затемнети закосени букви ќе бидат означени изменувањата и дополнувањата на Законот за нотаријатот).

**Анализа на членовите од 68 до 81 од Законот за нотаријатот**

Во членот 68 од Законот за нотаријатот - „Предлог за издавање нотарски платен налог", ставовите (1), (2) и (4) остануваат неизменети, меѓутоа во ставот (3) е извршена значајна измена. Имено, според новото законско решение ставот (3) гласи:

„По исклучок од ставот (2) на овој член, предлогот за издавање решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување што произлегува од комунални услуги и тоа:

***- за вода, смет и за одржување заеднички простории за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,оо денари,***

***- за електрична и топлинска енергија за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 15.000,оо денари,***

***- за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000,оо денари,*** се поднесува непосредно до нотарот, ***без плаќање на обврската за судска такса".***

Пред сѐ, како и досега, тоа значи дека во наведените случаи не е потребно учество на адвокат на начин утврден во согласност со членот 68 став (2) од Законот за нотаријатот, односно предлогот да биде составен од адвокат и да содржи адвокатски печат и потпис. Во текстот на ставот (3), за разлика од претходното законско решение, место „веродостојна исправа" е употребено ***„веродостојни исправи"*** и ***„вкупен износ до"***, што значи дека сега, без оглед на бројот на доставените веродостојни исправи, нотарот ќе издаде решение за нотарски платен налог, но под услов вкупниот паричен износ од приложените веродостојни исправи, по наведените основи, да не надминува еден од наведените парични износи.

Колку за потсетување на читателот, потребно е да се укаже дека со одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр.143/2016 од 29 ноември 2017 година („Сл. весник на РМ" бр. 178/17), меѓу другото, се укинати членовите од 240 до 244 од Законот за извршување („Сл. весник на РМ" бр. 72/16, 142/16 и 233/18). Тоа значи дека од денот на објавувањето на одлуката за овој вид побарувања определени со членот 68 став (3) од Законот за нотаријатот, пред почнување на постапка-

та за донесување решение за издавање нотарски платен налог, доверителот веќе не е должен да поднесе барање за вонсудска наплата на долг преку Комората на извршители, туку тоа може да го стори со непосредно доставување на предлогот за издавање нотарски платен налог до нотарот. Во поглед на ова прашање Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Сл. весник на РМ“ бр. 233/18, влегол во сила на 28 декември 2018 година) не содржи некое ново законско решение во поглед на обврските што, евентуално, би ги имал доверителот пред поднесувањето на предлогот за издавање нотарски платен налог за овој вид побарувања.

Членот 69 став (1) од Законот за нотаријатот – „Содржина на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог“, е дополнет со: ***и попис на трошоците што доверителот бара да му бидат надоместени од должникот.*** Во досегашната практика, вообичаено, доверителот во предлогот со кој бара издавање решение за нотарски платен налог ги наведува трошоците што ги побарува од должникот, поврзани со неговото доставување (понекогаш и со посебен трошковник). Сега, според новото законско решение, станува збор за законска обврска на доверителот и доколку не постапи на наведениот начин и не го изработи пописот на трошоците што бара да му бидат надоместени од должникот, нотарот е должен да постапи во согласност со изменетиот член 71 став (3) и (4) – „Постапка по предлог за издавање решение за нотарски платен налог“, кој ќе биде коментиран во натамошното излагање.

Членот 70 став (1) од Законот за нотаријатот – „Основа за издавање решение за нотарски платен налог“ е изменет и сега гласи: „Предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, во доволен број примероци, се поднесува за достасано парично побарување, кое се докажува со веродостојна исправа. ***Веродостојната исправа се доставува кон*** предлогот во оригинал или во препис заверен кај нотар ***за примерокот на нотарот“.*** Со новото законско решение, за разлика од претходното, јасно е укажано дека доверителот е должен веродостојната исправа (ви), во оригинал или во заверен препис, да ја достави само во еден примерок, кој се здружува во списите на предметот. Другите примероци од веродостојната исправа, кои се доставуваат до должникот (ците), се доставуваат во обична фотокопија со што се намалуваат трошоците на постапката. На ваков начин, во случај на судски спор, по повод приговор против решението со кое се издава нотарски платен налог, надлежниот суд ќе има можност да изврши увид во оригинал или заверен препис на веродостојната исправа, која се наоѓа здружена во списите на предметот.

Во членот 70 став (2) од Законот за нотаријатот, во однос на претходното законско решение, е извршено значајно дополнување (проширување) на исправите што претставуваат веродостојна исправа врз основа на која се издава решение за нотарски платен налог. Сега веродостојна исправа е: фактура, меница и чек со протест и со повратна сметка, ***кога тоа е потребно за засновање побарување,*** јавна исправа, ***извод од заверени деловни книги, приватна исправа на која потписот од должникот го заверил нотар,*** исправи што, според посебни прописи, имаат значење на јавна исправа, ***градежна ситуација и пресметка на камата.*** Со наведената измена и дополнување на ставот (2) законодавецот, главно, се враќа на законското решение од членот 16-в став (2) од Законот за извршување („Сл. весник на РМ" бр. 59/11, пречистен текст) според кој нотарите постапувале од 1 јули 2011 година, па до 1 јануари 2017 година, кога во примена влегол Законот за нотаријатот.

Извод од заверени деловни книги како исправи за парични побарувања даваат стопанските субјекти, а уредното водење на деловните книги има доказна сила ако се официјално заверени. Според новото законско решение, како извод од заверени деловни книги сега се сметаат изводи што ги издаваат сите стопански субјекти, а не само банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или осигурително друштво, какво што е досегашното законско решение во согласност со членот 70 став (2), точка 3) од Законот за нотаријатот.

Приватната исправа е веродостојна исправа ако потписот на должникот е заверен од нотар во согласност со членот 86 од Законот за нотаријатот.

Привремената ситуација за извршени градежни работи е веродостојна исправа ако ги содржи сите битни состојки на фактура и тоа податоци за количество и цените на извршените работи, вкупната вредност на извршените работи, претходно исплатените износи и износите што треба да се платат врз основа на привремената ситуација.

Пресметка на камата се јавува кај парични обврски, каков што е случајот со предлогот за издавање решение за нотарски платен налог. Пресметка на каматата претставува веродостојна исправа ако каматата е пресметана во писмена форма и ги содржи сите елементи како фактурата, времето на достасаност и должината на задоцнување и методот на пресметување.

Членот 71 е изменет и сега гласи:

***(1)Ако доверителот, освен во ситуација на поднесен предлог за издавање решение за нотарски платен налог од членот 68, став (3) на овој закон, не ја плати судската такса во рок од осум дена***

***од денот на поднесување на предлогот за издавање решение за нотарски платен налог, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот за издавање нотарски платен налог ќе се смета за повлечен поради неплатена судска такса.***

Според новото законско решение, слично на претходното од членот 71 став (8) од Законот за нотаријатот, нотарот ќе постапи според новото законско решение од членот 71 став (1) од Законот за нотаријатот, освен за побарувањата опфатени со членот 68 став (3) од наведениот закон. Имено, сега членот 75 од Законот за нотаријатот – „Награда и трошоци за издавање решение за нотарски платен налог“, е дополнет со нов став (2), кој гласи: ***Нотарот не наплаќа судска такса за издавање нотарски платен налог за услуги што произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување заеднички простории, наводнување и одводнување земјоделско земјиште.*** Со наведената законска одредба само е повторено новото законско решение од членот 71 став (1) од Законот за нотаријатот и тоа на описен начин на комуналните услуги. Дополнително, ослободувањето се однесува и за наводнување и на одводнување земјоделско земјиште, без оглед на фактот што оваа основа не е опфатена со членот 68 став (3) од Законот за нотаријатот. Меѓутоа, гледано од номотехнички аспект, појасно законско решение би било ако цитираниот став (2) од членот 75 е внесен во изменетиот член 77 од Законот за нотаријатот – „Обврска за плаќање судска такса“ бидејќи со наведената одредба се уредува прашањето на обврската за плаќање на судската такса. Имено, изменетиот член 77 од Законот за нотаријатот сега гласи: „Во постапката пред нотарот за издавање решение за нотарски платен налог, ***со исклучок на случаите предвидени со членот 68 став (3)*** (за предлог, решение ***и за приговор***) се плаќа судска такса во согласност со Законот за судските такси, намалена според Законот за нотаријатот“.

Според тоа, за издавање нотарски платен налог за услуги што произлегуваат од комунални услуги за вода, смет и за одржување заеднички простории, електрична и топлинска енергија, за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори, за наводнување и одводнување земјоделско земјиште, без оглед на вредноста на побарувањето и статусот на должникот (физичко или правно лице) не постои обврска за плаќање на судската такса. Инаку, според членот 52 од Законот за изменување и за дополнување на Законот за нотаријатот, ***одредбата од членот 25 од овој закон*** (се дополнува постојниот член 25) ***се применува и на постапките почнати пред стапување во сила на овој закон, освен ако судските такси се веќе платени, при што***

***не може да се бара поврат на платените судски такси.*** Одредбата е јасна и не бара посебен коментар, меѓутоа нотарот во приемниот штембил за прием на списите, во делот на таксата, треба да констатира дека странката е ослободена од плаќање судската такса.

На ова место треба да се укаже дека во согласност со членот 10 став (1) од Законот за судските такси („Сл. весник на РМ" бр. 114/09) од плаќање такса се ослободени Република Македонија, државните органи, Организацијата на Црвениот крст, како и странски држави, странски државјани и меѓународни организации, ако тоа е предвидено со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија или под услов на реципроцитетот, а дека според ставот 3) таксата не се плаќа и во случаите определени со друг закон, каков што е сега случајот со цитираниот член 75 став 2) од Законот за нотаријатот.

Тоа значи дека во сите други случаи, кои не се опфатени со цитираниот член 75 став (2) од Законот за нотаријатот, доверителот е должен при поднесување на предлогот за издавање нотарски платен налог да изврши уплата на судската такса во согласност со членовите 77 и 158 став (3) од Законот за нотаријатот и од Законот за судските такси. Во наведениот случај нотарот не е должен да го опомене доверителот за обврската за плаќање на судската такса, туку по поминувањето на рокот од осум дена од денот на поднесување на предлогот, ако судската такса не биде уплатена, ќе донесе формално решение, кое се доставува до доверителот со поука за право на приговор.

***(2) Ако нотарот оцени дека не е месно надлежен за постапување и за издавање нотарски платен налог ќе го повика доверителот или неговиот полномошник во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето да одреди месно надлежен нотар кому да му се доставaт списите на предметот. Ако во определениот рок не добие известување, нотарот со решение ќе се огласи за месно ненадлежен и по свој избор ќе определи на кој месно надлежен нотар ќе му ги достави списите по правосилноста на решението со кое се огласил за месно ненадлежен.***

Станува збор за ново законско решение со кое е уредено постапувањето на нотарот во случај кога ќе утврди дека во согласност со членот 68 став (1) од Законот за нотаријатот, не е месно надлежен да постапува по предлогот за издавање решение за нотарски платен налог.

При практичната примена на цитираната законска одредба можни се неколку различни правни ситуации и тоа:

*1.* Ако нотарот од податоците содржани во предлогот за издавање нотарски платен налог (адреса на должникот - физичко лице или се-

диште на правното лице) заклучи дека не е месно надлежен во смисла на членот 68 став (1) од Законот за нотаријатот, и откако од страна на доверителот ќе биде определен месно надлежен нотар, нотарот ќе донесе решение со кое ќе се огласи за месно ненадлежен и по правосилноста на решението списите на предметот ќе ги достави до надлежниот нотар на натамошно постапување;

*2.* Ако нотарот постапувајќи по предлогот на доверителот издаде решение за нотарски платен налог, меѓутоа во текот на доставата дојде до службен податок (пошта, МВР и др.) дека не е месно надлежен во смисла на членот 68 став (1) од Законот за нотаријатот, и откако од страна на доверителот ќе биде определен месно надлежен нотар, нотарот ќе донесе решение со кое ќе го укине решението за издадениот нотарски платен налог, ќе се огласи за месно ненадлежен и по правосилност на решението списите на предметот ќе ги достави до надлежниот нотар на натамошно постапување;

*3.* Ако нотарот од податоците содржани во предлогот за издавање нотарски платен налог (адреса на должникот - физичко лице или седиште на правното лице) заклучи дека не е месно надлежен во смисла на членот 68 став (1) од Законот за нотаријатот, меѓутоа доверителот во оставениот рок од осум дена од известувањето не определи месно надлежен нотар, нотарот ќе донесе решение со кое ќе се огласи за месно ненадлежен и по правосилноста на решението списите на предметот ќе ги достави до надлежниот нотар, според живеалиштето на должникот – физичко лице, односно седиштето на должникот – правно лице, за натамошно постапување;

*4.* Ако нотарот постапувајќи по предлогот на доверителот издаде решение за нотарски платен налог, меѓутоа во текот на доставата дојде до службен податок (пошта, МВР и др.) дека не е месно надлежен во смисла на членот 68 став (1) од Законот за нотаријатот, а доверителот, во оставениот рок од осум дена не определи месно надлежен нотар, нотарот ќе донесе решение со кое ќе го укине решение за издадениот нотарски платен налог, ќе се огласи за месно ненадлежен и по правосилноста на решението списите на предметот ќе ги достави до надлежниот нотар, според живеалиштето на должникот – физичко лице, односно седиштето на должникот – правно лице, за натамошно постапување.

Во наведените случаи формално решение се доставува до доверителот или неговиот полномошник, ако со предлогот е доставено уредно полномоштво, со поука за право на приговор во согласност со изменетиот член 71 став (5) од Законот за нотаријатот. По правосилноста на решението, нотарот, со пропратно писмо, списите на предметот ги доставува до месно надлежниот нотар. Примерок од писмото за информирање се

доставува до доверителот, а едниот примерок се задржува во архивата на нотарот. Доставувањето на списите на предметот се регистрира во рубрика 17 – движење на списите од уписникот за нотарски платни налози.

***(3) Ако нотарот оцени дека предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа не е уреден, ќе го врати на доверителот што нема полномошник за да го уреди според дадените насоки во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето. Ако предлогот биде уреден и предаден на нотарот во определениот рок, ќе се смета дека е поднесен тој ден, кога првпат бил поднесен до нотарот. Ќе се смета дека предлогот е повлечен ако не му биде вратен на нотарот во определениот рок, а ако биде вратен без уредување, ќе се отфрли.***

Ова е истото законско решение од изменетиот член 71 став (5) од Законот за нотаријатот, меѓутоа е изоставен случајот кога доверителот го поднесува предлогот преку адвокат како полномошник на доверителот. Во писменото барање што го доставува нотарот до доверителот (за што треба да располага со доказ за уредна достава), треба точно да биде појаснето на кој начин и во кој дел доверителот треба да го уреди предлогот за издавање решение за нотарски платен налог. Нотарот ќе констатира повлекување на предлогот за издавање нотарски платен налог, односно неговото отфрлување со формално решение, кое ќе биде доставено до доверителот со поука за право на приговор.

***(4) Предлогот поднесен од полномошник, кој е неразбирлив или не ги содржи податоците од членот 98 ставови (3), (4) и (5) од ЗПП, или не е поднесен во доволен број примероци заедно со прилозите и веродостојната исправа во оригинал или препис на примерокот заверен на нотар, кога тие се поднесени во писмена форма, нотарот ќе го отфрли.***

Со ставот (4) законодавецот изразува построг однос кон доверителот кого го застапува полномошник– адвокат кому му е познато (треба да му биде познато) што сè, во смисла на членот 69 од Законот за нотаријатот, односно членот 98 од Законот за парничната постапка, треба да содржи поднесокот, односно предлогот за издавање решение за нотарски платен налог кога се поднесени во писмена форма. Тоа значи дека во овој случај нотарот нема обврска да постапи на начин како што е определено со ставот (3), односно да побара уредување на предлогот, туку ќе донесе формално решение за негово отфрлување, кое ќе биде доставено до полномошникот на доверителот со поука за право на приговор.

***(5) Против решенијата на нотарот од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е дозволен приговор во рок од осум дена од прие-***

***мот на решението преку нотарот до надлежен основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на нотарот што постапувал по предлогот. Против решението на судот е дозволена жалба во рок од осум дена по приемот на решението до надлежниот Апелационен суд.*** Со ваквата законска одредба само е доуреден постојниот член 71 став (7) од Законот за нотаријатот.

***(6) Ако нотарот оцени дека е месно надлежен, а предлогот за издавање решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е уреден, допуштен и основан, нотарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот, ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог.*** Со ваквата законска одредба се доуредува постојниот член 71 став (1) од Законот за нотаријатот и се укажува на итност во поглед на времето во кое нотарот е должен да го издаде решението за нотарски платен налог. Ова со цел да се надминат досегашните недоразбирања во поглед на ова прашање, како и намалување на можноста на должникот, поради задоцнетото издавање нотарски платен налог, да му биде причинета штета поради течење на казнената камата на главниот долг, а во случај кога барањето на доверителот е основано. Притоа, треба да се има предвид дека според членот 5 став (2) од Правилникот за начинот на вршење надзор над законитоста на работењето на нотарот („Сл. весник на РМ“ бр. 226/16), надзорот по конкретен предмет на нотар што постапувал по поднесен предлог за издавање нотарски платен налог се врши само во делот на постапувањето на нотарот во роковите пропишани со Законот за нотаријатот, при спроведување постапка за издавање нотарски платен налог. Бидејќи законодавецот го употребува зборот „во рок од три дена“, а не и „во рок од три работни дена“, тоа значи дека неработните денови влегуваат во овој рок (за значењето на роковите во натамошниот текст ќе биде даден дополнителен коментар).

***(7) Решението за издавање нотарски платен налог веднаш се доставува до доверителот или до неговиот полномошник. За должникот што е државен орган основан со закон решението за издавање нотарски платен налог се доставува до Државниот правобранител на Република Македонија. На должникот со решението му се доставува и примерок од предлогот за издавање нотарски платен налог заедно со прилозите.*** Со ваквото законско решение, во основа, извршено е спојување на постојниот член 71 ставови (2) и (3) од Законот за нотаријатот. Меѓутоа, со новото законско решение и употребениот збор „веднаш“, како и во ставот (6), се укажува на потребата од итност во доставувањето на решението. Исто така, според новото законско решение, кога е во прашање државен орган доставата се

врши само на Државниот правобранител на Република Македонија, за разлика од изменетиот став (3) според кој доставата се вршела до државниот орган, меѓутоа и до Државниот правобранител на Република Македонија. Ова е поради тоа што, според членот 5 од Законот за државното правобранителство („Сл. весник на РМ" бр. 87/07), државниот правобранител и државните правобранители ги штитат имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и во странство, чијашто работа и организација е уредена со Законот за организација и за работа на органите на државната управа „(Сл. весник на РМ" бр. 58/2000).

***(8) Ако нотарот оцени дека предлогот за издавање решение за нотарски платен налог не е допуштен или не е основан ќе го препрати предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба.*** Ова е исто законско решение како и во досегашниот член 71 став (4) од Законот за нотаријатот, поради што не бара посебен коментар.

Членот 72 став (1) од Законот за нотаријатот е изменет и сега гласи: ***„Должникот или доверителот можат да дадат приговор*** против решението со кое е издаден нотарски платен налог, како и за одлуката за трошоците". На ваков начин е извршено усогласувањето на членот 72 став (1) со членот 428-б) од Законот за парничната постапка, во поглед на правото на доверителот да изјави приговор во врска со одлуката за трошоците. Меѓутоа, и без ваквата измена – дополнувањето, во нотарската практика досега е прифатено дека доверителот има право на приговор во врска со одлуката за трошоците, што е во согласност со членот 81 од Законот за нотаријатот.

Членот 73 став (1) од Законот за нотаријатот е изменет и сега гласи: „Нотарот по службена должност ќе стави потврда за правосилност на решението со кое е издаден нотарски платен налог, ако во рокот од членот 72 став (2) од овој закон не прими приговор, ***односно со правосилно решение на судот приговорот е отфрлен како ненавремен, нецелосен или недозволен".*** Со ваквата измена е исправена грешката во редакцијата на членот 73 став (1) од Законот за нотаријатот, последен дел од реченицата, бидејќи, според членот 72 став (3), нотарот по изјавениот приговор нема законско овластување да одлучува, туку само е должен во рок од три дена од денот на поднесениот приговор да ги достави списите на предметот до надлежниот основен суд. Тоа значи дека нотарот, во случај на поднесен приговор, а во случаите наведени во изменетиот член 73 став 1) од Законот за нотаријатот, ќе стави потврда за правосилност и за извршност во тој момент кога списите на

предметот, по правосилно завршување на судската постапка, ќе му бидат доставени.

Ставот (3) од наведената законска одредба е изменет и сега гласи : ***Нотарот ќе стави потврда за правосилност и за извршност на оригиналниот примерок од решението со кое е издаден нотарски платен налог.*** Со ваквата измена на ставот (3) конкретно е нагласено дека нотарот ја става потврдата за правосилност и за извршност на оригиналниот примерок од решението за издавање нотарски платен налог здружен во списите на предметот. Бидејќи нотарот, според членот 81 став (5) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и на чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и на обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и на организирање на архивирањето, како и преземање други формални дејства, е должен списите на нотарски платен налог во архивата да ги чува три години по правосилност и извршност на решението за нотарски платен налог, тоа значи дека секоја странка, на својот примерок од решението за издавање решение за нотарски платен налог, во секое време може да побара од нотарот да биде ставена потврда за правосилност и за извршност.

Ставот (4) од наведената законска одредба е избришан поради тоа што претставува непотребна правна тавтологија, ако се има предвид дека според членот 12 став (1), точка 5) од Законот за извршување, извршна исправа претставува и решение за издавање нотарски платен налог.

Во членот 74 од Законот за нотаријатот, кој се однесува на укинување потврда за правосилност и за извршност, ставот (2) е изменет и сега гласи: ***Против решението со кое нотарот одлучувал за укинување на потврдата за правосилност и за извршност, дозволен е приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението, преку нотарот до основниот суд на чиешто подрачје е седиштето на нотарот што одлучувал за предлогот. Нотарот го доставува приговорот заедно со сите списи до надлежниот суд во рок од седум дена од приемот на приговорот.***

Со наведената измена на ставот (2) само е допрецизирано постапувањето на нотарот по поднесениот приговор против решението со кое одлучувал за укинување на потврдата за правосилност и за извршност, на идентичен начин како што е тоа уредено и со членот 428 – б) став (1) од Законот за парничната постапка.

Роковите од цитираните членови 71 став (6), 72 став (3) и 74 ставови (1) и (2) од Законот за нотаријатот, по своите правни последици не се преклузивни, туку се инструктивни (мониторни) и утврдени само заради остварување процесна дисциплина, поради што дејството, без правни последици, од страна на нотарот може да биде преземено и по поминување на рокот, односно поради нивното пропуштање не настанува преклузија. Меѓутоа, треба да се има предвид дека нотарот е должен, според објективните услови, да постапува според наведените рокови, а до нивното пропуштање може да дојде само поради објективни причини, како, на пример, оправдано отсуство од работа или други оправдани причини, како што е тоа случај со членот 153 став (7) од Законот за нотаријатот, односно членот 26 од Нотарската тарифа. Во спротивно, неоправданото пропуштање на роковите може да биде основа за дисциплинска одговорност на нотарот (дисциплинска повреда од членот 138 став (1), алинеја 8) од Законот за нотаријатот), но и обврска за надомест на штета (членот 38 од Законот за нотаријатот), доколку е причинета таква на друг. Зборот „веднаш“ употребен во членот 71 ставови (6) и (7) од Законот за нотаријатот, не е рок туку е прилог со кој се укажува на потреба од итност при преземање на процесните дејства определени со наведената законска одредба, а на кој, исто така, се однесува сето тоа на што е претходно укажано.

Во членот 76 од Законот за нотаријатот е избришан последниот дел од реченицата, која гласи „на записник ќе го констатира повлекувањето без да донесе формално решение“ и е заменет со зборовите: ***ќе ги архивира списите на предметот.*** Со ваквата измена само е поедноставено претходното законско решение, според кое нотарот бил должен да изработи записник во кој ќе го констатира повлекувањето без да донесе формално решение. Сега нотарот ќе постапи на наведениот начин, меѓутоа само во случај кога доверителот при повлекувањето на предлогот не бара изработување формално решение.

Членот 78 од Законот за нотаријатот е целосно изменет и сега гласи: ***Решението со кое нотарот издава нотарски платен налог ја има следнава содржина: - податоци за нотарот што го издава платниот налог, - назначување дека е решение со кое се издава нотарски платен налог, - назначување дека се усвојува предложениот нотарски платен налог и се задолжува должникот да му го плати на доверителот пристигнатото парично побарување според веродостојната исправа, - видот и обемот на побарувањето, како и трошоците на постапката во рок од осум дена од приемот на решението, - правна поука за право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението со кое се издава нотарскиот платен налог и датумот на донесувањето на решението.***

Новото законско решение од членот 78 од Законот за нотаријатот, со кое е утврдена содржината на решението за нотарски платен налог, во однос на претходното, во основа е исто. Меѓутоа, сега нотарот ќе изработува решение со кое се издава нотарски платен налог, а не во форма на штембил, според изменетиот член 78 став (1) од Законот за нотаријатот и член 7 став (1), точка 20) од Правилникот за формата и за содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување („Сл. весник на РМ" бр. 226/16). Како спорно може да се постави прашањето дали во решението за издавање нотарски платен налог треба да се наведе и податокот од неизменетиот член 69 став (1) од Законот за нотаријатот, дека должникот е должен да ја изврши обврската под страв од присилно извршување, формулација што е содржана во изменетиот член 78 став (1) од Законот за нотаријатот, меѓутоа не и во новото законско решение. Без оглед на наведеното, правосилно и извршно решение за издавање нотарски платен налог претставува извршна исправа во согласност со членот 12 став (1), точка 5) од Законот за извршување. Тоа, пак, значи дека во случај на неисполнување на паричната обврска од страна на должникот, доверителот има законско право во согласност со одредбите од Законот за извршување да поведе постапка за присилно извршување пред надлежниот извршител, без оглед на фактот дали тоа е, или не е посебно наведено во издаденото решение за нотарски платен налог.

Значајна измена во Законот за нотаријатот внесуваат членовите 29 и 30 од Законот за изменување и за дополнување на Законот за нотаријатот, со кои се уредува прашањето на начинот на доставување написмена. Имено, постојниот член 79 од Законот за нотаријатот е изменет и сега гласи: ***Доставата на писмената што произлегуваат од работата на нотарот во постапката за нотарски платен налог се врши според одредбите од Законот за парничната постапка.*** Со ваквото законско решение доставата на писмена се враќа во правниот режим според кој била вршена пред влегувањето во примена на Законот за нотаријатот (1 јануари 2017 година), со што се заменува мошне скапата достава на писмена според сега изменетиот Закон за нотаријатот.

Тоа значи дека доставата на писмена ќе се врши според членот 137 од Законот за парничната постапка (лична достава) и со соодветна примена на други одредби од овој закон со кои е уредено прашањето на доставата (членот 125 до 143), како што постапувале нотарите до влегувањето во примена на Законот за нотаријатот (1 јануари 2017 година). Имено, според членот 137 став (1) од Законот за парничната постапка,

тужба, платен налог, вонреден правен лек, пресуда, решение донесено во постапка поради смеќавање на владение, како и решение против кое е дозволена посебна жалба, ќе се доставаат лично до странката што е физичко лице, односно до нејзиниот застапник, односно полномошник, а според став (3) ако списите од ставот (1) на овој член треба да се доставаат до државните органи и правни лица, доставувањето се врши во согласност со одредбите на членот 127 од овој закон. Со членот 417 од Законот за парничната постапка е утврдено дека ако во оваа глава не постојат посебни одредби, во постапката по судскиот платен налог ќе се применуваат другите одредби на овој закон. Бидејќи глава 28 од Законот за парничната постапка – „Постапка по судски платен налог“ (членовите од 417 до 428) не содржи посебни одредби во врска со доставувањена писмена, тоа значи дека, и во постапката за издавање судски платен налог, доставата се врши во согласност со членовите од 125 до 143 од наведениот закон, а според тоа и во постапката за издавање нотарски платен налог во согласност со изменетиот член 79 од Законот за нотаријатот.

Членот 80 од Законот за нотаријатот – „Достава со јавна објава“ е изменет и сега гласи: ***Одредбите за судски доставувачи соодветно се применуваат за овластени лица за достава, вработени во нотарската канцеларија.***

Според членот 125 став (1) од Законот за парничната постапка писмената се доставуваат по пошта, по електронски пат, преку службено лице на судот, непосредно во судот, преку нотар, извршител или друго лице определено со закон, а за лицата што вршат доставување се пропишани санкции со ставовите (5), (6) и (7) од наведената законска одредба. И во досегашната нотарска практика доставувањето на писмената понекогаш е вршено и преку лица вработени во нотарската канцеларија (со склучен договор за вработување во согласност со членот 13 став (1) од Законот за работните односи) меѓутоа сега, со новото законско решение, таквата практика се озаконува со сета законска одговорност на лицата што ја вршат доставата (дел од прашањата поврзани со доставата на писмената, списите поврзани со решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојната исправа, а сега се издава решение за нотарски платен налог, се елаборирани во „Збирка на правни мислења, заклучоци и обрасци“ на Нотарската комора на Република Македонија, 2001-2014 година и се применливи и на новото законско решение).

Законот за изменување и за дополнување на Законот за нотаријатот, за разлика од основниот закон, не содржи преодна одредба со која се уредува прашањето за постапките за издавање решение за нотар-

ски платен налог почнати пред влегувањето во сила на овој закон. Имено, со членот 177 став (2) од Законот за нотаријатот (како што е веќе образложено, се применува од 1 јануари 2017 година) е определено дека постапките за донесување решение врз основа на веродостојна исправа што почнале според Законот за извршување („Сл. весник на РМ" бр. 35/05), продолжуваат според одредбите од тој закон. Според мислењето на авторот, не постои никаква правна причина, аналогно на наведеното законско решение, да не се постапува вака и по предлозите за издавање нотарски платен налог доставени до нотарот до 28 декември 2018 година, со приемот регистриран со приемниот штембил на нотарот или до тој датум предадени со препорачана пратка преку пошта, како ден на влегување во сила на Законот за изменување и за дополнување на Законот за нотаријатот.

12. 02. 2019 година

# ДОБРИ ПРАКТИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕТО НА ТЕРОРИЗАМ ВО НОТАРСКИОТ СЕКТОР

## ВОВЕД

Во 1989 година на иницијатива на групата Г-7 се креираше меѓувладино тело, познато како „Оперативна група за определување дејства за спречување перење пари и финансирање на тероризам (ФАТФ)" за да ги координира активностите за спречување на перењето пари во меѓународниот финансиски систем и во националните финансиски системи на земјите-членки.

Главната цел на Групата е да изработува и да промовира политика за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот. Тој орган ги поставува и го надгледува меѓународниот стандард за регулативата против перењето пари и финансирањето на тероризмот.

За прв пат Оперативната група (ФАТФ) издаде сеопфатен план, познат како „Четириесет препораки за борба против перењето пари", чијашто намена беше да се презентира основната рамка за напорите за спречување перење пари и за мерките за спроведување на истите во 2002 година. Неговата цел беше, исто така, да се бори против финансирањето на тероризмот и да има универзална примена.

Во ревизијата на препораките од 2003 година, Оперативната група (ФАТФ) ја побара поддршката од таканаречените „заштитници" во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот. Така, меѓу другите, се опфатија и одредени специјално именувани нефинансиски дејности и професии, како што се адвокатите, нотарите, давателите на услуги на трустови и на компании, агентите за недвижности, сметководителите и ревизорите, коишто помагаат при трансакции коишто го опфаќаат движењето на парите во националните и во меѓународните финансиски системи.

Земјите имаат прифатено различен пристап во регулирањето на нотарската професија во рамките на обврската на нотарите да постапуваат по горенаведените препораки.

Дополнително, во земјите-членки постојат системи за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот во нотарскиот сектор, каде што проценката на секторскиот ризик и развојот на вна-

трешна контролна политика и процедура за спречување перење пари и финансирање на тероризмот е во надлежност на саморегулаторните тела, коишто гарантираат хомогеност и еднообразност во барањата за примена на овој вид политика во нотарскиот сектор.

За да се олесни нотарската усогласеност со обврските утврдени од Оперативната група (ФАТФ) и признаени на национално ниво од повеќето држави во светот преку конкретни одредби за спречување перење пари и финансирање на тероризам, а особено во случаите кога не се инволвираат само регулаторните тела, Меѓународната нотарска унија го подготви документот со најдобра практика за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот.

Овој модел не е единствен и сеопфатен, затоа што вклучувањето на препораките на Оперативната група (ФАТФ) во законодавството во врска со спречувањето на перењето пари и финансирањето на тероризмот во различни земји-членки може да се разликува во одреден аспект, туку овој модел претставува водич што мора во сите случаи да се приспособи кон реалноста на секој нотар, во согласност со нивната практика и со барањата од локалните прописи.

Слично на тоа, степенот на изложеност на ризик, разните нотарски функции, разните можности за воведување средства во правниот систем согласно практиката, ризикот на нотарите во врска со спречувањето на перењето пари и финансирањето на тероризмот, може да е многу различен. Колку е поголем ризикот, толку е повисоко нивото на свесност кај нотарите и толку се посилни контролните механизми и превентивните мерки што треба да се применуваат за да се постигне ефективна превенција.

Овој документ се состои од кратко објаснување на обврските за спречување перење пари и финансирање на тероризам, коишто се обврзни за нотарите согласно ФАТФ препораките, без истото да е во спротивност со какви било други дополнителни обврски што би можеле да бидат утврдени со локалните прописи за спречување перење пари и финансирање на тероризмот. Овој документ претставува приказ на генералните принципи, кој на крај ја утврдува добрата практика и за сообразност со обврските за превенција.

## ОБВРСКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Препораката број 22 од ФАТФ утврдува дека нотарите подлежат на обврската: **(а) да спроведуваат темелна проверка на странката;**

**(б) да водат евиденција; (в) да ги идентификуваат политички изложените лица; (г) да спроведуваат внатрешни мерки за контрола, и (д) да пријавуваат сомнителни трансакции** при подготвителните активности за спроведување на одредена трансакција или кога вршат трансакции за одредена странка поврзана со следните активности:

- При купопродажба на недвижен имот;
- При управување со парични средства на странката, хартии од вредност или друг имот;
- При управување со банкарски, штедни или сметки врзани со хартии од вредност;
- При организирање на влезен капитал за формирање, управување или за работење на компании;
- При формирање, управување или работење на правни лица или аранжмани и при купопродажба на деловни субјекти.

Овие обврски треба да се спроведуваат со примена на пристап заснован врз ризик. Тоа значи дека нотарите мора да ги идентификуваат, проценат и и да ги разберат сопствените ризици поврзани со перењето пари и со финансирањето на тероризмот и да изработат сопствена политика и процедура за проценка на ризиците и да користат ресурси со цел истите ефективно да се ублажат.

Применувајќи пристап заснован врз ризик, нотарите ќе може да обезбедат мерките насочени кон превенција или кон ублажување на перењето пари и финансирањето на тероризам да соодветствуваат на идентификуваните ризици и така ќе можат да одлучат како да ги алоцираат сопствените средства на најефективен начин.

Како што е наведено во воведот, ова се минималните обврски наметнати од ФАТФ, без да се во спротивност со евентуалните дополнителни обврски од домашните прописи за спречување перење пари и финансирање на тероризам. За таа цел, секој нотар мора да ги има предвид сите дополнителни обврски за спречување на перењето пари и финансирањето на теоризмот во својата земја.

### а. Обврска за спроведување темелна контрола

Темелната проверка на странката опфаќа идентификација и запознавање на сите физички или правни лица што имаат намера да влезат во деловен однос или да извршат одредена трансакција. Нотарите не смеат да одржуваат деловни односи или да вршат трансакции за сметка на физички или на правни лица што не се соодветно идентификувани.

Мерките за темелна проверка на странката се следниве:

А. **Идентификација на странката**[1] **и проверка на нејзиниот идентитет** преку веродостојни документи, податоци или информации од независен извор;

Б. **Идентификација на крајниот корисник** и преземање разумни мерки за да се утврди идентитетот на крајниот корисник, за нотарот да биде уверен дека знае кој е крајниот корисник. За правни лица и други правни аранжмани оваа обврска се смета за завршена кога нотарите ќе ја разберат сопственичката и контролната структура на странката.

В. Разбирање и добивање **информации за целта и намерената природа** на деловниот однос, како што е соодветно.

Г. Спроведување **тековна темелна проверка** на деловниот однос и контрола на преземените трансакции во текот на времетраењето на деловниот однос за да се гарантира дека трансакциите се доследни со познавањето на нотарот на својата странка, нивниот бизнис и профил на ризик, вклучително и на изворот на средства, по потреба. Оваа обврска мора да се разбере во случај на долгорочни деловни односи, а нотарското инволвирање од овој степен при повремени трансакции не е неопходно.

## 6. Обврска за задржување документација или водење евиденција

Како што се бара со препораката бр.11 од ФАТФ, нотарите мора да ги чуваат најмалку 5 години[2] сите документи добиени за цели на постапување по обврската за вршење темелна проверка, (на пр. копии од евиденцијата на службени документи за идентификација, како на пример лични карти, пасоши, возачки дозволи и слични документи), како и резулататите од прелиминарна анализа спроведена по датумот на трансакцијата (на пример барања за утврдување на заднината и целта на комплексната и невообичаено висока трансакција).

Нотарите мора исто така да ја чуваат сета неопходна евиденција за трансакциите спроведени со одредена странка како на локално, така и на меѓународно ниво, за да можат да им ги ставаат на располагање на властите.

Информациите од темелната проверка и евиденцијата од трансакциите треба да им се даваат на располагање на домашните надлежни органи по соодветно одобрение.

[1] Странката мора да се смета како која било страна вклучена во трансакцијата, а не само таа што ја плаќа нотарската награда

[2] Овој рок може да варира од земја до земја. Како што е наведено, треба да се земе предвид рокот утврден со домашниот пропис за спречување перење пари/финансирање тероризам.

### в. Обврска за идентификација на политички изложени лица

Оваа обврска значи дека нотарите освен што ќе треба да обезбедат дека странката или крајниот корисник е политички изложено лице, мора да применат и **засилени мерки на темелна проверка.**

Како прво, ова подразбира дека кај нотарот мора да има соодветен систем за управување со ризик за да се утврди дали странката или финалниот корисник претставува политички изложено лице.

Откако странката или финалниот корисник ќе го исполнат овој услов, нотарот мора да биде запознаен со ваквата околност при самото извршување на транскацијата со странката и мора да применат разумни мерки за утврдување на потеклото на средствата и на имотот што странката сака да го користи при трансакцијата.

Барањата за сите видови политички изложени лица треба, исто така, да се применуваат и на членовите на нивните семејства или на нивните блиски соработници.

### г. Спроведување на внатрешни мерки за контрола

Како што е наведено на почетокот, уште една од обврските утврдени од ФАТФ за нотарите е спроведувањето внатрешни мерки за контрола.

Овие внатрешни контролни програми значат дека нотарите мора:

- Да утврдат политика и процедура за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот што ќе бидат во примена во нотарската канцеларија, вклучително и соодветни скрининзи за гарантирање високи стандарди при вработување соработници во канцеларијата.
- Да предвидат и да спроведуваат континуирана обука за своите вработени и
- Да утвдат внатрешна процедури за проверка со цел да се тестира работењето на системот.

Овие мерки за внатрешна контрола ќе зависат од дефинираниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам при спроведената самопроценка на ризикот, како и од нивото на професионална дејност.

### д. Обврска за пријавување сомнителни трансакции

Оваа обврска значи дека доколку нотарот се сомнева или има разумна основа да се сомнева дека средствата произлегуваат од кривично дело

или се поврзани со финансирање на тероризам, нотарот мора да го пријави ова до надлежниот орган утврден во домашното законодавство (на пр. до Единицата за финансиско разузнавање или некој друг сличен орган).

Обврската за пријавување сомнителни трансакции истовремено опфаќа и забрана да се информира странката или трето лице за вложената пријава до Единицата за финансиско разузнавање или до саморегулаторното тело.

Дополнително, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам во секоја земја мора строго да обезбеди **заштита на нотарите од кривична и од граѓанска одговорност** заради повреда на какво било ограничување поврзано со давањето информации согласно договор или согласно која било законска, регулаторна или административна одредба, или преку пријавата дадена со добра намера, дури и ако тие не се целосно свесни за видот на кривичната дејност и без оглед на тоа дали воопшто постоела незаконита дејност.

## ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ НА МОДЕЛОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕТО НА ТЕРОРИЗАМ

Во согласност со барањата што произлегуваат од меѓународните стандарди, ефективното спроведување на еден внатрешен систем за спречување перење пари и финансирање на тероризам, мора да се води од следниве генерални принципи.

### а. Пристап заснован на ризик

Мора да се разработат процедури за превенција во согласност со ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот којшто е својствен на дејноста и на начинот на работа на регулираните субјекти.

Тоа значи дека кога ги изработуваат, развиваат и ги спроведуваат своите сопствени политики, процедури и прирачници за превенција, нотарите треба да ги имаат предвид и да ги приспособуваат мерките за темелна проверка на странките следејќи го **пристапот заснован врз ризик,** односно во зависност од ризикот од перењето пари и финансирање на тероризмот својствен за природата на дејноста на странката, нејзината релативна големина, обичаите и практиката на дејноста, од видот на нејзината клиентела, дали станува збор за трансакции во готовина, од географската област каде што работи субјектот итн.

Преку соодветна примена на овој пристап целта е нотарите поефикасно да ги употребуваат расположливите средства и да им се намали товарот од тоа што учествуваат во националниот превентивен систем.

За таа цел, а со цел да се постигне правилна проценка и разбирање на ризикот во врска со перењето пари и финансирањето на тероризам, нотарите мора да изработуваат документ или извештај што ќе биде главно практичен и приспособен кон бизнисот што го објаснуваат, а во кој ќе биде опишан ризикот и ќе се процени нотарската изложеност кон ризикот од перење пари и финансирање на тероризам во рамките на дејноста на странката.

Во овој извештај ќе се идентификуваат елементите на ризик, што на полето на перењето пари и финансирањето на тероризам би можеле да ја засегнат нотарската дејност. Опсегот и темелноста на овој документ или извештај ќе зависат од нотарскиот степен на ризик поврзан со засегнатата дејност. Како и да е, минималната содржина на овој извештај е дадена во точката а) од поглавјето 3 на овој документ. Процената на ризик во извештајот за перење пари и финансирање на тероризам мора да им биде ставена на располагање на надлежните тела, затоа што преку неа ќе може да се објасни соодветноста на политиката на спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот, како и процедурите за истите, прифатени од нотарот.

## 6. Информираност на нотарот и на сите вработени

Нотарот е одговорен и правно обврзан да ги почитува мерките за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот. Затоа, нотарите мора да се свесни за ризиците од перењето пари и финансирањето на тероризмот и да обезбедат дека се преземаат неопходни мерки за да се ублажат овие ризици во нивните канцеларии.

Нотарот е одговорен за политиката и за мерките за спречување перење пари и финансирање на тероризам, со цел преку истите да се раководи ризикот од перењето пари и од финансирањето на тероризмот. Тоа значи дека на нотарите треба да им се јасни ризиците на коишто се изложени и да обезбедат дека сите вработени се свесни за тие ризици и дека ќе ги применуваат потребните мерки за ефективно да ги ублажат.

Затоа нотарот мора активно да учествува во системот на превенција и за тоа да ги обучува вработените во неговата канцеларија.

Тие треба да се вклучени и во работата на полето на спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот, па така сите политики, процедури и прирачници што изработени, донесени и се во примена во врска со перењето пари и финансирањето на тероризмот, без оглед на големината на нотарскиот сектор или на неговиот промет, треба да бидат одобрени од организацијата надлежна за нотаријатот.

### в. Универзалност

Во светот постојат држави во кои процедурите за превенција во нотарскиот сектор мора да се применуваат согласно принципот на универзалност, односно секоја странка со која се воспоставува деловен однос или е вклучена во одредена трансакција, редовно или повремено, мора претходно да подлежи на мерките за превенција и во согласност со анализата на ризикот што секоја странка го покажува во смисла на превенција.

Со други зборови, при нотарските работи не може да се исклучи ниту една странка или трансакција од опсегот на превенцијата, а особено оние трансакции што не потекнуваат и не се вршат преку вообичаените деловни канали (на пр. корпоративни или еднократни операции, продажба на имот, продажба на кредитно портфолио итн.).

Без оглед на критериумот и опсегот утврден во секоја земја, а во согласност со барањата од ФАТФ, процедурите за превенција мора во секој случај да се применуваат таму каде што интервенира нотарот или таму каде што нотарот овластува трансакција или истата ја спроведува за сметка на своите странки во врска со активностите опфатени во препораката 22, како што е наведено во поглавјето 2, како и во оние случаи што ги предвидел законодавецот во секоја земја, како и врз основа на анализата на ризик.

### г. Приспособување кон дејноста

Нормално е дека нотарската дејност се разликува од дејноста на другите регулирани субјекти што мора да ги почитуваат прописите во врска со спречувањето на перењето пари и финансирањето на тероризмот. Ова значи дека процедурите, прирачниците и софтверот кои се во употреба кај нотарот мора да бидат целосно приспособени кон конкретната активност што ја врши нотарот и кон различните активности што се вршат на разните пазари во кои работат и кон странките со кои имаат интеракција.

### д. Столбови на превенција

Процедурите за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот за нотарите, имајќи ја предвид примената на пристапот заснован врз ризик (наведена погоре), се засноваат врз **правилната идентификација на странката, идентификацијата на финалниот корисник** на трансакцијата што се спроведува, **познавањето на изворот на средствата** што го користи странката, како и **доследноста на**

**трансакциите** што една странка ги врши, познавајќи го регулираниот субјект и профилот на неговата дејност и ризик.

За таа цел, пред воспоставување каков било деловен однос, мора да се побараат и да се добијат целокупната документација и информации од значење за конкретниот предмет во согласност со ризикот.

### ѓ. Практичен и ажуриран документ

Со мерките на превенција не треба да се повторуваат прописите во домашното законодавство, туку со мерките треба ефективно да се опишат применливите процедури на практичен начин. Прирачникот за превенција мора да се прилагоди кон промените во испораката на услуги и кон процедурите.

Во меѓувреме, мерките за превенција што нотарите може да предвидуваат и да спроведуваат, мора во секое време да се во согласност со оперативната реалност на процедурите и не смеат да бидат повторување или копија на генеричките обврски утврдени во важечките прописи. Политиката, процедурите и прирачниците кои не се во согласност со оперативната реалност на нотарот, не може да се сметаат за соодветни, а ниту оние што само ги наведуваат обврските за првенција, без да го утврдат начинот на кој секоја од овие обврски ќе се спроведува во практика и ефективно.

Накратко, документот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, има за цел да биде практичен и лесен за користење, а не само формален документ, со што ќе се обезбеди негова ефективна примена и лесно приспособување кон активностите на нотарот и кон промените што би можеле да се јават во таквите процедури и активности.

## ДОБРА ПРАКТИКА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

### а. Претходна анализа на ризик

Кај регулираните субјекти секогаш постои различен ризик и различна изложеност кон ризикот во однос на обидите за перење пари или за финансирање на тероризам. Ризикот се определува преку квантитативни и квалитативни аспекти, што се пак тесно поврзани со видот на дејноста на секој регулиран субјект.

Следствено на тоа, структурата, процедурите, алатките и ресурсите за внатрешна контрола што наоѓаат примена кај нотарите за цели на превенција, мора да се приспособат кон овој различен ризик.

Столбовите на превенцијата на спречувањето на перењето пари и на финансирањето на тероризмот, поточно мерките за темелна проверка - идентификација на формалниот и на крајниот корисник и познавањето на нивната дејност (што опфаќа и разбирање на потеклото на средствата со кои странката има намера да работи со регулираниот субјект), се опфатени со пристапот заснован на ризик.

За таа цел, а и со цел примена на соодветни мерки за идентификација и проценка на сопствените ризици од перење пари и финансирање на тероризам и во согласност со барањата од препораките на ФАТФ, нотарите мора да извршат анализа на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, на којшто се изложени.

При определувањето или при анализата на ризикот, на меѓународен план се дефинираат три категории  фактори на ризик:

А. Ризик својствен за странката

Б. Географски ризик

В. Ризик од дадената услуга

Релативната тежина што ѝ се припишува на секоја категорија ризик при проценка на целокупниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам ќе зависи од нотарот и тоа од: големината, степенот на софистицираност, географската локација и природата и од делокругот на услугите што се нудат.

Согласно сопствената индивидуална практика и проценка, нотарите ќе треба независно да ја проценат тежината што му се дава на секој ризик-фактор.

### а. Ризик својствен за странката

Критична компонента во изработката и спроведувањето на една глобална рамка за ризик е да се определи потенцијалот од ризик за перење пари или финансирање на тероризам на одредена странка. Странките може да се физички лица, здруженија, друштва со ограничена одговорност, трговски друштва со повеќе членови или членови на мултинационални корпорации. Со оглед на спектарот на корисници, нотарот мора да определи дали конкретен корисник-странка е со повисок ризик. Ако е така, треба да го определи степенот на тој ризик и да воочи дали примената на факторот за ублажување на ризикот ќе има влијание врз таквата проценка.

Доколку една странка ѝ припаѓа на некоја од овие категории, тогаш мора да се примени комбинација од варијабили на ризик што може

да го ублажат или да го отстранат ризикот, а нотарот мора да изврши проценка за да го определи потребното ниво на темелна проверка.

Пример на категории на странки чиишто активности може да упатуваат на зголемен ризик:

• Политички изложени лица. Политички изложените лица се поединци на кои им биле доделени проминентни јавни функции од страна на домашните власти или од странска држава, како што се шефови на држави или на влади, високи политичари, високи претставници на влада, на судската или на воената власт, високи претставници на корпорации во државна сопственост и функционери на важни политички партии. Тие исто ги опфаќаат и лицата на кои им се доверени високи функции во меѓународна организација, лица кои се членови на високи раководни тела, на пр. директори, заменик-директори и членови на одбори или еквивалентни функции.

Дефиницијата на политички изложени лица нема за цел да ги опфаќа лицата што се наоѓаат на средно или пониско раководно ниво во претходно наведените категории.

Доколку еден нотар врши трансакција за лице што е со висока политичка изложеност или е во сопственост на лице со политичка изложеност, нотарите треба да спроведат повисок степен на темелна проверка или зајакната темелна проверка. Степенот и природата на зајакната-та темелна проверка ќе зависат од релевантните фактори како што се: земјата на потекло на лицето, видот на услуга што се бара и контролата на којашто подлежи лицето во неговата земја на потекло.

За да се идентификува дали една странка е политички изложено лице, нотарот може да ја праша странката а, исто така, постојат и лиценцирани компании што обезбедуваат листи на политички изложени лица.

• Странки кои го вршат нивниот деловен однос или бараат услуги под невообичаени или неконвенционални околности (како што е проценето од сите околности).

• Странки каде што структурата или природата на субјектот или деловниот однос го отежнува идентификувањето на вистинскиот финален корисник или на оние лица што вршат контрола. На пример, кога се јавува:

- Необјаснета употреба на правните лица или на правните аранжмани, неименување на акционерите и слично.
- Необјаснета употреба на неформални договори, како на пример кога роднини или блиски соработници дејствуваат како главни акционери или како директори.

- Невообичаена комплексност во контролната или во сопственичката структура без јасно објаснение.

• Странка-правно лице што раководи со значителен дел од својот бизнис или има значителна подружница во земји со повисок географски ризик.

• Деловни субјекти со интензивни трансакции во готовина,[3] вклучително:

- Дејности што даваат парични услуги (на пр. оператори на дознаки, менувачници, оператори за пренос на пари, трговци со банкноти или други компании што нудат услуги за пренос на пари).
- Оператори, брокери и други даватели на услуги што користат виртуелни валути.
- Казина, обложувалници и други организации и дејности поврзани со обложување.
- Компании што вообичаено немаат интензивни трансакции во готовина, а се чини дека имаат значителни готовински средства.

• Хуманитарни организации и други непрофитни организации што не подлежат на надзор или контрола (особено оние што работат прекугранично) од страна на надлежните власти или од саморегулаторните тела.

• Странки што користат финансиски институции, финансиски посредници или правни професионалци што не подлежат на соодветните закони и мерки за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризмот, и кои не се под соодветен надзор од надлежните власти или од саморегулаторните тела.

• Странки што се чини дека дејствуваат според упатства од трети лица, без да го откријат овој факт.

• Корисници што избегнуваат директни состаноци или даваат посредни инструкции без легитимни причини, а кои инаку се чини дека се недостижни, или до нив се доаѓа многу тешко.

• Странки што бараат трансакциите да се завршат во многу куса временска рамка или забрзано, со што се отежнува нотарот да направи соодветна проценка на ризик.

• Странки коишто немаат адреса или имаат повеќе адреси, без легитимна причина.

• Странки чијшто профил (на пр. возраст, образование, приход или дејност) не е доследна со трансакцијата што сакаат да ја спроведат.

[3] Кога странките со интнзивно готовинска дејност и самите се регулираат со сите прописи за спречување перење пари/финансирање тероризам сообразни со препораките на ФАТФ, ова може да се смета за олеснителна околност

• Странки што ги менуваат инструкциите за наплата или за извршување без соодветно објаснение.

• Употреба на лица и правни структури без јасна правна или законска, легитимна, комерцијална, економска или друга причина.

• Странки што го менуваат начинот на плаќање на трансакција во последен момент и без оправданост (или со сомнителна оправданост), или кога има недоволно информации или недоволна транспарентност во врска со трансакцијата.

• Корисници што нудат да платат дополнителен надомест за услугите што, нормално, не би ја барале таа наплата.

• Шел-компании, компании во сопственост на номинални акционери и чија што контрола се врши преку именувани директори на корпорации.

• Повеќе поврзани странки кои бараат услуга од ист нотар за сродни предмети, без легитимна причина.

## 6. Географски ризик/ризик од земја

Имајќи предвид дека не постои универзално прифатена дефиниција од меѓународна организација според која одредена земја или географска област е со поголем ризик, ризикот на земја заедно со другите фактори на ризик, даваат корисни информации за потенцијалните ризици од перење пари и финансирање на тероризам.

Географските ризици од перење пари и финансирање на тероризам може да се јават во различни околности, меѓу кои се: државјанството на странката, домицилот на странката, локацијата на трансакцијата или изворот на финансирање.

Фактори што вообичаено се сметаат дека ја ставаат земјата во повисока категорија на ризик се следниве:

• Земји кои се предмет на санкции, забрана (ембарго) или слични мерки изречени на пример од Организацијата на обединетите нации. Освен тоа, во некои околности може да се земат предвид и санкции или мерки изречени против одредени земји од тела слични на ООН, иако тие не мора да се универзално признаени, пред сè поради природата на изрекувачот на санкции и на самите мерки.

• Земјите иденфикувани од кредибилни извори[4] во кои, во суштина, отсуствуваат соодветни закони, прописи и други мерки за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризам.

[4] Кредибилни извори се однесуваат на информации што ги продуцираат познати тела за коишто се смета дека имаат добра репутација и кои ги даваат тие информации јавно и на располагање за сите. Според ФАТФ, такви тела може да се супранационални или меѓународни тела, како: Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Групата „Егмонт“, како и релевантни државни и невладини тела. Информациите од овие тела немаат ефект на закон или на пропис и не треба да се смета дека по автоматизам укажуваат на ризик

• Земји идентификувани од кридибилни извори дека даваат финансиска или друг вид поддршка на одредени теориристички организации.

• Земји идентификувани од кредибилни извори дека имаат значително ниво на корупција или некоја друга криминална дејност. Особено засегнати земји може да се екстратериторијалните подрачја и оние области во кои има висока политичка нестабилност или ниско ниво на сообразност со принципите за спречување на перењето пари и за финансирањето на тероризмот, или во коишто нема доволен степен на владеење на правото.

• Земји во кои се дозволува употребата на неименувани акции, со кои се овозможува да се скрие идентитетот на финалниот корисник.

• За домашни странки, исто така, да се земе предвид географскиот ризик што може да се јави во посебни подрачја, како на пример близината на прекугранчен премин, слободни трговски зони или подрачја во коишто живее бројна популација имигранти од земји со висок ризик.

### в. Ризик од понудената услуга

Една генерална проценка на ризикот треба, исто така, да ги опфати потенцијалните ризици од услугите што ги нуди нотарот, имајќи предвид дека во повеќето случаи нотарите нудат широк спектар услуги.

Контекстот на понудените услуги е секогаш суштински кога станува збор за пристапот заснован врз ризик. Секој од горенаведените фактори, сам по себе не може да претставува околност од висок ризик, туку факторите треба да се разгледуваат кумулативно.

Околноститеодвисокризикможедасеутврдатпрекувниманителнапроценка на одреден број фактори кои, откако ќе се земат предвид олеснителните околности, кумулативно би оправдале дополнителна проценка на ризик. При определувањето на ризиците поврзани со нудење услуги за конкретни активности, треба да се земат предвид следниве фактори:

• Услуги при кои нотарите, дејствувајќи како финансиски посредници, постапуваат по прием и пренос на средства преку сметки што тие ги контролираат во процес на комерцијална трансакција.

• Услуги што несоодветно ја кријат крајната сопственост од надлежните власти или што имаат ефект на несоодветно затајување на сопственоста без јасна легитимна цел.

• Услуги коишто во висок степен ги користат новите технологии, со што се намалува степенот на човекова контрола или на темелна проверка врз материјал што би можел да открие шема на нелегално или на сомнително однесување.

• Пренос на недвижен имот меѓу странки во текот на невообичаено кус временски период, споредбено со слични трансакции, без јасна правна, даночна, деловна, економска или друга легитимна причина.

• Плаќања добиени од неповрзани или непознати трети лица и готовински плаќања кај кои овој начин на плаќање не е типичен.

• Трансакции поврзани со предмети на наследство, при што покојникот му бил познат на нотарот како лице осудувано за економски криминал.

• Изворот на средства и изворот на богатство. Изворот на средства е активноста што ги генерира средствата за странката (како на пр. плата, капитален приход или плаќања од труст), а изворот на богатство ги опишува активностите што ја генерирале севкупната нето-вредност на странката (на пр. сопственост на бизнис, наследство или на инвестиции). Иако овие два извора може да се поклопуваат кај некои странки, кај други тие може делумно или целосно да се разликуваат. На пример: едно политички изложено лице што прима скромна плата, но има сметка во банка со значителни средства, без јасен комерцијален интерес или наследство, може да биде повод за сомнение, мито, корупција или за злоупотреба на службената положба.

• Ситуации во кои е тешко да се идентификуваат корисниците на трустот; овде и дискрецијата на право на доверба што „старателот“ го има да го именува корисникот во рамките на цела група корисници и да ги распредели средствата во трустот соодветно, и кога се воспоставува труст за цели на управување со компаниски акции, при што се отежнува можноста да се определат корисниците на средствата што ги управува трустот.

• Употреба на виртуелни валути и други анонимни средства на плаќање и пренос на богатство.

• Трансакции со невообичаен начин на плаќање, на пр. преку скапоцени метали, или таму каде што се има јасна желба да се скрие плаќањето.

• Одложување на плаќање за датум што се наоѓа многу подоцна од вообичаениот датум на плаќање, без да се дадат гаранции за плаќањето или без објаснение.

• Необјаснето утврдување на невообичаени договорни услови или клаузули во договори за кредит. На пример, невообичаено куси или долги периоди на наплата, каматни стапки значително повисоки или пониски од пазарните, еднократен поврат на средства во крајниот рок за исплата на кредитот или необјаснета серија откажувања од страна на должници или на хипотека долго време пред оригиналниот датум на доспевање на истата.

• Уплати во друштва или трансфер на средства што тешко се проценуваат (на пр. накит, скапоцени камења, уметнички дела или антиквитети, виртуелни валути) без објаснување.

• Последователни необјаснети капитални уплати или други краткорочни уплати во истата компанија.

• Ликвидација на деловни аквизиции, без јасна правна или легитимна, комерцијална, економска или друга причина.

• Полномошно дадено во невообичаени услови, на пр. кога се даваат безрезервно или во врска со конкретен имот), а причините за условите се нејасни или нелогични.

• Трансакции што вклучуваат тесно поврзани лица, без јасна деловна цел, или кога трансакцијата се чини дека не подлежи на принципот на еднаквост меѓу страните.

• Трансакции со гаранции што се наоѓаат или потекнуваат од земји со висок ризик.

• Трансакции во кои, и покрај предупредувањето од нотарот, инволвираат повисоки даночни давачки отколку законски предвидените за таков тип  трансакции.

• Трансакции во кои, и покрај тоа што државјанството или домицилот на странката не се наоѓа во земја со висок ризик, се користат средства со потекло или наменети за држави со висок ризик.

Треба да се обрнува соодветно внимание и на големите разлики во практиката, обемот, големината и во искуството меѓу нотарите. Како резултат на тоа, овие фактори мора да се земат предвид при креирањето разумен пристап заснован врз ризик и при определување на ресурсите што разумно може да се алоцираат, за тој пристап да може да се спроведе и да се управува.

На пример, од еден нотар што работи сам, не би требало да се очекува да намени еквивалентно ниво на ресурси како една голема нотарска канцеларија, туку самиот нотар би се очекувало да создаде соодветен систем, контроли и пристап заснован врз ризик, сразмерен со опсегот и со работата на неговата практика и на неговите странки.

Оттаму, нотарите во многу држави и практика, се обврзани да спроведат проценка на генералните ризици од нивната практика, како и на сите нови странки и тековни странки инволвирани во конкретни еднократни трансакции. Акцентот мора да се стави врз пристапот заснован врз ризик.

Проценката на ризик подлежи на периодична контрола (ревизија) и се врши во секој случај кога има значителна промена што би можела да

му влијае на профилот на ризик на нотарот, како на пример кога се воведуваат нови услуги или нова технологија, со соодветни мерки за управување и ублажување на ризиците идентификувани во анализата.

## РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА МЕРКИТЕ ЗА ТЕМЕЛНА ПРОВЕРКА

Како што наведовме во поглавјето 2, без оглед на критериумот и опсегот утврден во секоја земја, а во согласност со барањата на ФАТФ, процедурите за превенција мора да се применуваат тогаш кога нотарот интервенира или овластува трансакции, или спроведува трансакции за сметка на своите странки поврзани со активностите од Препораката 22, како што е наведено во поглавјето 2, и кога законодавецот во секоја земја предвидел да се спроведува анализа на ризикот кај секоја од горенаведените трансакции за цели на превенција.

Столбовите на системот за превенција од перење пари и финансирање на тероризам се засноваат врз соодветната идентификација на странката, идентификацијата на крајниот корисник на трансакцијата, познавањето на изворот на средствата што ги користи странката, доследноста на трансакциите што ги извршува една странка со знаење на нотарот и нотарското познавање на самата странка, нејзиниот бизнис и профилот на ризик.

Клучната појдовна точка за спроведување на пристапот заснован врз ризик е да се спроведе целокупна проценка на ризикот за странката.

Процедурите што се опишани во ова поглавје имаат за цел да го дополнат тој систем, а не да го заменат. Комплексноста на овој систем варира во зависност од профилот на нотарската практика.

Како што видовме претходно, при извршување на целокупна проценка на ризикот на странката, нотарот треба да размисли да ги земе предвид соодветните варијабли на ризик (и олеснителните фактори) пред да одлучи да ја прифати странката. Нотарската проценка на ризикот што се врши поединечно за секоја странка ќе го диктира генералниот пристап кон идентификувањето на странката и нејзината проверка.

Нотарот ќе одлучи кои барања за темелна проверка се соодветни за секоја странка, врз основа на генералната проценка на ризик. Во барањата за темелна прверка се опфатени следниве:

### а. Редовни или стандардни мерки за темелна проверка

Стандардно ниво на темелна проверка обично се применува на сите странки. Стандардното ниво на темелна проверка ги содржи следниве елементи:

• **Идентификување на странката и проверка на нејзиниот идентитет преку веродостојни документи, податоци или информации од независен извор**. Како што видовме во поглавјето 2, нотарот **мора да чува** копии од сите документи добиени за да се исполни обврската за спроведување темелна анализа во времетраење како што е предвидено со интерните прописи (на пр. копија од евиденција на службени документи за идентификација, како: пасоши, лични карти, возачки дозволи или слични документи).

- **Основна идентификација**

· **За физички лица** основната идентификација и проверка на идентитетот на странките опфаќа добивање и евиденција на лични податоци, како целосно име и презиме, матичен број, адреса, датум и место на раѓање, место на живеење, и тие податоци се проверуваат од службени документи за идентификација како што се пасоши, лични карти, возачки дозволи или друга исправа издадена од државен орган на која што **има фотографија на нејзиниот носител.**

За да се спречат измами во користењето на документите, на пазарот постојат апликации или софтвер што може да ги скенира документите и да се утврди дали се лажни.

· **За правни лица** треба да се земат предвид следниве видови информации за да се изврши идентификацијата:

- **Име, правна форма и доказ за постоење** – проверката може да се направи преку увид во извод од трговскиот регистар, извод од тековна состојба, договор за партнерство или од каков било друг веродостоен документ од независен извор што го докажува името, правниот облик и тековната состојба на странката.
- **Документот со којшто се регулира и се обврзува правното лице** или одреден аранжман (на пр. статут на компанија), како и имињата на релевантните лица што имаат висока раководна позиција во правното лице или во аранжманот (на пр. високи раководни директори во компанијата, повереници на труст).
- **Адресата на регистрираното седиште** и доколку е различна, адресата на местото на претежна дејност.
- **Идентификација и проверка на идентитетот на лицето што дејствува во име на странката и што го прима полномошното**.

· **Проверка пред иницирање на деловниот однос на релевантните листи на финансиски санкции** (финансирање на тероризам и пролиферација на оружје), за да се потврди дека странката или финалниот корисник не се наоѓаат на тој список. Овие списоци се јав-

но достапни на веб-страницата на ООН, а постојат и лиценцирани компании што ги обезбедуваат ваквите листи.

• Идентификација на крајните корисници и преземање разумни мерки за да се утврди идентитетот на таквите лица, за нотарот за биде разумно задоволен, знаејќи кој е крајниот корисник преку следниве информации:

- За правни лица:

· Идентитетот на правното лице (доколку има таков, затоа што сопственичките интереси може да се диверсфицирани до тој степен да нема физички лица што дејствуваат самостојно или кумулативно при контрола врз правното лице или аранжман по пат на сопственост) кое има контролна сопственост и интерес во правното лице; и

· До степенот до којшто постои сомнение според (i.i) за тоа дали лицето со контролна сопственост претставува крајниот корисник, или дали физичкото лице ја врши контролата преку сопственички интерес, идентитетот на физичкото лице (доколку има такво) што врши контрола врз правното лице или аранжман на друг начин.

Во случај на поголем ризик, добра практика е да се побара документацијата за сопственичката структура или за контролната структура на правното лице за да се утврдат информациите што ги дала странката во врска со крајниот корисник, или да се пристапи до дата базата или до регистрите на крајните корисници доколку такви постојат во земјата.

• За правни аранжмани

- Трустови – идентитетот на основачот, повереникот, заштитникот (доколку има), корисниците или групи на корисници и други физички лица што вршат ефективна контрола врз трустот (вклучително и преку синџир на контрола/сопственост)

Други видови правни аранжмани – идентитетот на лицето во еквивалентна или во слична позиција.

ФАТФ овластува релевантните идентификациски податоци да се добиваат од јавен регистар, од странката или од други веродостојни извори, а нотарот мора да ги обезбеди на начинот утврден и дозволен со домашните прописи.

Генералното правило е дека странките мора да подлежат на целокупниот опсег на мерки за темелна проверка, вклучително и на барањето да се идентификува финалниот корисник. Целта на идентификувањето на финалниот корисник е да се определат физичките лица што вршат ефективно влијание или контрола врз одредена странка преку сопственост, права на глас или на друг начин. Нотарите треба

да ја земат предвид оваа цел при идентификацијата на финалниот корисник. Тие може да го применат пристапот заснован на ризик за да го определат степенот до којшто треба да го утврдат идентитетот на финалниот корисник во зависност од типот на странката, деловниот однос и трансакцијата, како и од други соодветни фактори.

Добивање информации за цели на трансакцијата и економската дејност што ја врши странката.

• Во некои земји се бара и утврдување на дејноста пријавена од страна на странката во случај на повисок ризик. За таа цел, како алтернатива на побарувањето на горенаведената документација од странката, во некои земји можно е да се пристапи и до дата базите на даночните власти и до базите на податоци на органите за вработување.

• Контрола на спроведената трансакција за да се гарантира дека трансакцијата е доследна со она што нотарот го знае за странката, нејзината дејност и профил на ризик, вклучително и изворот на средствата, по потреба.

### б. Зајакнати мерки за темелна проверка

Примената на зајакнати мерки за темелна проверка се бара за странки коишто може да се изречно наведени во локалните прописи, како и за оние странки определени од нотарот за кои се смета дека се од повисок ризик.

Овие зајакнати мерки подразбираат дека треба да се зајакне степенот и природата на следењето на деловниот однос, за да се определи дали потребната трансакција или услуга се чини невообичаена, или сомнителна.

Пример на зајакнати мерки за темелна проверка што може да се применат врз странки со повисок ризик се:

• Добивање дополнителни информации и документи за странката (на пр. обемот на средства, достапни информации во јавните дата бази на интернет итн.) и за крајниот корисник.

• Добивање дополнителни информации за природата на комерцијалниот однос.

• Добивање информации за изворот на средствата или за имотот на странката.

• Утврдување на идентитетот на финалниот корисник преку документи на идентификација.

### в. Поедноставени мерки за темелна проверка[5]

Примената на вообичаените или стандардни мерки за темелна проверка може да се намали откако ќе се земат предвид соодветните варијабли на ризик и во прифатени сценарија на понизок ризик, како што се оние признаени со меѓународните стандарди:

• Компании што котираат на берза (и подружници што се во нивна мнозинска сопственост). Иако не треба да се претпостави дека сите јавно котирани компании ќе се квалификуваат за поедноставена темелна проверка, соодветните нивоа на пазарно информирање ќе се сметаат за олеснителен фактор, како и географските ризик-фактори.

• Финансиските институции (домашни или странски) што подлежат на режимот на перење пари и финасирање на тероризам, што се доследни со препораките на ФАТФ.

• Владини органи и претпријатија во државна сопственост (освен оние што се санкционирани и во земји со висок ризик).

Редуцираната темелна анализа може да опфаќа само информации и документација за идентитетот на странката, да го идентификува и да го утврдува идентитетот на лицето што дејствува во име на странката и неговото полномошно и доволно информации да докажат дека странката ги исполнува објективните карактеристики за примена на овие мерки итн.

Поедноставените мерки за темелна проверка може да не се применуваат тогаш кога постои сомнение за перење пари и финансирање на тероризам или кога тие се применуваат во конкретни сценарија со повисок ризик.

Имајќи предвид дека поголемиот број земји во своите домашни прописи ги наведуваат категориите странки што може да подлежат на поедноставена мерка на темелна проверка, како и мерките што се применуваат во таквите случаи, на нотарот му се советува да ги применува мерките од својата држава.

## ВОДЕЊЕ ИЛИ ОДРЖУВАЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА

Меѓу обврските наведени погоре, нотарот мора да ја чува во времетраење определено со домашните прописи документацијата со којашто се формализира усогласеноста со обврските за темелна проверка, утврдени погоре.

Нотарите мора особено да ја чуваат следната документација, во слу-

[5] Во повеќето земји домашните прописи изречно ги утврдуваат категориите на странки за коишто може да се спроведе поедноставена темелна проверка.

чај на истрага или анализа на можни случаи на перење пари или финансирање на тероризам преку надлежните органи:

• Копија од бараните документи, согласно мерката за темелна анализа.

• Оригинал или копија со доказна вредност од документите или од евиденцијата којашто соодветно ги акредитира операциите и засегнатите учесници.

За таа цел, главниот дел од домашните прописи во земјите во врска со спречувањето перење пари и финансирање на тероризам, укажуваат дека како добра практика се смета доколку документацијата добиена при спроведување мерка на темелна проверка мора да се чува на оптички, магнетен или на електронски медиум, со што ќе се гарантира нејзиниот интегритет, правилното читање на податоците, неможноста да се манипулираат и нивното соодветно зачувување и лоцирање.

Како резултат на тоа, нотарот мора да ги обезбеди условите и форматот за евиденција што произлегуваат од домашните прописи.

Во секој случај, во отсуство на конкретни барања или формати, системот на зачувување на регулираните субјекти мора да обезбеди соодветно управување и расположливост на документацијата, како за цели на внатрешна контрола, така и за цели на навремено и формално исполнување на барањата од властите.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

Како што е наведено во поглавјето 2, нотарите мора да спроведуваат мерки за внатрешна контрола што подразбираат:

• Утврдување политика и процедури за спречување перење пари и финансирање на тероризам коишто ќе се применуваат во нотарските канцеларии, вклучително и соодветни скрининзи за да се осигураат високи стандарди при вработување нови лица.

• Развој и одржување на континуирана обука на вработените.

• Утврдување процедура за внатрешна проверка за да се тестира работата на системот.

Овие внатрешни контролни мерки, што ќе зависат од ризикот на перење пари и финансирање на тероризам што се идентификувани во самопроценката на ризик и од големината на нотарската организација, треба да опфатат:

• Соодветни системи за управување со ризик за да се утврди дали една потенцијална странка или краен корисник претставува лице со политичка изложеност или именувано лице и е ставено на некој кон-

кретен список за финансики санкции (поради финансирање и пролиферација на тероризам).

• Да дадат поголем фокус врз нотарските трансакции (на пр. услуги, странки и географски локации) што се поподложни на злоупотреба од страна на перачите на пари.

• Да обезбеди периодичен преглед на менаџерските процеси и проценката на ризик, имајќи го предвид опкружувањето во кое работи нотарот и дејноста на нивниот пазар.

• Да се спроведуваат политики, процедури и процеси за темелна проверка на странката врз основа на ризик.

• Да се именуваат лица на соодветно ниво што ќе се одговорни за управување со сообразноста со спречувањето на перење пари и финансирањето на тероризам.

• Да се обезбедува програмски континуитет и покрај промените во персоналната администрација, состав и структура.

• Фокус врз исполнувањето на сите регулаторни барања или друг вид барања, како и мерки спроведени за усогласување со мерките за спречување перење пари и финансирање на тероризам, како и да се обезбедат навремени новини како одговор на регулаторните промени.

• Да се обезбедат соодветни контроли за странки и услуги со повисок ризик, по потреба.

• Да се инкорпорираат мерките за спречување перење пари и финансирање на тероризам во релевантните описи на работно место и проценки на работата на соодветниот персонал.

• Да се обезбеди соодветна обука за целиот засегнат персонал.

Како што наведовме во воведот, меѓу земјите-членки постојат системи за спречување перење пари и финансирање на тероризам во нотарскиот систем, каде што проценката на секторскиот ризик и изработката на политика и процедури за спречување на перењето пари и финансирањето на тероризам и обуката на нотарите и на вработените во нотарските канцеларии, се одговорност на саморегулаторните тела, со што се гарантира хомогеноста и еднообразноста во барањата за спроведување на овие политики во нотарскиот сектор.

Оваа практика ја покажа својата ефективност на ниво на сообразност со обврските за спречување перење пари и финансирање на тероризам во секторот, па така се препорачува вклученост на високо ниво на саморегулаторните тела во овој поглед.

Така се препорачува саморегулаторните тела исто така да се вклучат и во развојот на плановите за обука на нотарскиот сектор, или пре-

ку обезбедување онлајн курсеви, или преку настава во училница, и да се воспостави систем за консултација за нотарите каде секој еден нотар ќе може да ги решава потенцијалните сомненија сообразно со обврските за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## ПРИЈАВУВАЊЕ СОМНИТЕЛНИ ТРАНСАКЦИИ

Како што наведовме погоре, оваа обврска подразбира дека доколку нотарот се сомнева или има разумна причина да се сомнева дека одредени средства резултираат од кривични дејства или се поврзани со финансирање на тероризам, тие за тоа мора навремено да го известат надлежниот орган утврден во домашната регулатива (Единицата за финансиско разузнавање).

Оваа обврска за пријавување се простира и врз спроведените трансакции и врз трансакциите во обид на странките.

Освен тоа, обврската за пријавување сомнителни трансакции, исто така, опфаќа и забрана да се информира странката или трето лице дека таква пријава или информација се дала до Единицата за финансиско разузнавање или до саморегулаторното тело.

Различни земји применуваат различен пристап за да ја исполнат оваа обврска во нотарскиот сектор. По пат на она што е дозволено со препораките на ФАТФ, постојат соодветни форми на соработка меѓу овие организации и надлежните тела, а во некои земји системот на спречување перење пари и финансирање на тероризам утврдува дека пријавата се врши до саморегулаторните тела за спречување перење пари и финансирање на тероризам (советите или нотарските комори), па таквото тело е одговорно да ја насочи информацијата до надлежниот орган, без да применува никакви филтри и само врз основа на анализата спроведена од нотарот.

Исто така, во други земји постои модел во кој преку идентификување на разните индикатори на ризик во дадена трансакција, нотарот мора да извести за трнсакцијата до посебна аналитичка единица, формирана во саморегулаторното тело, која се состои од професионалци со искуство во областа од спречување перење пари и финансирање на тероризам, за да може таквата единица да ја спроведе анализата на потенцијалната врска меѓу трансакцијата, перењето пари и финансирањето на тероризам, и да одлучи за потребата од нотифицирање на соодветниот надлежен орган.

Затоа, мора да се утврди систем на локално ниво за сообразност.

Во секој случај, нотарите треба да ги знаат барањата во нивниот

систем во врска со обврската за неоткривање и обврската да се воздржуваат од сомнителни трансакции, кои, можеби, вклучуваат кривично дејство. Доколку се спроведат ваквите обврски, нивното прекршување може да резултира со сериозни санкции. Кога со едно законско и регулаторно барање се бара пријавување на трансакциите кога се јавува сомнение, секогаш мора да се изработува извештај и, во околности на утврден ризик, сомнителните трансакции мора да се пријават.

Пријавите на сомнителни трансакции не се дел од проценката на ризикот, туку тие претставувваат реактивен механизам, или до саморегулаторното тело или до надлежниот орган откако е идентификувано сомнение за перење пари и финансирање на тероризам..

јануари 2018 година

Материјал од меѓународната унија на латински нотаријати

# Глава IV

# ИНФОРМАЦИИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ НОТАРИЈАТ

## Извештаи од службени патувања во странство

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ

Мадрид, Шпанија, 21-23 јуни 2018 година

Трета пленарна сесија на Комисијата за европски прашања (КАЕ) при УИНЛ – легислативата 2017-2019 година

CONSEJO GENERAL
DEL NOTARIADO

Unión Intrnacional del Notariado
Union Internationale du Notariat
International Union of Notaries

## CAE

**Comisión de Asuntos Europeos**
**Commission des Affaires Européennes**
**Europian Affairs Commission**

**MADRID 21 Y 22 DE JUNIO DE 2019**

Третата сесија на КАЕ се одржа на 21 и 22 јуни, а за првпат во нејзините рамки беше одржан и симпозиум „Медитерански денови“, кој почна на 22 јуни попладне, а заврши на 23 јуни.

ПЛЕНАРНА СЕСИЈА НА КАЕ – ПРВ ДЕН (21 ЈУНИ)

1. Пленарната сесија беше отворена со поздравно обраќање на претседателот на КАЕ, Франко САЛЕРНО КАРДИЉО, и поздравно обраќање на претседателот на шпанскиот нотаријат, Хозе Ангел МАРТИНЕЗ САНЧЕЗ.

2. Втора точка од дневниот ред беше разгледување и усвојување на записникот од седницата на КАЕ одржана во Будимпешта, во ноември 2017 година.

3. Информирање за активностите на УИНЛ преземени по завршувањето на последниот состанок во Будимпешта и беа презентирани следните извештаи:

а) Клучни точки за активностите на УИНЛ, претседател на УИНЛ, Хосе Маркено де Ллано;

б) Извештај за активностите во Европа, потпретседател, Сигрун Ербер-Фалер и

в) Извештај за активностите на Меѓународната комисија за соработка на нотаријатите (CCNI) на УИНЛ, Франц Леополд.



4. Последна точка од првиот ден беше одржувањето тркалезна маса, на која беа презентирани извештаи за состојбата на нотаријатите во земјите-членки на УИНЛ. Поточно, од секој присутен делегат беше презентиран претходно доставениот Извештај за состојбата во нотаријатите на нивните земји.

**Република Македонија**

Најзначајно за нотаријатот за периодот октомври 2017 - април 2018 година е почнатата постапка за донесување закон за измена и дополнување на Законот за нотаријатот донесен во 2016 година, а кој е во примена од 1 јануари 2017 година. Потребата од измена на Законот за нотаријатот беше наметната и со препораките од Планот 369, во кој се опфатени Итните реформски приоритети и Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022 година, па од страна на министерот за правда е формирана работна група за изработување предлог-текст на законот, составена од 16 членови и тоа: претставници на Министерството за правда, судии, нотари, адвокати, извршители и еминентни професори. Оваа работна група работеше активно во периодот од септември 2017 до февруари 2018 година и предложи предлог-текст на закон за измена и дополнување на Законот за нотаријатот, кој сè уште е во владина процедура. Позначајни новини во овој предлог-закон за измена и дополнување на Законот за нотаријатот се:

- Менување на постапката за именување нотар на тој начин што се враќа законското решение кое важеше и се применуваше до крајот на 2016 година, во согласност со одредбите од претходниот Закон за нотаријатот.

- Менување на одредбите за составување нотарски акт на начин што јасно се дефинира во кои случаи е задолжителен нотарскиот акт, и се воведува можноста нотарот да состави нотарски акт секогаш кога тоа ќе го побараат учесниците во постапката, во согласност со начелото на слободна диспозиција на странките.

- Менување на одредбите за потврдување (солемнизација) на приватни исправи на тој начин што се враќа старото законско решение и се брише задолжителното составување приватни исправи од страна на адвокат, задолжителното составување на договори за продажба и преддоговори за продажба во вредност над 10.000 евра од страна на адвокат.

- Се брише задолжителното составување на сите поднесоци од адвокат во постапка по нотарски платен налог.

- Менување на одредбите кои се однесуваат на замениците-нотари, помошниците-нотари, нотарските стручни соработници и на нотар-

ските приправници, на тој начин што се враќаат старите законски решенија.

- Менување на составот на првостепениот дисциплински орган, така што место член – јавен обвинител, се предвидува член – претставник од Министерството за правда. Исто така, се враќа надлежноста на Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, како второстепен дисциплински орган, за разлика од постојниот закон, кој ја укина второстепеноста и упатуваше на управен спор пред Управниот суд. Во голема мера се намалуваат и паричните казни изречени во дисциплинска постапка против нотар.

- Се брише задолжителното учество на адвокати во оставинска постапка пред нотар за секој од учесниците.

- Менување на начинот на полагање нотарски испит, на тој начин што се враќа законското решение од претходниот Закон за нотаријатот.

Во овој шестмесечен период донесена е одлука од страна на Уставниот суд на Република Македонија со која се укинува одредбата од постојниот Закон за нотаријатот за плаќање парична казна во износ од 3000 евра од секој именуван нотар кој нема да го положи испитот за проверка на знаењето.

Слични одредби за задолжитеност на адвокатски потпис и печат во одредени постапки пред извршител содржеше и Законот за извршување од 2016 година, за кои Уставниот суд на РМ донесе Одлука бр. 135/2016-0-1 од 24.1.2018 година, со која ги укинува членовите од Законот за извршување во делот на задолжителност на адвокатски потпис и печат во извршната постапка, бидејќи не се во согласност со Уставот и не наоѓаат уставна оправданост од аспект на принципот на еднаквост на граѓаните пред Уставот и пред законите, што не е случај и за поднесените иницијативи за оценување на уставноста на одредбите за задолжително учество на адвокатите во постапките пред нотар според Законот за нотаријатот, за кои Уставниот суд не поведе постапка за оценување на нивната уставност.

### Полска

Нема значајни новини;нотарот не е единствениот кој е надлежен за регистрација на фирми, изготвување електронски копии за Трговскиот регистар и за суд, и постојат напади од медиумите затоа што се уапсени тројца нотари.

### Португалија

Нема законски промени. Избран е нов претседател, нотарите немаат надлежност во Трговскиот регистар; изградиле нова платформа за дигитално поврзување.

**Србија**

Нов закон за хармонизација, односно нотарите се поврзуваат електронски со Катастарот. Одржани се обуки за регистрација на недвижен имот и исправите ги доставуваат до Катастарот во рок од 24 часа, кој, пак, донесува решение и го доставува до странката. Сѐ уште не се предвидени електронски нотарски акти во однос на уписите во Трговскиот регистар. Овластени се само за препис на потпис, и имат проблем со нотарската награда од која триесет % одат за судскиот буџет.

**Словачка**

Нема законски промени и нема директни напади на нотаријатот. На Уставен суд се оспорени некои од надлежностите на нотарите, немаат надлежност во Трговскиот регистар и немаат електронски нотарски акти.

**Словенија**

Во месец март 2018 година е донесен нов семеен закон, според кој, нотарите добиле нова надлежност за развод, ако нема деца или тие се полнолетни, и овој акт на нотарот се доставува за упис во матичните книги. Регистарот на брачни договори го води Нотарската комора.

**Андора**

Главните активности се насочени кон улогата на нотарите во борбата за спречување перење пари и доставување дигитални нотарски акти во регистрите.

**Белгија**

Главните активности се насочени кон изработувањето проекти и кон улогата на нотарот кога станува збор за институцијата брак. Белгиските нотари имаат ексклузивно право за продажба на недвижнини.

**Хрватска**

Главните активности се насочени кон улогата на нотарот во спречувањето перење пари; изработиле нов проект „е-нотар“, и, почнувајќи од 2018 година, нотарот веќе не е надлежен за регистрација на фирми.

Во останатите земји коишто не се споменати погоре, нема значајни законски промени во надлежностите на нотарите, односно состојбата во нивните нотаријати е стабилна.

Сесијата заврши во 19.30 часот.

## ПЛЕНАРНА СЕСИЈА НА КАЕ – ВТОР ДЕН (22 ЈУНИ)

Вториот ден на пленарната сесија беа презентирани следните извештаи:

- **Автентикација, легализација, сертификација (Тиери Вакон)**
- **Нотарите во Европа и дигиталните алатки (Карло Алберто МАРКОЗ)**

По оваа точка од дневниот ред беше презентирана студијата изготвена од добиените извештаи од сите земји-членки во однос на употребата на дигиталните алатки во нотарското работење.




**Турција**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални автентични акти, дигитални копии на акти, имаат онлајн пристап до регистрите за вршење упис и за увид, имаат електронски регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронскиот потпис го користат на автентични акти, на копии од акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци. Системот на електронски потпис е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење  упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Трговскиот регистар (за упис и за увид), до Регистарот на население (само за увид), до Регистарот на возила (за упис и за увид).

Тие се менаџирани од страна на нотаријатот и се водат регистри пропишани со закон, и волонтерски регистри креирани од нотаријатот, како на пример Регистарот на тестаменти.

**Велика Британија**

Нотарите не користат дигитални алатки во нивното работење, не користат електронски потпис, не постои законска можност да составуваат акти директно во електронска форма и не можат да доставуваат електронска копија од нивните акти.

Нотарите имаат директен онлајн-пристап во јавните регистри само заради увид. Нотарите имаат онлајн-пристап до Трговскиот регистар и до Катастарот.

Од страна на нотаријатот не се менаџирани и не се водат други регистри.

**Латвија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални автентични акти, дигитални копии на акти, имаат онлајн пристап до регистрите за вршење  упис и за увид, електронски регистри, менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти, на копии од акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање на надоместоци, со него се врши проверка на идентитетот на нотарот. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и не е управуван од нотаријатот.

Постои законска можност да составуваат акти во електронска форма, на кои нотарот се потпишува со електронски потпис. Електронските нотарски акти можат да бидат потпишани на далечина. Документот од дигиталниот акт го чуваат нотарите, а копијата од него се доставува на УСБ, по е-пошта и сл.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат он лајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (само за увид), до Регистарот на население (за упис и за увид), до Регистарот на возила (за увид) и до многу други. Во Регистарот на население доставуваат податоци за развод на брак.

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон и волонтерски регистри креирани од нотаријатот, како на пример Регистарот на тестаменти, Регистарот на полномоштва, Регистарот за развод на брак, Регистарот за наследство, Регистарот на лица со ограничена правна способност.

**Франција**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални автентични акти, онлајн-пристап до регистрите заради вршење упис и за увид, електронски регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање на надоместоци, со него се врши проверка на идентитетот на нотарот. Системот на електронски потпис е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Постои законска можност да составуваат акти во електронска форма. Електронски нотарски акти не можат да бидат потишани на оддаленост, туку странките мора да бидат на исто место со нотарот. Документот од дигиталниот акт го чуваат нотарите во клауд-платформа.

Нотарите имаат директен онлајн-пристап во јавните регистри само заради увид. Нотарите имаат онлајн-пристап до Катастарот (само за увид) и до Трговскиот регистар (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат волонтерски регистри креирани од нотаријатот, како на пример Регистарот на тестаменти.

**Грузија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: онлајн пристап до регистрите заради вршење упис и за увид, електронски регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Не користат електронски потпис во нивното работење.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (увид и упис), до Трговскиот регистар (увид и упис) и до Регистарот на население (за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат Регистар на сукцесии, Регистар на полномоштва, Регистар на резолуции, Регистар на задолжници.

**Унгарија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите за вршење упис и за увид до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти, на копии од акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање на надоместоци. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Постои законска можност да составуваат акти во електронска форма, но сè уште не функционира. Електронски нотарски акти не можат да бидат потишани на оддалеченост, туку странките мора да бидат со нотарот на исто место. Документите од дигиталните акти се чуваат во електронска нотарска архива, која ја води надворешна компанија но, за две години, тоа ќе биде работа на Нотарската комора.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид) и до Трговскиот регистар (за упис и за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистарот на тестаменти, Регистарот за брачни договори, Регистарот за хипотека на подвижни предмети, Регистарот на декларациии за партнерства.

**Република Чешка**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистри заради вршење упис и за увид, електронски регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти, на копии од акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци, со кој потпис се врши проверка на идентитетот на нотарот.

Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење  упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (за упис и за увид), до Регистарот на население (за увид) до Регистарот на возила (за увид) и др.

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон и волонтерски регистри креирани од нотаријатот, како на пример Регистарот на тестаменти, Регистарот на брачни договори.

**Белорусија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, онлајн пристап до регистри заради вршење  упис и за увид, електронски регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање  надоместоци. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење  упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (за упис и за увид) и до Регистарот на население (за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон и волонтерски регистри креирани од нотаријатот, како на пример Регистарот на нотарски депозит, Регистарот на нотарски акти и сл.

**Италија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите за вршење  упис, до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти, на копии од акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци. Системот на електронски потпис е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Постои законска можност да составуваат акти во електронска форма, кои се потпишуваат со електронски потпис или со графички потпис преку таблет. Електронските нотарски акти не можат да бидат потпишани на оддалеченост, туку странките мораат да бидат на исто место, заедно со нотарот. Документите од дигиталните акти се чуваат од страна на нотарите.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (за увид и за упис), Трговскиот регистар (за увид и за упис), Регистарот на население (само за увид), до Регистарот на возила (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат волонтерски регистри.

**Грција**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: онлајн пристап до регистрите за вршење упис, до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Не користат електронски потпис во нотарското работење.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Трговскиот регистар (за упис и за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон.

**Русија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис и електронски регистри, менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци.

Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Постои законска можност да составуваат акти во електронска форма кои, пак, се потпишуваат со електронски потпис. Електронските нотарски акти не можат да бидат потишани на оддалеченост, туку странките мораt да бидат на исто место, заедно со нотарот. Документите од дигиталните акти ги чуваат нотарите.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите немаат  директен онлајн пристап во јавните регистри.

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистар на тестаменти, Регистар на полномоштва, Регистар на нотарски акти, Регистар за наследување.

**Хрватска**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, онлајн пристап до регистрите за вршење  упис и за увид, до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на автентични акти. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Постои законска можност да составуваат акти во електронска форма. Електронските нотарски акти не можат да бидат потишани на оддалеченост, туку странките мораt да бидат на исто место заедно со нотарот. Документот од дигиталните акти го чуваат нотарите.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење  упис  и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (само за увид), до Регистарот на население (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистарот на тестаменти и Регистарот за задолжници.

**Украина**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, онлајн пристап до регистрите заради вршење упис и за увид, онлајн пристап до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат за пристап до јавните регистри. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот, туку од Министерство за правда.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (за упис и за увид), до Регистарот на население (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистарот на полномоштва.

**Бугарија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите заради увид, до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на копии од акти, на документи кои се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (само за увид), до Регистарот на возила и до Регистарот на население.

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон и волонтерски регистри, како на пример Регистарот на полномоштва.

**Литванија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите заради вршење упис и за увид.

Електронски потпис користат на копии од акти кои се доставува-

ат во јавните регистри. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (за упис и за увид), до Трговскиот регистар (само за увид), до Регистарот на возила (само за увид).

Од страна на нотаријатот не се менаџирани и не се водат други регистри.

**Португалија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис.

Системот на електронски потпис е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите немаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид и немаат регистри кои се менаџирани и водени од нотаријатот.

**Германија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите заради вршење увид, електронски Регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на копиите од актите, на документите коишто се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци. Системот на електронски потпис е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри зара-

ди вршење увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистарот на тестаменти.

**Србија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: онлајн пристап до регистрите за доставување податоци и за консултација, до електронските регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Не користат електронски потпис во нотарското работење.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите можат да доставуваат во јавните регистри исправи во писмена форма од сите нивни акти.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (само за увид), до Регистарот на население (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон и волонтерски регистри, како на пример Регистарот на тестаменти.

**Естонија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите заради вршење упис, електронските регистри се менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на копии од акти, на документи коишто се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри и до странките во договорот.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (за упис и за увид), до Трговскиот регистар (за упис и за увид), до Регистарот на население (за упис и за увид), до Регистарот на возила (за упис и заувид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистарот на апостили, Регистарот за наследство, Регистарот на брачни договори.

**Словенија**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: електронски потпис, дигитални копии на акти, онлајн пристап до регистрите заради вршење упис, електронски регистри менаџирани и управувани од нотаријатот.

Електронски потпис користат на документи коишто се доставуваат во јавните регистри и за плаќање надоместоци. Системот на електронски потпис не е директно менаџиран и управуван од нотаријатот.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење упис и за увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (за упис и за увид), до Трговскиот регистар (за упис и за увид), до Регистарот на население (само за увид).

Од страна на нотаријатот се менаџирани и се водат регистри пропишани со закон, како на пример Регистарот на тестаменти.

**Црна Гора**

Нотарите користат дигитални алатки во нивното работење и тоа: онлајн пристап до регистрите заради вршење упис и за увид.

Не користат електронски потпис во нотарското работење.

Не постои законска можност да составуваат акти во електронска форма.

Нотарите не можат да доставуваат дигитални копии од сите нивни акти во јавните регистри.

Нотарите имаат директен онлајн пристап во јавните регистри заради вршење увид. Нотарите имаат онлајн пристап до Катастарот (само за увид), до Трговскиот регистар (само за увид).

Од страна на нотаријатот не се менаџирани и не се водат други регистри.

- **земјишни права и нивно прилагодување (Козита ДЕЛВАКС и Јорг БУЧОЛЗ)**
- **извештај за компании (Ален ДЕЛИЕГЕ)**

По оваа точка, беше презентирана сублимација изготвена од добиените извештаи од земјите-членки во однос на улогата на нотарот при основањето на компаниите.

• **полномоштва (Едмонд Јакоби)**

По оваа точка, исто така беше презентирана сублимација изготвена од добиените Извештаи од земјите-членки.

• **студија за брачен режим и регистрирани партнерства, изготвена од САЕ - IRENE – CNUE**

• **меѓународната работна група за граѓанско право - обичајно право (Марк ГЕЛЕЈНС)**

На крајот од пленарната сесија беше даден Извештај за финансиското работење на КАЕ (благајник Сандро Штадлер) и беше утврден редоследот за следните средби на КАЕ и тоа:

- Виена, Австрија: 24 - 25 ноември 2018 година; и

- Лондон, Велика Британија: 5 - 6 април 2019 година.

Сесијата заврши во 13.30 часот.

По завршувањето на пленарната сесија на КАЕ, активностите продолжија на симпозиумот „Медитерански денови", кој започна на 22 јуни во 15.00 часот, а заврши на 23 јуни во 19.00 часот.

## СИМПОЗИУМ «МЕДИТЕРАНСКИ ДЕНОВИ»

На Симпозиумот беа разработени следните теми:

**1. ТЕМА: „Парови: слобода и разновидност (кохабитација, регистрирани партнерства, брак)", проф. Мари Горе, генерален известувач**

**2. ТЕМА: „Парови: семејство и бизнис (организација и управување со бизнис во рамките на парот и на семејството)", проф. Лоренцо Пратс Албентоса, генерален известувач**

По секоја од двете теми беше отворена дебата, прашања и одговори.

Потоа од страна на Маријана Папакиријако, нотар од Грција и заменик- претседател на КАЕ, беше дадена информација дека ќе се изработува и ќе се спроведува нова студија во соработка со CNUE и IRENE. Студијата ќе биде уредена и подготвена за следниот конгрес на нотарите во октомври 2019 година. Насловот на новата студија ќе биде: „Двојки во Европа - режим на сопственост", за што до секоја земја-членка на УИНЛ ќе биде доставен прашалник, кој треба да биде одговорен до ноември 2018 година.




Вториот ден од Симпозиумот се одржа тркалезна маса на тема: „Тешкотии поврзани со примената на Регулативата 650/2012 за сукцесија на ЕУ, особено меѓу северната и јужната страна на Медитеранот", нотар Синциа Брунели, генерален известувач. Она што може да се издвои значајно за македонскиот нотаријат, е остварената средба со Сигрун Ербер-Фалер, нотар во Германија и заменик-претседател на УИНЛ за Европа, која изрази подготвеност да помогне на македонскиот нотаријат по проценка што ќе ја определат надлежните органи на Нотарската комора, и понуди да достави писмени материјали за значењето на нотарските акти во превентивната правда, за што беше предложено тие материјали да се доставаат преку преставниците вклучени во Стратегијата за реформи на правосудниот сектор.

30 август 2018 година

Составил:
нотар м-р Марјан Коцевски,
делегат на КАЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК „ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ И ЈАВНИТЕ РЕГИСТРИ“

3 - 4 јули 2018 година
Сараево, Федерација Босна и Херцеговина

## ВОВЕД

Регионален состанок на тема „Електронско поврзување на нотарите и јавните регистри“ се одржа во Сараево, во организација на Германското друштво за интернационална соработка – ГИЗ, преку Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – правна реформа. Делегација составена од потпретседателката на Нотарската комора на РМ, нотар Олга Димовска, претставник од Министерството за правда, помошник-раководителот на Секторот за извршување, нотаријат и медијација, Владимир Јанковски, претставникот на ИТ-секторот и автор на софтверот „Нотариус“ за НКРМ, Божидар Аврамовски и претставникот на Нотарската комора на РМ, стручен соработник, м-р Анастазија Анастасовска, присуствуваа на состанокот. Присутни беа делегации од Република Србија, Република Црна Гора, Република Српска, Босна и Херцеговина, Република Албанија, од Република Косово, како и претставници на-Сојузната комора на Република Германија.




## 3 јули 2018 година

Состанокот беше отворен со поздравни говори од страна на г-ѓа Маргрет Гоелма, проект-менаџер од ГИЗ и од страна на д-р Ловро Томашиќ, нотар и претставник на Сојузната германска нотарска комо-

ра, кои истакнаа дека се задоволни и од присуството и од заинтересираноста која овој проект ја ужива кај сите комори. Полека, но сигурно, се гледа дека електронското поврзување на нотарите и јавните регистри не е само идеја туку и реална потреба за побрза, поевтина и поефикасна услуга. Проф. д-р Енес Бикиќ, во својство на модератор се заблагодари за поддршката која посебно Комората на Босна и Херцеговина ја добила во минатиот период од страна на Сојузната германска нотарска комора поради потребата од менување и надополнување на законските решенија, со цел да се овозможи користење на електронските технологии. Предлог-законските решенија за Федерацијата Босна и Херцеговина беа поделени до сите членови на состанокот, а истите беа подготвени и презентирани од страна на Сефаедин Суљевиќ, нотар, д-рЕнес Бикиќ и на д-р Ловро Томашиќ.

Во текот на презентацијата на членовите од законот се разви дискусија по однос на предлозите, а сѐ со цел подобрување и појаснување на конкретните законски решенија. Потпретседателката на НКРМ, нотар Олга Димовска, презентираше и дел од законските решенија од Р. Ма-



кедонија, кои ја овозможуваат и од коишто произлегува обврската за користење електронски технологии. Забелешки дадоа и претставниците на останатите комори кои веќе имаат искуство и закони со кои е регулирана оваа тематика.

Во прашањето за воведување новини во регионот, претставниците на Република Србија истакнаа дека во текот на изминатите денови по електронски пат се поврзале и со Катастарот на недвижности. Принципот на доставување на документите е ист како и во Македонија, но по примерот на Германија, нотарите ќе се заложат доставувањето во Катастарот да биде проследено со документ – терк, службена белешка од страна на нотарот во која нотарот потврдува дека таа електронска - дигитална копија е од предмет кој физички постои во канцеларијата на нотарот. Воедно беше истакнато дека освен концептот на електронски потписи, се разгледува и концептот за воведување електронски печат на нотарите. Со помош на владата на Р. Србија и нивниот електронски

правен систем (e-Justice) систем, кој функционира во рамките на Министерството за правда, се изведе заклучок дека во моментот, од коморите во регионот (иако млад во години) нотаријатот во Србија добил пристап до сите потребни јавни регистри. Адресните податоци за странките, податоците од книгите за матична евиденција, од нотарите во Србија се посочија како многу корисни и како евиденции до кои сите нотаријати би требало да имаат пристап.Следуваше презентација од страна на Бјанка Венгенмаер од Сојузната германска нотарска комора, која ги претстави законските решенија што го овозможуваат електронското работење на нотарите во Германија. Од избраните суштински прописи презентираше делови од Законот за нотаријатот во Германија во однос на електронскиот потпис, од Законот за трговски друштва, уписот во Централниот регистар, од Законот за катастар на недвижности, приемот на електронските документи во системот, обликот на електронските документи и членови од други суштински закони.

Презентацијата продолжи во однос на заштитата на лични податоци и пристапот во јавните регистри. Општата регулатива за заштита



на личните податоци на Европскиот парламент и Советот на Европската унија (ЕУ) 2016/679 е донесена на 27 април 2016 година со период на транзација од две години, односно во Европската унија започна да се применува веќе од 25 мај 2018 година, иако мерките за заштита се построго дефинирани, јасно се дава до знаење кој може да има пристап и конкретно до кои податоци. Од причина што нотарите се лица со јавни овластувања добиени од државата кои уживаат доверба од страна на регистрите и на граѓаните, се препорачува комората, при изработка на системите за електронско поврзување со регистрите да се стремат кон јасно дефинирање на привилегиите на одредени страни во однос на потребните информации.

Вториот работен ден беше резервиран за ИТ-експертот на Сојузната германска нотарска комора, д-р Ханс – Гунтер Гаул, кој имаше презентација во однос на системите и на решенијата кои се направени од страна на Германија, а на неговото излагање се приклучи и потпретсе-

дателот на Сојузната германска нотарска комора, г. Ричард Бок, кој истакна дека комората во Германија секојдневно работи за развивање на што е можно посигурен електронски систем, но никако не се стреми кон решение кое би можело да ја замени потребата странките фи-



зички да се појават во канцеларијата на нотарот и со тоа да се изгуби советодавната улога што ја има нотарот. Д-р Гаул објасни дека системот во Германија се развива со години, како и дека Сојузната герман-



ска нотарска комора во 2014 година се пријавила и добила тендер од државата за одржување на сите ИТ-решенија за правосудните органи. Со тоа се овозможило воспоставување електронско - правно и административно-поштенско сандаче (EGVP), кое се јавува како посредник во комуникацијата и овозможува сигурна достава на предмети меѓу сите негови корисници.

Од страна на присутните претставници на ИТ-секторот, се поставија повеќе прашања кои се однесуваа на сервери, cloud технологијата, степенот на заштита на базите на податоци, исплатливоста за набавка и за одржување хардвер за чување на базите на податоци или изнајмување на cloud простор, и други технички прашања.Присутните добија голем број информации, позначајни беа оние кои се однесуваа на SAFE - сигурна пријава на ентитетите (safe access to federated e justice) каде сите се пријавуваат во trusted домејн, дека секоја личност има улога и се вреднува според тоа, дека има улоги кои се доделуваат само на граѓани или на институција. Истакна дека на веб-страни-







цата www.notar.de може да се направи проверка кој какви привилегии има, кој е регистриран и кој може да влезе во системот. Најбитна е сигурната комуникација, која во Германија е обезбедена со користење виртуелна мрежа за комуникација преку Cisco рутери, кои се набавени од страна на нотарите во секоја канцеларија. Како и тоа дека постои веб-страница EIRV.info каде има податоци за тоа кога некоја страница не е во функција и дали се премостува до друг систем. Сојузната германска нотарска комора издава и електронски потписи- картички на нотарите, на замениците-нотари, а членарина на истата ѝ плаќаат и сите регионални комори.

Во завршниот дел, од страна на Нотарската комора на Албанија беше посочено дека иако има многу корисни информации кои произ-

легуваат од овие состаноци, би можело да се размисли за конкретно решение кое би користело за сите регионални комори. Воедно се потенцираше дека коморите во државите од регионот се помали комори од Сојузната германска нотарска комора, кои не располагаат со голем буџет за да можат да ги издржат финансиските трошоци за одржување самостоен ИТ-систем, како оној на Германија, за чиешто одржување се ангажирани повеќе од сто ИТ- инженери. Состанокот заврши со насока да се размисли за идејно решение кое би ги поврзало сите регионални комори без да има значителни дополнителни финансиски импликации, а би им користело на сите во иднина (апликација, веб-страница и сл.).

Скопје, јули 2018 година

**Олга Димовска,**
потпретседател на НКРМ, нотар с.р.

**Владимир Јанковски,**
помошник-раководител на Секторот за извршување, нотаријат и медијација во Министерство за правда на РМ с.р.

**Божидар Аврамовски,**
претставник на ИТ-секторот и автор на софтверот „Нотариус“ за НКРМ с.р.

**м-р Анастазија Анастасовска,**
стручен соработник во НКРМ с.р.

# ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАЛНИОТ РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК „ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ И ЈАВНИТЕ РЕГИСТРИ“

9-10 октомври 2018 година, Будва, Р. Црна Гора

## ВОВЕД

Финалниот регионален состанок на тема „Електронско поврзување на нотарите и јавните регистри се одржа во Будва, во организација на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), преку отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – правна реформа.

На овој состанок присуствуваше делегација предводена од потпретседателката на Нотарската комора на РМ, нотар г-ѓа Олга Димовска, претставник од Министерството за правда, државен советник за извршување, нотаријат и медијација, г-ѓа Радица Лазареска Геровска, претставник на ИТ-секторот и автор на софтверот „Нотариус“ за Нотарската комора на РМ, г. Божидар Аврамовски, и претставник од Нотарската комора на РМ, стручен соработник м-р Анастазија Анастасовска.

Со свои претставници беа застапени и Република Србија, Република Црна Гора, Република Српска, Босна и Херцеговина, Република Албанија, Република Косово, Република Хрватска, како и претставници на Сојузната федерална комора на Република Германија.



## 9 октомври 2018 година

Финалниот регионален состанок го отвори проф. д-р Енес Бикиќ, кој во својство на посредник (модератор) изрази благодарност до учесниците за нивното присуство, не само на овој состанок, туку и на претходните. Добре дојде и пријатна работа на присутните им посакаа и г-ѓа Маргарет Гоелма, проект-менаџер од ГИЗ, г. Ричард Бок, потпретседател на Сојузната германска нотарска комора и д-р Ловро Томашиќ, нотар и претставник на Сојузната германска нотарска комора. Во своите обраќања говорниците истакнаа дека се задоволни од резултатите што во текот на изминатата година и половина ги добиле од секој од учениците и дека на овој проект треба да се гледа како на можност и иницијатива за дополнителна работа и развој во поглед на дигитализацијата. Во овој работен ден следуваа и презентации на г-ѓа Ранкица Бенц, нотар од Р. Хрватска, кои се однесуваа на правната основа за електронска комуникација на нотарите со јавните регистри во Република Хрватска и д-р Ловро Томашиќ, кој говореше за амандманите кои би требале да се направат во законите за нотаријатот за да се добие добра правна основа за електронска комуникација. Преку примери од правна природа, секој учесник за својата земја накусо ги сподели решенијата во однос на издавање електронски сертификати, можноста за составување електронски исправи, како и начинот на доставување на електронските исправи. Во двете земји, во Р. Германија и во Р. Хрватска, постојат централизирани тела, кои служат како мост за електронска комуникација меѓу различни државни органи, регистри, судови, нотари. Постоењето на ова тело, според стручните лица (експертите) ја олеснува комуникацијата и ја зголемува безбедноста при пренесувањето податоци, а истите ги прави подостапни за понатамошно користење и за размена. Господинот Сефаедин Суљевиќ, нотар од БиХ, се заблагодари на Сојузната германска нотарска комора и на ГИЗ за помошта при изработу-



вање на амандманите кои се однесуваат на законите во Федерацијата Босна и Херцеговина, со цел да се започне со активна дигитализација во нотаријатот. Информираше дека изработиле текст на правилник, кој би овозможил електронска комуникација на нотарите со јавните регистри, а кој би ја модернизирал и би ја олеснил работата на нотарите.




Д-р Ловро Томашиќ истакна дека во моментов е актуелно прашањето за регулативата на ЕУ бр. 910/2014 за електронска идентификација и доверба за електронски трансакции на внатрешниот пазар („Регулатива eIDAS“). Како што истакна тој, оваа регулатива eIDAS ја поништува Директивата за електронски потписи 1999/93 / ЕС и создава сеопфатна правна рамка за услугите за електронска идентификација и автентикација, и има за цел да создаде систем на заемно признавање меѓу земјите-членки во однос на нивните национални системи за идентификација и, со тоа има за цел да ја зголеми довербата и ефективноста во рамките на европскиот внатрешен пазар за јавни и приватни прекугранични онлајн услуги и електронска трговија. Објасни дека Регулативата воспоставува правна рамка за обезбедување, со цел прекугранична идентификација, хармонизирано признавање на многубројните средства за електронска идентификација („eIDAS“) што ги користат земјите-членки за физички и за правни лица. Сепак, примарна цел е јавниот сектор, а земјите-членки имаат обврска само да ги препознаат оние „eIDAC“ кои се содржани во листата објавена од комисијата врз основа на известувањата на земјите-членки. На земјите-членки останува слободно да одлучат кои од нивните национални постојни средства за електронска идентификација сакаат да ги достават за да бидат дел од известувањето, а Регулативата ги утврдува ус-

ловите под кои останатите земји-членки мора да ги признаат тие средства за електронска идентификација. Освен тоа, земјите-членки мора да соработуваат едни со други за да обезбедат интероперабилност на повеќекратните национални шеми за електронска идентификација. Исто така, тој напомена дека регулативата се фокусира на услугите на доверба (електронска идентификација и потписи, односно eIDAS). Со оглед на тоа што Директивата за електронски потписи се занимаваше само со електронски потписи и има празнини во нејзината рамка, особено во однос на прашањата за прекугранична интероперабилност и за технолошкото ажурирање, новата регулатива eIDAS е многу поширока. Регулира широк спектар на доверливи услуги, како што се на пример електронските потписи, но, исто така, се регулираат електронските печати, електронското означување кое се однесува на на печатот за времето, услугата за електронско доставување, проверка на веб-страницата и сл. Рамката е заснована на реципрочната обврска на земјите-членки да ги признае таквите доверливи услуги доколку тие се засноваат на квалификуван сертификат издаден во една земја- членка.




Сојузната германска нотарска комора е на листата објавена од Комисијата и постојните средства за електронска идентификација кои се издаваат од ова тело се прифатени од страна на сите земји-членки. Д-р Томашиќ истакна дека сите комори, исто така, треба да настојуваат во процесот на дигитализација на нотаријатите да успеат да добијат високо ниво на професионалност во однос на средствата за електронска комуникација,со цел полесно усогласување на националното законодавство со параметрите пропишани со оваа регулатива.

Потоа следуваше куса презентација на ИТ-компаниите „Ланако“ и „Пинк“ од Федерацијата Босна и Херцеговина и нивните идејни решенија кои се однесуваат  на процесот на дигитализација во нотаријатот во земјата. Двете компании истакнаа дека имаат подготвено модел на софтверски решенија, кои би овозможиле електронско работење на нотарите. Сепак, предлог е процесот на дигитализација да започне со централно тело (како во примерите дадени во Р. Хрватка и во Р. Германија), кое тело би претставувало приклучна точка во која би се поврзувале јавните институции во државата за да нотарите потоа би можеле да црпат информации од сите регистри што им се потребни.

Од Сојузната германска нотарска комора исто така имаше куса презентација која се однесуваше на ИТ-достигнувањата на комората и на степенот на развиеност на системите со кои нотарските канцеларии се поврзани и работат. Повторно се дискутираше прашањето за електронско-правно и административно-поштенско сандаче (EGVP), кое се јавува како посредник во комуникацијата и овозможува сигурно доставување предмети меѓу сите негови корисници, како и системот SAFE - сигурна пријава на ентитетите (safe access to federated e justice). Кога се работи за информации од доверлива природа (какви што циркулираат во нотарските канцеларии) безбедноста на информациите е приоритет и Р. Германија секојдневно работи на креирање на што побезбедна и посигурна електронска комуникација.




На крајот на првиот работен ден, собирот го поздрави г. Ричард Бок, кој поради неодложни обврски не можеше да остане на затворањето на состанокот предвидено за наредниот дени тој изрази надеж дека сите комори од регионот и понатаму интензивно ќе продолжат со модернизација и напредување на полето на дигитализацијата. Потребата за физичкото присуство на странките пред нотар треба да биде и да остане главен приоритет, а електронската комуникација и поврзувањето на нотарите со јавните регистрии активното користење на дигиталните технологии, треба само да допринесат за скратување на времето што е потребно странките да го одвојат за постапките пред нотар.

Вториот работен ден на финалниот регионален состанок го отвори д-р Ловро Томашиќ, кој предложи да им се даде збор на претставни-

ците на коморите накратко да се обратат со свои заклучни согледби во однос на напредокот кој, секоја од коморите, благодарение на овој проект, го остварила. Во продолжение тој истакна дека иако проектот завршува со овој финален состанок, Сојузната германска нотарска комора е достапна во кое било време за совет или за каква било помош, како и дека се планира во иднина најмалку еднаш годишно да се одржува средба во Р. Германија, со цел да се следи напредокот на коморите од регионот во поглед на дигитализацијата.

Се обратија претставниците од сите присутни комори и сите имаа да презентираат позитивни искуства. Р. Албанија подготвува поврзување преку централно тело, кое ќе биде клучна точка за дигитализација на нотаријатот; Р. Косово напредува во идејни решенија; Р. Србија се издвојува во однос на краткото време во кое се постигна висок степен на дигитализација на нотаријатот, како и поврзување на нотарите со сите јавни регистри. Р. Црна Гора и Федерацијата Босна и Херцеговина сè уште немаат постигнато значителен напредок во полето на дигитализација, па од страна на д-р Томашиќ им беше предложена соработка во однос на развивање на софтвер, кој би се користел од страна на овие комори; ова беше предложено како идеја која би можела да се земе предвид.



Во однос на Р. Македонија, г-ѓа Олга Димовска, во име на Нотарската комора на РМ, се заблагодари за сите досегашни споделени искуства од страна на присутните, на Сојузната германска нотарска комора и на ГИЗ. Истакна дека степенот на дигитализација на нотаријатот во Р. Македонија е на високо ниво, но дека искуствата од земја како што е Р. Германија, посебно во однос на предметите кои се доставуваат во Катастарот и комуникацијата што тие институции ја остваруваат во однос на заштитата на правата на странките, е нешто кон кое треба да се стреми и Р. Македонија.

Проф. д-р Енес Бикиќ истакна дека е задоволен од промените кои се случуваат во сите земји во регионот и дека треба да се оди чекор

напред во согласност со новите технологии, но, сепак, да се внимава. Правната сигурност во дигиталната ера треба да биде приоритет и нотарите треба да се движат секогаш во тој правец.



За крај, г-ѓа Маргарет Гоелма, проект-менаџер од ГИЗ, ги замоли сите присутни да одговорат на краток прашалник, кој, во деновите што следуваат, ќе биде изработен од ГИЗ. Воедно го изрази своето задоволство во однос на успешноста на овој проект и позитивните промени коишто истиот ги поттикнал во коморите во регионот и изрази надеж дека сите ќе продолжат упорно и доследно во насока на модернизирање, но и на зачувување на темелните вредности на нотаријатот во дигиталниот свет.

Скопје, октомври 2018 година

**Олга Димовска,**
потпретседател на НКРМ, нотар с.р.

**Радица Лазареска Геровска**
државен советник за извршување,
нотаријат и медијација
при Министерство за правда на РМ с.р.

**Божидар Аврамовски,**
претставник на ИТ-секторот и
автор на софтверот „Нотариус“ за НКРМ с.р.

**м-р Анастазија Анастасовска,**
стручен соработник во НКРМ с.р.

# ИЗВЕШТАЈ ОД „СОВЕТ НА НОТАРИЈАТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, 25 ГОДИНИ ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЕВРОПА”

25 години CNUE / Генерално собрание на CNUE
5 - 6 ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

БРИСЕЛ, Р. БЕЛГИЈА, 5 ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА



По повод 25 години од постоењето на Советот на нотаријати на Европската унија (CNUE), во Европскиот парламент во зградата „Алтеро Спинели“, Брисел, Р. Белгија,се одржа свечена седница. Во оваа пригода говореа, г. Даниел Буда и г. Кристијан-Силвио Бусои, членови на Европскиот парламент, г-ѓа Тина Астола, генерален директор на Генералниот директорат за правда при Европската комисија, г. Стефан Лејенбергер, извршен секретар на Европската комисија за ефикасност на правдата при Советот на Европа, г. Хозе Марќењо де Лано, претседател на Меѓународната унија на нотарите, како и г. Мариус Кохлер, претседател на Советот на нотаријатите на Европската унија.

Тема на седницата беше „Советот на нотаријатите на Европската унија - 25 години во служба од областа на правдата, слободата и на безбедноста”, а меѓу присутните гости имаше и членови на Европскиот парламент, на Европската комисија, високи гости - делегати од Меѓународната унија на нотаријатите, како и делегации од 22 земји-членки



и четирите земји-набљудувачи на CNUE. Делегацијата на Нотарската комора на РМ ја претставуваа нотар г. Васил Кузманоски, претседател, и м-р Анастазија Анастасовска, стручен соработник.







Во своите обраќања говорниците го истакнаа задоволството од постоење тело какво што е CNUE и, генерално, за придобивките од постоењето на нотарската професија.



Г-ѓа Тина Астола истакна дека нотарите обезбедуваат стабилност на правниот поредок, нарекувајќи ги „чувари на правната сигурност“ како и тоа дека нотаријатот треба да се труди секогаш да остане стабилен и покрај предизвиците со кои се соочува професијата на европскиот фронт.

Господинот Мариус Келер потсети дека после 25 години постоење, CNUE сега е возрасна организација и може да се гордее со историја исполнета со многу многу достигнувања. Пред присутните во салата беше прикажан и видеофилм, кој се враќа во историјата на CNUE, а истиот може да се види на следнава врска: https://www.youtube.com/watch?v=N2OSBrhfpZA.





Господинот Даниел Буда истакна дека нотарите се овластени од страна на државата и тие се присутни секогаш кога постојат суштински, а понекогаш и уникатни моменти во животот на граѓаните, без оглед на тоа дали станува збор за семејни, имотни или за деловни односи.



Господинот Стефан Лејенбергер, во своето обраќање објасни дека е горд на довербата и на работниот однос што сега ја обединува неговата организација, Европската комисија за ефикасност на правдата и CNUE.

Господинот Хозе Марќењо де Лано го изрази своето задоволство од фактот дека CNUE и Меѓународната унија на нотарите чекорат заедно напред со заедничка цел за подобрување на нотаријатот за граѓаните.



Господинот Кристијан – Силвио Бусои спомена дека тој имал чест да работи со CNUE неколку пати во текот на изминатата деценија, и посочи дека без оглед дали станува збор за конгрес во Варшава или во Брисел, или за важната улога на нотарот во заштитата на потрошувачите, за Законот за трговски друштва, за Законот за наследување и се-





мејното право, секогаш му било јасно дека професијата е активен придонесувач во европското законодавство и политика во својата област на компетентност.

Редовното генерално собрание на Советот на нотаријати на Европскатаунија се одржа наредниот ден. На средбата секој од присутните имаше можност да даде краток извештај за новините кои се однесуваат на  нотаријатот. Од страна на делегацијата на НКРМ, беше изложена моменталната состојба со Законот за нотаријатот, како и потребата за измена на моменталното законско решение, а сè со цел да се доближиме до европскиот стандард.





Се дискутираше за повеќе теми од обласна на работењето на нотарите, а како клучни законодавно-правни и политички прашања беа издвоени: дигитализацијата и прекуграничната мобилност, разгледување на проектот „Јакнење на европските семејства“, дефинирањето автентични инструменти, како и други теми во согласност со европските политики. На седницата се направи и избор на нов претседател и потпретседател на CNUE.



За претседател на Советот на нотаријатите на Европската унија (CNUE) беше избран г. Пјер – Лук Фогел, француски нотар, а г. Георгиос Рускас, нотар во Атина и претседател на грчкиот нотаријат, беше избран за нов потпретседател. Господинот Пјер-Лук Фогел, наследникот на г. Мариус Келер, германски нотар, ќе ги преземе официјално своите должности во јануари 2019 година, кога пренесувањето на власта ќе се одржи во Париз. Новиот претседател на CNUE, г.-Пјер-Лук Фогел, по гласањето изјави дека ќе се бори за достоинството на нотарите во Европа и во светот, како и тоа дека „Европа што заштитува е Европа на којашто ѝ требаат нотарите".

Претседателот на НКРМ, г. Кузманоски, го искористи овој настан да оствари и куси средби со претседателите на нотарските комори на Р. Црна Гора, г. Бранислав Вукичевиќ, на Р. Словенија, г-ѓа Соња Краљ, на Р. Турција, г. Дурсун Чиннако, на кои се дискутираше за состојбата на нотаријатот, како и за можна идна заедничка соработка.

Скопје, декември 2018 година

Васил Кузманоски,
претседател на НКРМ, нотар с.р.

**м-р Анастазија Анастасовска,**
стручен соработник во НКРМ с.р.

Asamblea de Presidentes de UINL
Assembly of Presidents od UINL
Assemblée des Présidents de l’UINL

# И З В Е Ш Т А Ј

## 15-16 јуни 2019 година, Мадрид, Шпанија

# UINL EXTRAORDINARY GENERAL MEETING MADRID, SPAIN-15-16 JUNE 2019

Во периодот од 15 до 16 јуни 2019 година во Мадрид, Шпанија, се одржа вондредно собрание на нотаријатите-членки на Меѓународната унија на латински нотаријати (УИНЛ). На ова собрание во Мадрид, како претставници на Нотарската комора на Република С. Македонија присуствуваа претседателот на Нотарската комора на Република С. Македонија, нотар Васил Кузманоски, и членот на Управниот одбор на Нотарската комора на Република С. Македонија, нотар Сашо Ѓурчиноски.




Состанокот се одржа во седиштето на шпанскиот нотаријат во Мадрид и притоа се работеше по следниов дневен ред:

1. Испитување на правната состојба на унијата;

2. Презентација на предлозите и дебата за поднесените предлози;

3. Усвојување на суштинските одлуки што имаат најширок можен опсег, вклучувајќи, доколку е потребно, измена на Статутот.

Состанокот го отвори претседателот на Меѓународната унија на латински нотаријати - Хозе Марќењо де Лано, кој во еден подолг говор се осврна на правниот статус на унијата.

Тој истакна дека на последниот генерален состанок на нотаријатите-членки, кој се одржа во Буенос Аирес, кога ја презел функцијата претседател на унијата, се нашол во непозната ситуација. Од регистрација на Статутот на унијата во регистарот на Буенос Аирес и доделување статус правно лице, во согласност со аргентинскиот закон, не-

мало документ за регистрација во овој регистар и законските обврски во однос на фискалните прашања не биле исполнети во аргентинската администрација. Истакна дека сето тоа значи дека унијата, во согласност со законодавството на земјата е внесена во Регистарот на неактивни субјекти, со сите последици што ги повлекува тоа. Соочени со оваа ситуација и по неколку процени, истакна дека е формиран технички комитет, со кој претседавал претседателот Феслер, и во неговиот состав се и советниците Д'Алесиио и Гомеза Вила, со поддршка на секретарот и на благајникот на унијата, при што оваа комисија ја завршила својата работа преку подготовка на соодветните извештаи што се однесувале на проблемите за кои првично се чинело дека може да бидат чисто административна работа, но кои можат да имаат поголемо влијание. Претседателот Хозе Марќењо де Лано истакна дека ова дело било испитано од страна на канцеларијата на Управниот одбор, а неодамна и од страна на Управниот одбор, на пленарна сесија што се одржала во Рим на 22 февруари 2019 година. Дебатата била интензивна и продуктивна и траела речиси цел ден, од 9.00 часот наутро до 19.00 часот навечер, при што им се заблагодари на советниците за односот и за одговорноста со која се осврнале на прашањето.

Истакна дека општото чувство било дека треба да бидеме свесни за големината на проблемот, кој е надвор од надлежноста на Управниот одбор и на комитетот, а за кој треба да се донесе одлука од страна на врховниот орган на унијата, на вонредна седница на собранието, по сослушување на генералниот совет, бидејќи секоја донесена одлука би можела да влијае на сегашната статус кво на унијата. Во рамките на Управниот одбор било договорено да се подготват предлози и да бидат доставени до собранието пред да се одржи, со цел да се олесни работа.

Понатаму, во врска со првата точка од дневниот ред, претседателот на Меѓународната унија на латински нотаријати - Хозе Марќењо де Лано, истакна дека унијата е непрофитно граѓанско здружение создадено во согласност со аргентинскиот закон и претставува правен субјект, чиишто членови и службени лица немаат лична одговорност. Унијата не презема некои значајни активности во Аргентина, каде што е присутна, но без никакви средства. Бидејќи ги нема исполнето своите должности, таа е префрлена во Регистарот за неактивни субјекти (РЕИ), без притоа да го изгуби статусот на правен субјект. Може да биде реактивирана доколку се исполнат определени услови. Што се однесува до друштвата и здруженијата, Аргентина ја следи теоријата за инкорпорација.

Седиштето на Меѓународната унија на латинските нотаријати е во Рим. Административниот секретаријат беше основан тука во 1992 го-

дина со резолуција донесена од Трајниот совет во 1991 година и со ратификацијата на општиот состанок на членовите–нотаријати во 1992 година. Административниот секретаријат се смета за центар на активностите на унијата. Што се однесува до персоналот на секретаријатот, унијата ги почитува италијанските закони и се однесува во согласност со законите и со условите што се однесуваат на даноци, социјално осигурување и на вработување. Гледано од аспект на оданочувањето, унијата се смета за странско непрофитно правно лице. За секојдневни трансакции, ја користи својата сметка во италијанска банка.

Што се однесува до друштвата и до здруженијата, Италија ја следи теоријата за инкорпорација, но тука важи италијанскиот закон за здруженија, доколку „седиштето се наоѓа во Италија или главната активност се спроведува во Италија“. Ова значи дека италијанскиот закон е важечки за унијата. Бидејќи не е регистрирана во Италија, се смета за здружение што „не е признаено како правен субјект“ и тие што дејствуваат во име и за сметка на здружението имаат лична и заедничка одговорност. Со јавен акт и регистрација во Италија, здружението може да стане полноправно правно лице со ограничена одговорност. Средствата на унијата се наоѓаат на сметките и на депозитите во Banque Cantonale Neuchâteloise (Швајцарија).

Што се однесува на законот што е важечки за унијата, постои „конфликт на закони“, кој во отсуство на интернационални или билатерални конвенции води до добро познати проблеми како:

- Различни и дури контрадикторни одговори

- Постоење различни судови што се надлежни (судир на позитивна или негативна надлежност)

- Различни давачки по форма или содржина (регистри, сметководства, ослободување од даноци и слично)

- Ризик од „форум шопинг“ на штета на унијата.

Како можни опции ги образложи следниве:

## ОДРЖУВАЊЕ STATUS QUO:

а) Статутот и подзаконските акти остануваат неизменети, како и активностите и сметките во Швајцарија;

б) „Конфликтот на законите“ не е решен.

в) Во согласност со италијанскиот закон, тие што дејствуваат во име и за сметка на унијата ќе бидат лично одговорни.

г) „Мораториумот“ на аргентинските власти не може да се гарантира во иднина, можно е да има казни и санкции.

## РЕАКТИВИРАЊЕ НА УНИЈАТА ВО АРГЕНТИНА:

а) Процедура во согласност со одлуките 4/2014 и 6/2015 од 28 април 2015 година на ИГЈ:

аа) Уредно потпишани и заведени обрасци во кои се наведени седиштата и последните службени лица, со потписи заверени од нотар.

бб) Поднесување биланс на состојба, сметки и профит и загуба за години што не се изоставени (пет години), создадени во согласност со аргентинските правила, вклучувајќи ги и сметководните книги на секретаријатот, одобрени од овластено стручно лице (30.000 американски долари, плус 21 процент ДДВ);

вв) Поднесување биланс на состојба, сметки и профит и загуба за секоја наредна година изработени во согласност со аргентинските правила, вклучувајќи ги и сметководните книги на секретаријатот, одобрени од овластено стручно лице (6.000 американски долари, плус 21 процент ДДВ годишно); оттука следува декларација за имот, вклучувајќи ги и средствата во странство.

гг) Поднесување други документи што ИГЈ може да ги побарува;

дд) Испитување документи поднесени од ИГЈ што се однесуваат на минати недостатоци, особено сметководни книги, заклетви, годишни даночни долгови и сите други давачки што можат да бидат основани во иднина.

ѓѓ) Должина на постапката.

б) Можни инспекции од страна на ИГЈ за проверка на активностите на здружението и дали постои канцеларијата.

в) Даноци и други можни санкции поради минати неисполнувања.

г) Претходни информации (агенда, буџет и слично) испратени до ИГЈ, кои се однесуваат на општите состаноци, информации за резултатите; претходно одобрение од ИГЈ за одржување општи состаноци надвор од Буенос Аирес.

д) Амандманите на Статутот мора да бидат поднесени за одобрение од ИГЈ; ќе стапат во сила само по регистрацијата. Службените лица што се квалификувани како „политички изложени лица"треба да положат заклетва.

ѓ) Постапка за ослободување од данок;

е) Фокусирање на главните активности во Аргентина и последователен трансфер на административниот секретаријат во Аргентина;

ж) Полагање заклетва за исплата на средства над определена вред-

ност; опасност од рестрикции на слободното циркулирање на капиталот (борба против перење пари и финансирање тероризам - блокирање средства, присилна конверзија).

з) „Конфликтот на законите“ ќе биде избегнат.

## УНИЈАТА КАКО ПРАВЕН СУБЈЕКТ ВО ИТАЛИЈА:

а) Прва можност:

Признавање на унијата од Министерството за надворешни работи (Palazzo Farnesina) како странска организација;

Нотарски акт што ги содржи Статутот и имињата на службените лица;

Регистрација во регистарот на правни лица (непрофитни организации).

Иако унијата ќе продолжи да биде здружение предводено во согласност со аргентинскиот закон, ќе биде „признаено“ во Италија како правно лице со ограничена одговорност.

„Конфликтот на законите“ нема да биде решен бидејќи унијата сè уште ќе работи во согласност со аргентинскиот закон, без да биде повторно активирана, земајќи ги предвид последиците наведени погоре. Само со нејзина реактивација во Аргентина би се избегнал „конфликтот на законите“ бидејќи тогаш унијата нема да ја извршува својата главна активност во Италија и нејзината канцеларија во Рим би била само подружница, а не административна канцеларија.

б) Втора можност:

Одлуката на трајниот совет од 1991 година да се постави административен секретаријат во Рим и нејзиното одобрување на општиот состанок на членовите-нотаријати во 1992 година подразбираше канцеларијата на унијата да биде во Италија. Текстот на Статутот подоцна депониран во Аргентина, во 1994 година, не споменува фиктивна канцеларија во Буенос Аирес.

Всушност, унијата веќе има една правно соодветна канцеларија. За унијата да биде признаена, потребно е да постои нотарски акт и да има натамошна регистрација.

Во овој случај не постои „конфликтот на законите“ бидејќи аргентинскиот закон е неприменлив.

в) Трета можност:

Создавање нов ентитет, формиран само од унијата. Во овој случај, само друштво со еден член или фондација може да биде земено предвид бидејќи за да се создаде здружение се потребни повеќе членови.

Друштво што се занимава со бизнис по природа подлежи на трговскиот закон, но има можност да се признае и неговата јавна корист. Фондацијата би се регулирала со правила така што јавните власти би можеле да имаат влијание.

Како втора хипотеза, националните нотаријати можат да основаат приватно правно здружение како „нова унија“ така што би избегнале лична одговорност и ќе бидат ослободени од данок. Тие што нема да бидат дел од ова здружение би можеле да се приклучат во иднина. За судбината на „старата унија“ ќе треба да се дискутира.

г) Четврта можност:

Трансфер на правната канцеларија од Буенос Аирес во Рим во согласност со правилата за прекугранична трансформација.

д) Кај сите хипотези е можно да има ослободување од данок (по автоматизам или со барање)

ѓ) Кај сите хипотези, слободната циркулација на капиталот - плаќања и промет - е осигурена со правилата на Европската унија (не вклучувајќи трансакции до и од земјите за кои има рестрикции).

Во врска со втората точка од дневниот ред „Презентација на предло-




зите и дебата за поднесените предлози“, претседателот на Меѓународната унија на латински нотаријати - Хозе Марќењо де Лано кажа дека покрај постојните предлози, во меѓувреме се поднесени и нови предлози од нотарските комори на Аргентина, Колумбија, Шпанија и на Италија така што, истакна дека во моментов има вкупно десет предлози и заедно со секретарот ги образложи сите десет предлози.

Во врска со третата точка од дневниот ред „Усвојување на суштинските одлуки, кои имаат најширок можен опсег, вклучувајќи, доколку е потребно, измена на Статутот“, се премина на гласање и со големо мнозинство гласови се прифати предлогот номиниран како предлог број четири на седницата, што подразбира седиштето да остане во Буенос Аирес со седиште на секретаријатот во Рим, со тоа што Нотарската

комора на Аргентина се обврзува да ја заврши правната регистрација во Аргентина и да ги плати сите евентуални давачки кон државата.




Исто така, во рамки на вондредното собрание на нотаријатите-членки на Меѓународната унија на латинските нотаријати, претставниците на Нотарската комора на Република С. Македонија оствариja средба со претседателот на Меѓународната унија на латински нотаријати, господин Хозе Марќењо де Лано, при што разговараа за моментната правна ситуација во унијата, како и за состојбата на нотаријатот во нашата држава.

Беше остварена средба и со потпретседателот на Германската нотарска комора, господин Ричард Бок, при што произлезе иницијатива за склучување договор за соработка меѓу Нотарската комора на РСМ и Германската нотарска комора во Берлин со учество на Министерството за правда и на амбасадата во Берлин.

Воедно беа остварени средби и со претседателите на нотарските комори на Србија, Црна Гора и на Хрватска, при што се разговараше за натамошна соработка меѓу нотарските комори, а од претседателката на Нотарската комора на Хрватска беа презентирани повеќе новини и искуства за електронското водење на уписниците.

Јули, 2019 година

Подносители:
Нотар Васил Кузманоски с.р.
Нотар Сашо Ѓурчиноски с.р.

# Глава V

# ОДЛУКИ ОД СОБРАНИЕ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ

Согласно член 11 став (2) од Закон за нотаријатот ( Службен весник на РМ бр.72/16, 142/16 и 223/18) и член 7 од Деловникот за работа на Собранието на Нотарската комора на РМ и неговите измени и дополнувања, по пат на јавно гласање Собранието на Нотарската комора на РМ на ден 9.2.2019 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. За член на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора на РМ по предлог на Судскиот совет на Република Македонија се избира членот г-ѓа Виолета Богојеска.

2. За член на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора на РМ по предлог на Академија за судии и јавни обвинители, „Павел Шатев“ се избира проф д-р Наташа Габер Дамјановска.

3. За член на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора на РМ по предлог на Правниот факултет „Јустинијан Први“ се избира проф. д-р Татјана Зороска Камиловска.

4. Мандатот на членовите на Комисија за спроведување на Конкурс за именување на нотари трае 3 години и почнува да тече од денот на изборот.

5. Одлуката влегува во сила веднаш со нејзиното донесување.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА НКРМ
Претседател
Весна Стојчева с.р.

Врз основа на резултатите од спроведените Избори за членови на Комисија за спроведување на конкурс за именување на нотари, Претседателот на Изборната комисија на ден 9.2.2019 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ КОНКУРС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА НОТАРИ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора на РМ од редот на нотарите се избираат

- Нотар Соња Божинкочева - од апелационо подрачје Штип
- Нотар Вирѓинија Баута– од апелационо подрачје Битола

2. Мандатот на избраните членови на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора на Република Македонија трае три години од денот на изборот.

3. Членовите на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на нотари на Нотарската комора на Република Македонија своите права и обврски ќе ги остваруваат во согласност со Уставот на РМ, законските прописи, подзаконските акти, Статутот на Нотарската комора и актите на Комората.

4. Одлуката влегува во сила веднаш со нејзиното донесување.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА НКРМ
Претседател
Весна Стојчева с.р.

# Глава VI

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ВО 2019 ГОДИНА

Управниот одбор на Нотарската комора на РМ врз основа на член 131 став (1) точка н) и член 122 од Законот за нотаријатот и член 28 од Статутот на НКРМ, на седницата одржана на ден 10.5.2019 година, донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН

## НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РМ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

1. Во текот на 2019 година Нотарската Комора ќе изврши надзор над работењето на 56 нотари, во кој ќе бидат опфатени нотари од сите четири апелациони подрачја, вклучувајќи ги и нотарите над кои беше предвидено да се изврши надзор во 2017 и 2018 година, но истиот не е спроведен.

Надзорот ќе го опфати периодот од 2018 година и тековната 2019 година.

2. Списокот на нотари над чија работа во 2019 година ќе биде извршен надзор, се утврдува по изготвен список кој е прилог на овој план, како и распоред на вршење надзор од страна на член на Управниот одбор.

Комисиите ќе работат согласно Правилникот за вршење надзор над работењето и обврските на нотарите и критериумите за постапување при вршењето на надзор над работењето и обврските на нотарите во Република Македонија.

3. На крајот на 2019 година, доколку се утврди потреба Управниот одбор ќе подготви преглед информација за резултатите од спроведениот надзор над работењето на определените нотари, заради согледување на потребата од натамошно стручно оспособување на нотарите.

4. Составен дел од овој план се :

- Список на нотари над чија работа ќе се врши надзор во 2019 г.;

- Распоред и список на овластени лица за вршење надзор;

УПРАВЕН ОДБОР НА НКРМ
Претседател
Васил Кузманоски с.р.

# СПИСОК НА НОТАРИ

## ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВЕН ОДБОР ВО 2019 ГОДИНА

1. Нотар МАЈЛИНДА АЈДАРИ – Скопје
2. Нотар АГРОН АРСЛАНИ – Скопје
3. Нотар ЕЛИЗАБЕТА АРСОВСКА - Скопје
4. Нотар МАТИЛДА БАБИЌ – Скопје
5. Нотар МЕРИ ВЕСОВА – Скопје
6. Нотар СНЕЖАНА ВИДОВСКА – Скопје
7. Нотар ОЛГА ДИМОВСКА – Скопје
8. Нотар ВЕСНА ДОНЧЕВА – Скопје
9. Нотар НАСЕР ЗИБЕРИ – Скопје
10. Нотар ИРФАН ЈОНУЗОВСКИ - Скопје
11. Нотар ЛАЗАР КОЗАРОВСКИ - Скопје
12. Нотар КРИСТИНА КОСТОВСКА - Скопје
13. Нотар СТЕЛА ЛАЗАРЕВСКА - Скопје
14. Нотар ДРИТА ЛИМАНИ Скопје
15. Нотар ЕМИЛИЈА МАНОЛЕВА - Скопје
16. Нотар ЉУБИЦА СТЕФКОВА НАЧЕВСКА - Скопје
17. Нотар АНИДА ЦЕЦЕВА – Велес
18. Нотар ГОЦЕ ЃУРАКОВСКИ – Велес
19. Нотар АНТОНИО ЈАНЧЕВ – Гевгелија
20. Нотар НАДА ПРОЧКОВА - Гевгелија
21. Нотар МАРГАРИТА ВАНГЕЛОВА - Гевгелија
22. Нотар ЕЏЕВИТ АЛИЈИ – Куманово
23. Нотар ДАНИЕЛ ЖИВАЧКИ - Куманово
24. Нотар СУЗАН ЛИМАНИ - Куманово
25. Нотар ДРАГАН ГЕОРГИЕВ - Куманово

26. Нотар ЗАРИЈА АПОСТОЛОВА - Неготино
27. Нотар ВИОЛЕТА АНГЕЛОВСКА - Битола
28. Нотар МАРИНЧО ВЕЛЈАНОСКИ- Битола
29. Нотар САШКА ЈАНЧЕВСКА ДАМЈАНОВСКА - Битола
30. Нотар НИКОЛИНА ЈАКИМОСКА - Битола
31. Нотар ВЕСЕЛИНКА Д.КРСТЕВСКА - Битола
32. Нотар СТАНКА ГОРИЧАН - Охрид
33. Нотар ГОРДАНА ДЕСКОСКА - Охрид
34. Нотар МОМАНА ИВАНОСКА - Охрид
35. Нотар БОГЕ ДАМЕСКИ - Прилеп
36. Нотар НАТАША ВЕЛЕСКА – Прилеп
37. Нотар НАТАЛИ АЦЕСКА – Прилеп
38. Нотар ТАТЈАНА АДАМОСКА КОНЕСКА - Прилеп
39. Нотар ВИРЃИНИЈА БАУТА - Струга
40. Нотар АНИТА К.КРСТЕВСКА – Струга
41. Нотар БЕСА КАДРИУ - Струга
42. Нотар АФРДИТА БИЛАЛИ - Струга
43. Нотар МЕНЧЕ ЗЛАТКОВСКА- Кочани
44. Нотар ВЛАДИМИР ИВАНОВ -Кочани
45. Нотар СВЕТЛАНА КИТАНОВСКА - Кочани
46. Нотар СЛАВЧО АЛЕКСОВ - Виница
47. Нотар АЛЕКСАНДАР ГУЊОВСКИ - Штип
48. Нотар МАРИЈА БАРЗОВА - Штип
49. Нотар СОЊА КАТРАНЏИСКА КИМОВА - Штип
50. Нотар ВЕСНА ВАСИЛЕВСКА - Гостивар
51. Нотар ЈАКУП ДЕМИРИ- Гостивар
52. Нотар ИСА АЈДИНИ - Кичево
53. Нотар СНЕЖАНА Ѓ.ВИДОЕСКА - Тетово
54. Нотар ВЕСНА МАСЛОВАРИЌ КОСТОВСКА- Тетово
55. Нотар ЛИРИМ АБДИЛИ - Тетово
56. Нотар ДРАГИЦА ЗЛАТЕВСКА- Гостивар

Врз основа на член 146 став (7) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 120/18) и член 160 став (4) од Законот за нотаријатот (Службен весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Комисијата на Нотарската комора на РМ за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, на седницата одржана на ден 26 јануари 2019 година, донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за 2019 година за вршење надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на нотарите

1. Во текот на 2019 година Комисијата ќе врши надзор над примената на одредбите од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на следниот начин:

а) Комисијата ќе врши ad hok надзор по сопствена иницијатива, врз основа на претставки на странки, на нотари и други службени лица, ако тие содржат основано укажување дека е извршена сомнителна трансакција.

б) систематско вршење надзор од аспект на спречување на перење пари, Комисијата ќе го врши на тој начин што ќе бидат формирани 5 (пет) подкомисии составени од по 2 (два) члена на оваа Комисија, кои во текот на 2019 година непосредно ќе извршат надзор над работењето на 50 (педесет) нотари, и тоа 25 (дваесет и пет) нотари ќе бидат опфатени во првото полугодие и 25 (дваесет и пет) нотари во второто полугодие.

Надзорот во 2019 година ќе се изврши според следната класификација на нотарите по градови:

- 14 нотари од подрачјето на Град Скопје,
- 4 нотари од Куманово,
- 2 нотари од Крива Паланка,
- 3 нотари од Битола,
- 1 нотар од Крушево,
- 4 нотари од Охрид,

- 5 нотари од Штип,
- 3 нотари од Струмица,
- 4 нотари од Гостивар,
- 3 нотари од Прилеп,
- 2 нотари од Струга,
- 2 нотари од Кичево и
- 3 нотари од Тетово.

При вршење на надзорите главно вниманието ќе биде насочено кон:

- извршување на должностите од член 54 ставовите (1), (3) и (6) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за доставување на податоци за сомнителни трансакции до Управата за финансиско разузнавање;

- извршување на должностите од член 53 став (1) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за доставување на собраните податоци од извршените трансакции во вредност од 15.000 евра или повеќе до Управата за финансиско разузнавање, на крајот на денот во електронска форма;

- применување на индикаторите за анализа на ризикот и за препознавање на сомнителните трансакции;

- спроведување процедура на анализа на клиентот во согласност со член 12 од законот,

- вршење проценка на ризикот врз основа на интерната процедура за анализа на ризик која е составен дел на програмата и врз основа на индикаторите изготвени од Управата,

- вршење идентификација на клиентите и потврдување на нивниот идентитет и идентификација и потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик во согласност со членовите 15, 16, 17 и 18 од законот,

- задржување копија во хартиена и/или електронска форма од документот за идентификација на физички и правни лица во согласност со член 16 став (5) од законот,

- чување на копии од документите со кои го потврдува идентитетот на клиентот, ополномоштувачот или вистинскиот сопственик, копии за спроведените процедури за анализа на клиентот или вистинскиот сопственик, копии за реализираните трансакции или трансакциите во обид, клиентските досиеја и деловната коресподенција најмалку 10 (десет) години во согласност со член 51 од законот,

- задржување доказ дека плаќањето со готовина во износ од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност од 1 јануари 2019 година, а од 1 јуни 2019 година во износ од 500 евра или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги во согласност со член 48 и член 182 од законот,

- изготвување на Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со член 11 и член 175 став (3) од законот и примена на одредбите од Програмата,

- вршење внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во согласност со член 58 од законот,

- вршење обука на вработените во согласност со член 11 став (1) алинеја 12 и член 57 став (12) од законот и

- именување на овластено лице и негов заменик во согласност со член 57 став (1) од законот и известување до Управата во согласност со член 57 став (13) од законот.

Притоа, во записниците од извршените надзори задолжително ќе се утврдува наод и мислење во врска со обврската на нотарите за спречување на перење пари и во зависност од наодите, Комисијата ќе презема соодветни мерки согласно законот, и за истото ќе ја извести Управата за финансиско разузнавање.

2 Комисијата задолжително ќе изврши контрола над работењето на нотар по образложено барање на Управата за финансиско разузнавање и ќе ја извести за резултатите од извршената контрола.

3. Комисијата редовно а најмалку еднаш годишно ќе го извести Управниот одбор и Собранието на Нотарската комора за примената на законот и Програмата за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на нотарите, врз основа на извршениот надзор и наодите во врска со спречувањето на перење пари.

4. Комисијата ќе го извести Претседателот на Комората, Управниот одбор и Дисциплинскиот совет доколку утврди дека постои основано сомнение за сторено кривично дело или прекршок на перење пари од страна на нотар или негов соработник.

5. Комисијата ќе ја усогласува и координира својата работа со Упра-

вата за финансиско разузнавање во врска со спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и други казниви дела.

Составен дел на овој Годишен план е и Список на нотари на кои треба да се изврши надзор над работењето во 2019 година во делот на примена на одредбите од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

НОТАРСКА КОМОРА НА РМ
Комисија за вршење надзор над примената
на Законот за спречување на перење
пари и финансирање на теоризам

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Нотар Мери Весова с.р.

# СПИСОК НА НОТАРИ

## НА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗВРШИ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО ВО 2019 ГОДИНА ВО ДЕЛОТ НА ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

### 1. Апелација Скопје

- АНА БРАШНАРСКА – Скопје
- НЕВЕНКА ЗОЈЧЕВСКА ВУЧИДОЛОВА – Скопје
- ВЕСНА ДОНЧЕВА – Скопје
- МАХИР ЗИБЕРИ – Скопје
- ДРАГАН ИВАНОВ – Скопје
- НЕРЏИВАН ИДРИЗИ – Скопје
- САШО КЛИСАРОСКИ – Скопје
- КАТЕРИНА МИТРЕВСКА – Скопје
- АНАСТАСИЈА ПЕТРЕСКА – Скопје
- БИЛЈАНА ПЕЦОВСКА – Скопје
- СЛОБОДАН ПОПОВСКИ – Скопје
- ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА – Скопје
- ВИОЛЕТА ПЕТРОВСКА СТЕФАНОВСКА – Скопје
- ЗАФИР ХАЏИ – ЗАФИРОВ – Скопје
- БОГДАНКА ДЕЈАНОВСКА – Крива Паланка
- ВЕСНА МИТРОВСКА – Крива Паланка
- АРБАНА ДЕСТАНИ АДЕМИ – Куманово
- МАРТИН БОЖИНОВСКИ – Куманово
- СУЗАН ЛИМАНИ – Куманово
- АРТАН РАХОВИЦА - Куманово

### 2. Апелација Битола

- МАРИНЧО ВЕЛЈАНОВСКИ – Битола
- ГОРАН ДИМАНОВСКИ – Битола
- ЕЛЕОНОРА ПАПАЗОВА – Битола

- НАДА ПЕТРЕСКА АНГЕЛЕСКА - Крушево
- НАТАЛИ АЦЕСКА – Прилеп
- ТАТЈАНА АДАМОСКА КОНЕСКА – Прилеп
- ТРАЈКО МАРКОСКИ - Прилеп
- ГОРДАНА ДЕСКОСКА – Охрид
- МОМАНА ИВАНОСКА – Охрид
- ТАНА ТОПАЛОСКА – Охрид
- ЕДМОНД ШАЗИМАНИ - Охрид
- БЕСА КАДРИУ – Струга
- АНИТА КИПАРИЗОВСКА КРСТЕВСКА - Струга

3. Апелација Штип

- СОЊА БОЖИНКОЧЕВА – Струмица
- СТЕВИЦА ЈАНЕВА – Струмица
- ДАНЧЕ ШЕРИМОВА – Струмица
- ВЕСНА ВЕСЕЛИНОВСКА - Штип
- ЛИДИЈА ИЛИЕВСКА– Штип
- ИСКРА КИРОВСКА – Штип
- ЛИДИЈА РИБАРЕВА – Штип
- ЛИДИЈА СИМОНОВА ТРАЈЧЕВА - Штип

4. Апелација Гостивар

- ФАТИМЕ ДУРМИШИ – Тетово
- НИТА ЏАФЕРИ ИСЕНИ - Тетово
- ВЕСНА МАСЛОВАРИЌ КОСТОВСКА – Тетово
- ИСА АЈДИНИ – Кичево
- ЕЛИЦА КОРУНОСКА БОГЕСКИ - Кичево
- ФИЛИП ТРИФУНОВСКИ – Гостивар
- ЈАКУП ДЕМИРИ – Гостивар
- БАШКИМ ЕЛЕЗИ – Гостивар
- ВЈОЛЦА МЕХМЕДИ - Гостивар

# Глава VII

# ЈАВНИ ОПОМЕНИ

**ДП бр. 1/17**

Во согласност со член 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16 и 142/16) и член 38 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка а врз основа на конечната одлука на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Македонија ДП бр. 1/17 од 12.7.2018 година, Претседателот на Нотарската комора на Република Македонија, ја објавува следнава дисциплинска мерка

## ЈАВНА ОПОМЕНА

Нотарот **З. Ј.** именуван за подрачјето на Основниот суд во В. **СЕ ПРЕДУПРЕДУВА** во иднина да не ја повтори дисциплинската повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршењето на нотарската служба наплатените судски такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најдоцна наредниот работен ден, туку тоа го прави по истекот на рокот предвиден во член 51 Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради која му е изречена дисциплинска мерка - **ЈАВНА ОПОМЕНА** со конечната одлука на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Македонија ДП Бр. 1/17 од 12.7.2018 год.

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Васил Кузманоски с.р.

**ДП бр. 4/18**

Во согласност со член 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16 и 142/16) и член 38 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка а врз основа на конечната одлука на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Македонија ДП бр. 4/ 18 од 28.9.2018 година, Претседателот на Нотарската комора на Република Македоинија, ја објавува следнава дисциплинска мерка

## ЈАВНА ОПОМЕНА

Нотарот **С. Д.** именуван за подрачјето на Основниот суд во Г. **СЕ ПРЕДУПРЕДУВА** во иднина да не ја повтори дисциплинската повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при составување на нотарските исправи кога учесник е правно лице, не наведува дали неговиот субјективитет го утврдува врз основа на увид во надлежниот регистар на денот на составувањето на нотарската исправа или со извод издаден од надлежен регистар, за што не приложува ни доказ во списите на предметот, што не е во согласност со членот 57 став (3) од Законот за нотаријатот поради која му е изречена дисциплинска мерка - **ЈАВНА ОПОМЕНА** со конечната одлука на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Македонија ДП Бр. 4/18 од 28.9.2018 год.

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Васил Кузманоски с.р.

**ДП бр. 5/18**

